# ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**




АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ЕДИНЕЧЕН
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
# **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2024

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2024

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# СОДРЖИНА

**АЛКАЛОИД во 2024** ........ **6**
**Организациска Структура** ........ **8**
**Корпоративно управување** ........ **10**
Собрание на акционери ........ 12
Надзорен одбор ........ 13
Внатрешна ревизија ........ 17
Надворешна ревизија ........ 18
Управен одбор ........ 19
Управување со ризици и бизнис-континуитет ........ 25
Деловна етика ........ 30
Заштита на личните податоци ........ 31
Портфолио и правна интелектуална сопстеност ........ 32
**Акционерство** ........ **35**
**Интегриран менаџмент - систем и квалитет** ........ **36**
Квалитет ........ 36
Безбедност и здравје при работа ........ 37
Животна средина ........ 38
**Бизнис-опкружување и иден развој** ........ **40**
Фармација ........ 40
Хемија, козметика, билка ........ 43
Снабдување ........ 44
Транспорт ........ 45
Сервис ........ 45
Инвестиции ........ 46
Вложувања ........ 50
Иновации ........ 51
Човечки ресурси ........ 52
**Одржлив развој** ........ **57**
**Единечен финансиски извештај за работењето** ........ **59**
Клучни финансиски показатели ........ 59
Селектирани финансиски показатели ........ 59
Општи податоци ........ 60
Управување со финансиски ризик ........ 60
Инвестиции ........ 62
Дивиденда ........ 62
Финансирање – кредити ........ 62
Големи зделки ........ 63
Односи со поврзаните субјекти ........ 63
Акционерски капитал ........ 66
Надоместоци на раководството ........ 67
Приходи ........ 67
Расходи ........ 71

# АЛКАЛОИД во 2024

**227,7 милиони ЕУР**
приходи од продажби и
**27,7 милиони ЕУР**
нето-добивка

**10 % раст**
на единечените продажби

Инвестиции во основни средства во износ од **21,8 милиони ЕУР**

АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше **ново друштво во Казахстан**

Нов погон за производство на цврсти фармацевтски форми **Таблетно одделение 2.0** во вредност од **19,4 милиони ЕУР**

Нова производствена линија за производство и за пакување влажни марамчиња, во вредност од **1,7 милиони евра**

**За првпат во историјата АЛКАЛОИД разви течна форма на лекот Омепразол** и го доби првиот интернационален патент за лек со додадена вредност **(Value Added Medicine – VAM)**


АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
НАДЗОРЕН ОДБОР
СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
УПРАВЕН ОДБОР
Корпоративен секретар
Офицер за управување со ризик и континуитет во работењето
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Офицер за корпоративна усогласеност
Офицер за заштита на лични податоци
КОРПОРАТИВНИ СЛУЖБИ
ФИНАНСИИ
Финансии и сметководство
Акционерство, имотни прашања
Бизнис планирање, контрола и известување
ЛОГИСТИКА
Снабдување
Транспорт
Магацини
Инвестиции
Сервис
КОРПОРАТИВНА ПРАВНА СЛУЖБА
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ
ОПШТИ РАБОТИ
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
КАДРОВСКИ РАБОТИ
МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ
ПЦ ХЕМИЈА КОЗМЕТИКА БИЛКА
ХЕМИЈА
КОЗМЕТИКА
БИЛКА
Погон Хемија
Продажби Хемија
Погон Козметика
Продажби Производи за широка потрошувачка
Погон Билка
Планирање на производство ХКБ

# 2024 ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ



# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална компанија, која во своето секојдневно работење цврсто и континуирано ги почитува и ги применува своите основни вредности, кои се темелат врз највисоките етички норми и стандарди. Една од основните и клучни вредности и принципи на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје е доброто корпоративно управување.

Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје ги усвои Политиката за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица, Политиката за заштита и за унапредување на човековите права, Политиката за модерно ропство, како и Политиката за недискриминација, промовирање различност, еднакви можности и за инклузија, со кои како компанија се етаблираме во редот на модерните компании кои ги почитуваат човековите права како фундаментална вредност, а воедно и се грижат за здравјето и за квалитетот на животот на вработените, на потрошувачите на производите, на нивните семејства и на човештвото во целина. Во насока на примена на заложбата за транспарентност, сите нови усвоени политики беа поставени на веб-страницата на компанијата, со намера за целосно информирање на сите засегнати страни за нашите заложби и ангажмани за развој на принципите на добро корпоративно управување.

Како награда за работењето во 2024 година, АЛКАЛОИД АД Скопје ги доби престижните награди за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2024 година по избор на медиумите, Најтранспарентно котирано акционерско друштво по избор на пазарните учесници, Акција на годината врз основа на резултатите од гласовите на пошироката јавност од заедничката анкета на Македонската берза и на порталот „Фактор“ и наградата за Добри ESG-практики доделена од Македонската берза во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е друштво организирано според двостепен систем на управување. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управиот одбор има најшироки овластувања во управувањето со компанијата, додека, пак, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Процесот на управување во АЛКАЛОИД е целосно во согласност со законите во Република Северна Македонија, како и со домашните и со меѓународните добри практики.**

Во текот на 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје продолжи да ја демонстрира заложбата за воспоставување одржлив синџир на снабдување, во чии рамки континуирано ќе се бара примена на еколошките и на социјалните стандарди, како и на стандардите и принципите за добро корпоративно управување од нашите сегашни и идни добавувачи, како и од нивните партнери и соработници. Во таа смисла, на крајот на 2024 година беа спроведени обуки за вработените во врска со примената на Кодот за однесување на добавувачите.

Сите напори и секојдневното вредно работење на АЛКАЛОИД АД Скопје за примена на стандардите за добро корпоративно управување се признати и валоризирани, како од стручната така и од пошироката македонска јавност. „Македонска берза" АД Скопје, традиционално, на крајот на календарската година доделува годишни награди во повеќе категории, сакајќи да им даде јавно признание на најпрепознатливите и најактивни учесници и други субјекти кои се директно или индиректно поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Како награда за работењето во 2024 година, АЛКАЛОИД АД Скопје ги доби престижните награди за Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2024 година по избор на медиумите, Најтранспарентно котирано акционерско друштво по избор на пазарните учесници, Акција на годината врз основа на резултатите од гласовите на пошироката јавност од заедничката анкета на Македонската берза и на порталот „Фактор" и наградата за Добри ESG-практики доделена од Македонската берза во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија.

**Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје е сочинет од членови од кои 33% се жени, а Управниот одбор, е сочинет со членови од кои 20% се жени. Составот на членовите на Надзорниот и Управниот одбор нема да подлежи на промени до истекот на мандатот на членовите. Органите на друштвото континуирано вршат анализи и истражувања со цел детерминирање на соодветни кандидати за членови на Надзорниот и Управниот одбор. Континуирано се посветува внимание и работи на преземање мерки за да се обезбеди соодветна застапеност на жените во органите на управување. Друштвото ќе продолжи со залагањата и активностите со цел поголема застапеност на жените во органите на управување во следните мандати.**

# Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас. На собранието на акционери се носат суштинските одлуки за компанијата, во согласност со закон и тука акционерите ги остваруваат своите права во друштвото.

Управниот одбор свикува годишно собрание на акционери најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, но не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите, а материјалите за собранието се достапни за акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Во согласност со финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година, годишното собрание на акционери ќе се одржи во првата седмица од април 2025. Јавниот повик, како и материјалите за годишното собрание на акционери ќе бидат објавени на системот СЕИ-НЕТ на „Македонска берза“ и на официјалната интернет-страница на АЛКАЛОИД АД Скопје во рубриката „За инвеститорите“.

# Надзорен одбор

Во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и со Статутот на друштвото, Надзорниот одбор врши надзор врз работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје од 1998 година, кога е и за првпат воспоставен.

Членовите на Надзорниот одбор се состануваат на годишно ниво, со цел да ги разгледаат предлог-одлуките изготвени од Управниот одбор во поглед на работењето на друштвото за тековната година и да произнесат свој став дали тие треба да се усвојат или да се одбијат од Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Состав на Надзорниот одбор:



**ПРОФ. Д-Р МИОДРАГ МИЦАЈКОВ**

**Претседател на Надзорниот одбор**

Доктор по право, професор и поранешен декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’“ во Скопје. Претседател на Одборот од 1998 година.



**БОЈАНЧО КРАЛЕВСКИ**

**Член на Надзорниот одбор**

Дипломиран инженер по хемија. Член на Одборот од 1998 година.



**ЛИДИЈА СОФРЕВСКА-АНДОНОВА**

**Член на Надзорниот одбор**

Магистер по економски науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Член на Одборот од 2023 година.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор над управувањето со Друштвото, кое го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Во текот на 2024 година Надзорниот одбор ги одржуваше своите седници во полн состав: претседател проф. д-р Миодраг Мицајков, и членови Лидија Софревска-Андонова, независен член, и Бојанчо Кралевски. Надзорниот одбор одржа 11 (единаесет) седници и донесе 37 (триесет и седум) одлуки.
На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со Законот за трговските друштва.

На одржаните седници посебен акцент се стави врз разгледувањето на неревидираните единечни финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и на периодичните финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2024 година, 1.1. – 30.6.2024 година и 1.1 – 30.9.2024 година, и тоа по сите структури: биланс на успехот, биланс на состојбата, известување за паричниот тек и известување за промените во капиталот.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледувањето на неревидираните единечни финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи, на покана од претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа и претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, за подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единечни финансиски извештаи и неревидирани консолидирани финансиски извештаи за да може Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

Претседателот на Управниот одбор, во согласност со своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, а според принципот на добро корпоративно управување се водеа отворени дискусии во однос на материјалите по точките од дневниот ред, како и во однос на сите значајни прашања од делот на работењето на Друштвото.

Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањата на претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и на раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор има донесено одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото, како и неревидираниот единечен и неревидираниот консолидиран биланс на успех на Друштвото.

Надзорниот одбор, исто така, изврши редовен увид во управувањето со Друштвото, кое го врши Управниот одбор, и го разгледа годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната година (единичен и консолидиран), при што се констатира дека работењето на Друштвото, како и водењето на работењето со него е успешно извршено, што е видливо од остварените позитивни финансиски резултати на Друштвото во текот на претходната година.

Надзорниот одбор ги разгледа доставените заклучоци од оцената за работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на претходната година и констатира дека големината, составот и функционирањето на Управниот одбор овозможуваат ефектност и ефикасност на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која ја имаше со претседателот и со членовите на Управниот одбор во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на Друштвото и со Законот за трговските друштва, со цел градење заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на Друштвото за 2024 година.

Во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор усвои предлог-текст на следните општи акти на Друштвото и го достави до Управниот одбор за нивно донесување:

- Политика за недискриминација, промовирање на различноста, еднакви можности и за инклузија
- Политика за заштита и за унапредување на човековите права на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика за модерно ропство
- Политика за забрана на злоупотребата на детскиот труд и младите лица
- Политика за наследување
- Политика за одржливи набавки.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и во документацијата со која располага Друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, на состојбата со имотот и на хартиите од вредност, а по нивната проверка констатира дека и во тој дел работењето на Друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

Во согласност со позитивните законски одредби од Законот за трговските друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Статутот и со другите внатрешни акти на Друштвото, Надзорниот одбор донесе одлука со која се потврдува профилот на Надзорниот одбор. Имено, профилот ги содржи минималните услови кои треба да ги исполнуваат членовите на Надзорниот одбор од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што ги поседуваат членовите поединечно и заедно за успешно извршување на нивните функции.

Исто така, Надзорниот одбор го разгледа бизнис-планот на Друштвото за 2025 година, во кој се содржани: план за продажбите, планиран биланс на успехот по функција, план за трошоците по видови, план за работната рака, план за капиталните издатоци, планиран биланс на состојбата и планиран паричен тек.

Надзорниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во Друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварувањето на заедничките цели на Друштвото.

Бизнис-планот за 2025 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за Друштвото во моментот на изготвување на планот.

Надзорниот одбор, во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото, како независна организациска единица на Друштвото, во кој се претставени активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2024 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оцена дека полугодишниот извештај за 2024 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, во кој се опфатени описот на извршените ревизии за работењето на Друштвото, оценатa на соодветноста и на ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

Во согласност со годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година, од Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор, исто така, се доставени и квартални извештаи за периодите јануари – март, април – јуни и јули – септември 2024 година, во кои се наведени активностите кои ги има извршено Службата за внатрешна ревизија во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на Службата за внатрешна ревизија се во насока на натамошно подобрување на ефикасноста во работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организациските делови предмет на тестирањето и тие се во целост прифатени.

Надзорниот одбор, по разгледувањето на кварталните извештаи од Службата за внатрешна ревизија, донесе одлуки за нивно усвојување.

Во согласност со чл. 415б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година и донесе одлука со која тој се одобрува.

Во годишниот план за работа се наведени предметот на ревизијата, со опис на содржината на планираната ревизија во одделните области, и распоредот на контролите во текот на 2025 година, со планираното времетраење за спроведување на контролите.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, со што го одобри горенаведениот извештај и го приложи до Собранието на акционери.

Работењето на Надзорниот одбор во текот на 2024 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска берза, Статутот и другите внатрешни акти на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија претставува независна организациска единица (служба) организирана од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вршењето внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва и на усвоената Повелба за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Внатрешната ревизија му помага на АЛКАЛОИД АД Скопје да ги оствари своите цели преку користење систематски, дисциплиниран пристап за процена и за подобрување на ефективноста во управувањето со ризици, како и на контролите и на процесите на раководење. Основната цел е зголемување и заштита на вредноста на АЛКАЛОИД АД Скопје преку обезбедување објективни (базирани на ризици) и доверливи ревизорски, консултантски и аналитички услуги.

Службата за внатрешна ревизија цели да биде додадена вредност за АЛКАЛОИД АД Скопје и препознаена како еден од носителите на корпоративната култура и на компаниските вредности, односно ценет партнер и доверлив советник на заинтересираните страни (Надзорниот одбор, Управниот одбор, високиот менаџмент, акционерите). Во нејзини рамки се ангажирани стручни професионалци, соодветно обучени и сертифицирани за извршување ревизорски активности, кои редовно ги исполнуваат барањата за континуирано професионално усовршување.

Своите активности Внатрешната ревизија ги извршува во согласност со стратешкиот и со годишниот план, кои се изготвени врз основа на најзначајните ризици, а се одобрени од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2024 година за сите извршени активности беа изготвени и доставени одделни детални извештаи, квартални извештаи (доставени до генералниот директор и до Надзорниот одбор), како и годишен и полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија, кои се предмет на одобрување од Управниот и од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со планот за 2024 година, беа спроведени 21 ревизорски и консултантски ангажман, и тоа во следниве области: производство, продажби, кредити, корпоративно управување, заштита на лични податоци, клучни индикатори за успех, ESG-известување и др. Покрај овие области, ангажмани за внатрешна ревизија, преку директни посети, беа спроведени и во друштвата на АЛКАЛОИД АД Скопје во странство. За сите спроведени активности во посебни детални извештаи беа претставени утврдените недостатоци и предложените подобрувања.

Раководителот на Службата за внатрешна ревизија има редовна комуникација со Надзорниот одбор и учествува на сите негови состаноци на кои се разгледуваат информации поврзани со работата на Внатрешна ревизија.

# Надворешна ревизија

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Друштвото детално ги уредува сите прашања поврзани со надворешната ревизија, особено критериумите за утврдување и за одржување на независноста и на објективноста на надворешниот ревизор, постапката за избор и критериумите при изборот, планот за работа, фреквенцијата и начинот на известување од надворешниот ревизор, како и други прашања од интерес за ангажманот и за активностите на надворешниот ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност во годината додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години.

Доколку други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор извршуваат друга работа за друштвото и за друштвата поврзани со него, која не претставува ревизија, друштвото мора да обезбеди системи за зачувување на независноста и на објективноста на ревизорот.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери. Овластениот ревизор го избира Собранието на акционери пред истекот на деловната година за која што се врши ревизија. Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Управниот одбор ги доставува извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансискиот извештај и предлог-одлуката за распределба на добивката до Надзорниот одбор заради нивна проверка.

Надзорниот одбор е должен да ги провери годишните сметки, финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на Надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на Надзорниот одбор.

Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 1.4.2024 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година го назначи ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

# Управен одбор

**Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето на Друштвото, односно во вршењето на сите работи врзани со водењето и со тековните активности на Друштвото, па дејствува во сите околности во име на Друштвото во рамките на предметот на работењето.**

**Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор управува со Друштвото и, во тие рамки, го води работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје на сопствена одговорност.**

**Состав на Управниот одбор:**



**ЖИВКО МУКАЕТОВ**

**Претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје**

По струка е дипломиран машински инженер. Магистрирал на Chartered Institute of Marketing во Лондон, Велика Британија. Член е на Управниот одбор од 2004 година, а за претседател на Управниот одбор е назначен во 2007 година. Одговорен е за севкупното работење на Групацијата АЛКАЛОИД.



**ВИКТОР СТОЈЧЕВСКИ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Финансии**

Дипломиран економист. Член на Одборот од јануари 2013 година. Одговорен е за финансиските операции на компанијата.



**ОЛИВЕРА ПАНЕВА**

**Член на Управниот одбор и одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.**

Дипломиран доктор по медицина. Постдипломски студии по фармаковигиланца на University of Hertfordshire, Hatfield, Велика Британија. Член е на Одборот од април 2023 година.
Одговорна за обезбедување квалитет и за интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД на корпоративно ниво.



**ЃОРЃИ ЈОВАНОВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Акционерство и имотни прашања на компанијата.**

Дипломиран економист.
Член на Одборот од 2006 година.
Одговорен е за акционерството и за имотните прашања.



**ЌИРЕ ИЦЕВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на Службата за општи работи.**

Дипломиран машински инженер на Машинскиот факултет. Член на Одборот од 2007 година.
Одговорен е за целокупното работење на Одделот за општи работи.

Управниот одбор во текот на 2024 година активностите ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Друштвото, носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на Друштвото.

Членовите на Управниот одбор не членуваат во органи на управување на други друштва.

Управниот одбор се состануваше редовно, при што во текот на 2024 година одржа 31 (триесет и една) седница, а донесе вкупно 178 (сто седумдесет и осум) одлуки/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2024 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Одборот, и тоа:

- одлука за попис и формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средствата и усвојување на извештајот за извршен попис во АЛКАЛОИД АД Скопје;
- одлуки за усвојување на Предлог Годишната сметка на Друштвото, Предлог Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Предлог Годишниот Извештај за работата на Друштвото (единечен и консолидиран);
- одлуки со кои се усвојуваат годишните сметки на друштвата чии основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, за претходната година.

Управниот одбор на своите седници месечно ги разгледуваше билансот на успех на АЛКАЛОИД АД Скопје по трошковни места и извештајот за тековното работење на АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје.

На седниците, на покана на претседателот на Управниот одбор, присуствуваа и раководните лица од Планирање производство – фармација и управителот на АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје.

Управниот одбор донесе одлуки/заклучоци со конкретни задолжувања за раководните лице на профитните центри во АЛКАЛОИД АД Скопје и за управителот на АЛКАЛОИД Конс, а, пред сè, во насока на максимално ангажирање за исполнување на зацртаните плански задачи, интензивирање на наплатата, контрола на залихите, како и за намалување на трошоците.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледа и расправаше за неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2024, 1.1. – 30.6.2024 и 1.1. – 30.9.2024 година, при што оцени дека Друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување, Управниот одбор, врз основа на евалуацијата на својата работа, изготви оцена за ефективноста и за ефикасноста на работењето на Управниот одбор во претходната година.

Исто така, Управниот одбор ги достави заклучоците од оценувањето до Надзорниот одбор, кој, пак, констатираше дека големината, составот и функционирањето на Управниот одбор овозможуваат ефективност и ефикасност на членовите на Управниот одбор.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за Годишното собрание на акционери на Друштвото, кое се одржа на 1.4.2024 година.

Управниот одбор, имајќи ја во вид подобрата и пофункционална организација во работењето на Друштвото, донесе одлуки за измени и за дополнување на внатрешната организација, Правилникот за систематизација на работните места и на аналитичката процена на работните места.

Воедно ги донесе и следниве одлуки со кои се одобрува:
- исплата на регрес за годишен одмор;
- исплата на еднократен годишен надомест за лојалност на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година;
- исплата на новогодишен надомест;
- зголемување на висината на партиципацијата за воншколски активности за децата на вработените, во согласност со Правилникот за бенефиции за децата на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2024 година Управниот одбор на своите седници ги донесе и следниве значајни општи акти на Друштвото:
- Политика за недискриминација, промовирање на различноста, еднакви можности и за инклузија
- Политика за заштита и унапредување на човековите права на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Политика за модерно ропство
- Политика за забрана на злоупотребата на детскиот труд и младите лица
- Политика за наследување
- Политика за безбедност и здравје при работа
- Правилник за заштита од вознемирување на работното место
- Енергетска политика на АЛКАЛОИД АД Скопје
- Правилник за бенефиции за вработените – користење дополнителен слободен ден за прваче во АЛКАЛОИД АД Скопје
- Правилник за бенефиции за вработените – користење дополнителен слободен ден за роденден во АЛКАЛОИД АД Скопје
- Правила за работниот ред и дисциплина
- Политика за одржливи набавки
- ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година.

Управниот одбор донесе одлука со која се донесуваат основите на бизнис-планот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои бизнис-планот на Друштвото за 2025 година и даде насоки за негово спроведување.

Во бизнис-планот се содржани: план за продажбите, планиран биланс на успехот по функција, план за трошоците по видови, план за работната рака, план за капиталните издатоци, планиран биланс на состојбата и планиран паричен тек.

Управниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е базиран на реалните очекувања, проекции и можности на тековните и на новите пазари и производи, на политиката за управување со ризик и на зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси. Бизнис-планот за 2025 година е базиран на очекувањата, проекциите и можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за Друштвото во моментот на изготвување на планот. Воедно е донесен и финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2025 година.

Во согласност со чл. 375, ст. 3 и со чл. 366, ст. 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор донесе одлука за назначување лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) во Друштвото за 2025 година.

Исто така, Управниот одбор, во рамките на своите надлежности, донесе одлука за основање на друштвата со ограничена одговорност ALKALOID PHARMA INTERNATIONAL d.o.o. Zagreb, Alkaloid Kazakhstan Limited Liability Partnership и АЛКАЛОИД ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје. Единствен сопственик на наведените друштвата со ограничена одговорност е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор одобри започнување инвестиција во start up компанијата Rophibio Inc. од Јужна Кореја, која развива биослични производи, со цел добивање првично право за пласман на биослични производи на постојните пазари на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Исто така, Управниот одбор донесе одлука со која се одобрува друштвото ALKALOID PHARMA INTERNATIONAL d.o.o. (АЛКАЛОИД ФАРМА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО) да купи акции од вкупниот број издадени акции на Акционерското друштво Rophibio Inc.

Исто така, Управниот одбор го усвои финансискиот извештај на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ Скопје за претходната година и ја донесе Програмата за работа на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ Скопје за 2025 година.

Во Програмата се утврдуваат износот, начинот, условите и постапката за користење на средствата на Фондацијата, наменети за стипендирање, донирање и за финансирање талентирани студенти, научни работници и проекти од областа на медицината и фармацијата.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонската берза, Управниот одбор го усвои ESG-извештајот за животната средина, општествените прашања и управувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.

Воедно, донесени се и програмите за работа на Шаховскиот клуб Алкалоид за 2025 година, а одобрени се и програмите за работа на РАКОМЕТЕН КЛУБ АЛКАЛОИД РАКОМЕТ Скопје и на РАКОМЕТЕН КЛУБ МУЛТИ ЕСЕНС Скопје за 2025 година.

Заради овозможување автоматизација на работните процеси и компјутерска поддршка на сопственото канцelarиско и архивско работење, Управниот одбор одобри воведување електронски систем, програма (софтвер) за канцелариско и архивско работење, наречена АлкаДАС.

Во однос на работењето на друштвата чии основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор донесе одлуки за назначување и за продолжување на мандатите на директорите/управителите на друштвата во странство чии основач и единствен сопственик е АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во Друштвото, поднесен годишен извештај до Управниот одбор за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај се претставени активностите на Службата за внатрешна ревизија извршени претходната година, во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следниве информации:

- опис на извршените активности;
- наоди/препораки од поединечните извршени ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија.

По разгледувањето на годишниот извештај, Управниот одбор донесе одлука со која се одобрува годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје, како независна организациска единица, за претходната година.

Исто така, во согласност со чл. 415в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Управниот одбор го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото, во кој се претставени активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2024 година.

По разгледувањето на полугодишниот извештај, Управниот одбор донесе одлука со која го усвои и даде оцена дека полугодишниот извештај за 2024 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, во кој се опфатени описот на извршените ревизии за работењето на Друштвото, оцената за соодветноста и ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и единствен содружник на АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на Друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како собир на содружниците на Друштвото;
- Контролор, како орган за надзор над работењето на Друштвото.

Собирот на содружниците на АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје во текот на 2024 година одржа 7 (седум) седници и донесе 19 (деветнаесет) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, донесени се следниве позначајни одлуки:

- одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средствата;
- одлука за усвојување на извештајот за извршен попис на основните средства и на изворите на средствата;
- одлуки за усвојување на годишната сметка на Друштвото, годишниот извештај за работата на Друштвото и на неревидираните финансиски извештаи на Друштвото;
- одлука за распоредување на добивката;
- одлука за усвојување на извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за претходната година од овластен ревизор од ревизорското друштво „Прајсвотерхаус–Куперс ревизија“ ДОО;
- одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- одлуки за назначување раководни лица;
- одлука за исплата на новогодишен надомест.

АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и единствен содружник на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на Друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како собир на содружниците на Друштвото

Собирот на содружниците на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје во текот на 2024 година одржа 7 (седум) седници и донесе 8 (осум) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, донесени се следниве позначајни одлуки:

- одлука за попис и за формирање комисии за попис;
- одлука за усвојување на годишната сметка на Друштвото;
- одлука за распоредување на добивката;
- одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- одлука за исплата на новогодишен надомест.

Воедно, работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2024 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва, Статутот и во другите внатрешни акти на Друштвото.

# Управување со ризици и бизнис-континуитет

## Управување со ризици

### Клучни ризици за 2024 година

### *Процес на управување со ризици*

Друштвото има воведено комплексен процес за управување со ризици за навремено да ги идентификува заканите и можностите и на тој начин да ги заштити ресурсите на друштвото, намали можните загуби, зголеми позитивните ефекти во работењето, унапреди процесот на управување, исполни очекувањата на засегнатите страни и со тоа да го задржи својот углед на високо ниво.

Друштвото има изградено систем за управување со квалитетот, во согласност со стандардот за квалитет ISO 9001, како и со стандардите ISO 14001, ISO 45001, ISO 50001 и ISO 31000 и со другите стандарди во разни области, а има креирано и повеќе од 500 политики, процедури, упатства и други интерни документи за да се постигне највисоката можна усогласеност со барањата на регулативите и стандардите.

Системот за управување со ризици е дефиниран во согласност со стандардот за квалитет ISO 9001, ISO 31000 и со Прирачникот за интегриран менаџмент-систем на друштвото и е усогласен со барањата на Законот за трговските друштва и Доброто корпоративно управување на Македонската берза за хартии од вредност.

### *Управувачки тела и релации*

• **Надзорен одбор** – се грижи за надзорот над управувањето со друштвото и за ефикасноста на системот за управување со ризици.
• **Внатрешна ревизија** – одговорна за проверка на системот за управување со ризици и на неговата ефикасност.
• **Управен одбор** – одговорен за формирање на Одборот за управување со ризик, кризна состојба и одржување на континуитетот во работењето (Одбор за УРКСКР).
• **Генерален директор и Одбор за УРКСКР** – одговорни да обезбедат услови за управување со ризици.
• **Тим и Офицер за ризици и континуитет во работењето** - задолжени да обезбедат соодветна примена и контрола на управувањето со ризици.
• **Организациски Единици** – примарна обврска да се грижат за навремено и ефикасно идентификување на ризиците и на можностите и да преземат мерки за соодветен одговор заради исполнување на следниве обврски:

- целосна усогласеност со регулативата и со стандардите;
- етичко остварување на усвоените цели;
- грижа за вработените и за имотот на друштвото;
- заштита на животната средина;
- заштита на интересите на засегнатите страни

За да може да се обезбеди остварување на овие обврски, друштвото има изградено систем за управување со квалитетот, во согласност со стандардот за квалитет ISO 9001, како и со стандардите ISO 14001, ISO 45001, ISO 50001 и ISO 31000 и со другите стандарди во разни области, а има креирано и повеќе од 500 политики, процедури, сопови, упатства и други документи за да се постигне највисоката можна усогласеност со барањата на регулативите и стандардите.

## *Интегриран систем за управување со ризици*

За да ги опфати сите аспекти на работењето, но и за да обезбеди целосна интегрираност меѓу целите на раководството и барањата за усогласеност и за квалитет, во 2024 година друштвото изврши интеграција на сите видови ризици во еден систем, кој е поделен на 3 нивоа:

I. **Клучни ризици** - се наоѓаат на највисокото ниво во хиерархијата на ризици и се однесуваат на ризиците за целата групација. Клучните ризици се дефинирани за главните функции на групацијата, поврзани се со целите и со барањата за усогласеност и во себе ги инкорпорираат ризиците за сегментите. Оцената на клучните ризици е донесена самостојно од сопственикот на ризикот, имајќи ги предвид сите индивидуални ризици за сегментите, кои се алоцирани на соодветниот клучен ризик.

II. **Ризици на сегмент** - се однесуваат на организациските единици на кое било ниво или локација. Организациските единици треба да ги идентификуваат ризиците за секоја слабост, закана или можност содржана во контекстот на организациската единица. Организациските единици може да креираат ризици за која било област, кои понатаму се алоцираат во соодветната категорија, поткатегорија и клучен ризик.

III. **Процесни ризици** - се засноваат на процесите идентификувани во рамките на организациските единици и може да бидат оперативни ризици, ризици за квалитетот или специфични ризици. Секој ризик мора да се категоризира според видот на ризикот и може да се поврзе со соодветниот ризик за сегмент и клучен ризик

## Клучни ризици

Клучните ризици за групацијата, како и дефинираните контроли и мерки се прикажани во следнава табела:

| Клучни ризици | Контроли и мерки | Промена |
|---|---|---|
| *Нарушување на угледот на групацијата (стратешки ризик)* | код на етичко и деловно однесување, интерен канал за пријавување нерегуларности (AlkaSpeakUp), изработка и анализа на можните сценарија, редовна комуникација со вработените, купувачите, потрошувачите, регулаторите, добавувачите и со јавноста, унапредување и одржување на висока компаниска култура | ↔ |
| *Неусогласеност со очекувањата на акционерите (стратешки ризик)* | усогласеност со кодексот за КУ на МБХВ, редовно известување за ценовно чувствителни информации, предвидлива политика за дивиденди, редовно годишно собрание, управување со ризици и континуитет во работењето, корпоративен секретар за заштита на законитоста | ↔ |
| *Повреда на законските барања, корупција и судска пракса (усогласеност)* | сопствен правен тим, внатрешен билтен за информирање на раководството и на вработените за промените во регулативите, назначени офицери за усогласеност, заштита на личните податоци и корпоративен секретар, кодекс за интеракција со здравствените работници и етичка промоција, антикорупциска политика, политика за заштита и за унапредување на човековите права | ↔ |
| *Нарушена безбедност на вработените и имотот (оперативен ризик)* | анализа на внатрешните и глобалните гео-политички настани, план за управување со итни ситуации, план и тестирање на планот за евакуација, анализа на ризикот на работните места, мерки за заштита на вработените, заштитна опрема, мерење на бројот на повреди и инциденти, проширување на мрежата за безбедност на локациите, едукација на вработените и на посетителите, современи техники за надзор и пристап до физичките локации, физичка заштита на локациите | ↓ |
| *Компјутерски криминал и нарушување на базите на податоци (ИТ-ризик)* | превентивна заштита и безбедно реставрирање на системот, контролиран и авторизиран пристап до системот, анализа на детектирани дефекти и потенцијални опасности, план за интерна и за екстерна компјутерска комуникација, вложување во современи техники и алатки за заштита, дигитализација на процесите, интеграција на различни системи, вложување во современи мрежи и средства за комуникација, подигнување на свеста на вработените за заштита од сајбер-напади | ↔ |
| *Неможност да се привлечат или да се задржат најдобрите таленти (вработени)* | учество на саеми за вработување и кариера, еднакви можност за аплицирање за сите, годишен буџет за едукации, програма за кариерен развој, мерење на задоволството на вработените, стипендирање на студенти - фондација „Трајче Мукаетов“, дуално образование и практична работа, зголемување на квалификациите и вештините на вработените, обезбедување благосостојба на вработените | ↔ |

Значење на симболите за промена на клучните ризици

- ↑ зголемување
- ↓ намалување
- ↔ без промена

| | | |
|---|---|---|
| *Неможност за развој на нови производи, задоволување на потребите на клиентите и активности на конкуренција (стратешки ризик)* | планирање на продажбите, дневни и месечни извештаи за продажбите, детални анализи на портфолиото, животниот циклус и профитабилноста на производите, групите и пазарите, идентификација на потребите на купувачите, посредниците и на потрошувачите, грижа за крајните потрошувачи и етички маркетинг, развој и воведување нови производи, проширување на терапевтските групи, ширење на пазарите, подобрување на дистрибуцијата на производите, следење и соодветна стратегија за конкуренцијата, едукација и развој на вештините на вработените | ↓ |
| *Нарушен квалитет на производите и на процесите, интелектуална сопственост, животна средина, лиценци, сертификати и дозволи за работа (стратешки ризик)* | усогласеност со регулативата и со стандардите за квалитет, задолжително годишно и периодично преиспитување на процесите и на контролите, преиспитување на IMS и KPI од раководството, екстерни инспекции и контроли со позитивен исход, редовни интерни проверки/самоинспекции, процедури за управување со неусогласеностите, корективни мерки и мерки за подобрување, процедури за ослободување серија на производ, управување со рекламации и отповик на производи од пазарот, усогласеноста со регулативата и стандардите за животната средина, примена на мерки за намалување на влијанијата и на аспектите врз животната средина, управувањето со отпад, мерки за намалување на ризиците од влијанието на климатските промени, синџирот на снабдување, употребата на вода, потрошувачка на енергија и горива, заштита на патентите, примена на принципите за континуирано подобрување | ↔ |
| *Достапност на суровините, материјалите и услугите и пораст на цените (оперативен)* | планирање на потребите, анализа на економските и на геополитичките услови, доволни капацитети и услови за складирање, сигурносни залихи, дисперзија на набавките, алтернативни добавувачи и суровини, брзо приспособување на промените, алтернативни транспортни рути, управување со енергијата и потребите за енергија, кодекс за етичко работење на добавувачите | ↔ |
| *Неефикасно производство и проблеми со клучната опрема (оперативен ризик)* | план за производство, квалификувани вработени, анализа на капацитетите, елиминирање на тесните грла, континуирано подобрување, подготовка на производството, производствен контролинг и мерење на ефикасноста и приносот, превентивно и корективно одржување на опремата, залиха на клучните резервни делови, модернизација на технологијата за производство, систем за мониторирање на неусогласеноста во производството, мерење на трошоците за неквалитет | ↓ |
| *Економски нарушувања и достапност до пазарите на капитал (финансиски ризик)* | буџетирање, проекции, анализа на сценарија и следење трендови, одржување на потребното ниво на парични средства, обезбеден пристап до изворите на финансирање, интегриран ЕРП-систем, искусни вработени со потребни лиценци, заштита од измами и кражби, контролиран пристап до информации и до средства, анализа на профитабилноста и финансиските показатели, стриктна кредитна политика, контрола на трошоците, попис на имотот, парите, средствата и обврските, поделба на должностите, хеџирање на ризиците, комуникација со финансискиот сектор и потенцијални инвеститори, консолидација на резултатите од работењето, сеопфатна даночна анализа и приспособување на промените | ↔ |
| *Прекини во работењето поради внатрешни и надворешни фактори (оперативен ризик)* | анализа на глобалните гео-политички настани, стратегија и план за бизнис-континуитет, план за управување со итни ситуации, план за евакуација и сигурносни резерви, изработка на БИА и планови за континуитет во работењето, решенија за алтернативно производство и договори за заемна соработка, континуиран надзор над ескалацијата во кризните подрачја во светот и анализа на влијанието врз работењето | ↔ |

Значење на симболите за промена на клучните ризици

- ↑ зголемување
- ↓ намалување
- ↔ без промена

## Управување со ризици за квалитет

Процесот на управување со ризици за квалитет континуирано се одвива на повеќе нивоа во друштвото, при што во текот на 2024 г. се преиспитани вкупно 3963 оперативни (процесни) ризици за трите профитни центри на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Поконкретни активности што можат да се издвојат во 2024 година се следниве:

- Друштвото изврши две редовни преоценки на ризиците категоризирани на следниов начин: оперативни/процесни ризици, ризици за квалитет и специфични ризици. Резултатите од преоценувањето им се претставени на раководството и на Одборот за ризик.
- Во процесот на управување со ризици се воведе и користењето методологија со 2 индикатора.
- Добиени се вкупно 377 пријави, од кои 72 се однесуваат на ризици поврзани со квалитетот, специфични за намената на производот, а 305 пријави за преиспитување на оперативните ризици и за пријава на нови ризици.
- Од вкупно 475 ризици со среден приоритет 165 оперативни ризици се намалени на ризици со низок приоритет, со што е постигнат таргетот од намалување за 5 %. Анализата на профитните центри покажува дека овој процент е исполнет и поединечно.

Континуираните подобрувања кои се планирани за 2025 година се однесуваат на организирањето работилници за ризици, зголемување на мапираните процеси и идентификувани оперативни ризици по ОЕ, ефикасно спроведување на дефинираните мерки и контроли и намалување на приоритетот на оперативните (процесните) ризици.

## Континуитет во работењето

Процесот на континуитет во работењето и отпорноста на компанијата спрема промени ни даваат годишен увид во активностите и во бизнис-практиките што се применуваат во АЛКАЛОИД, за да се постигне деловен континуитет во работењето.

Активностите кои се реализираа во текот на 2024 година се однесуваа на примената и на подобрувањето на практиките и на процесите за зголемување на отпорноста на компанијата. Пандемијата нѐ научи дека мораме да се приспособуваме и да наоѓаме нови начини со кои ќе бидеме повеќе проактивни. Дефинираме и воспоставуваме нови практики со воведувањето специфични анализи за влијанијата на бизнисот и планови за континуитет во работењето, анализирајќи ги главните и критични процеси од влез до излез на процесите за реализација на производството.

Со сите активности што ги преземаме се зголемуваат свесноста и разбирањето за важноста на процесот за континуитет во работењето кај нашите вработени. Тоа го докажуваме со идентификувањето на ризиците и на можностите од областа на континуитетот на работењето, како дел од процесот на управување со ризици во компанијата. Во 2024 година се идентификувани и евалуирани 14 од областа на континуитетот во работењето.

Тимови од специјализирани, компетентни вработени започнаа со изработка на анализи за влијанијата на бизнисот и планови за бизнис-континуитет за најдобрите стратешки производи на АЛКАЛОИД.

Преку примена на барањата на стандардот ISO 22301 воспоставен е систем за управување со континуитетот во работењето. Во текот на 2024 година се спроведоа проценки на ризик и се развиваа планови кои ќе обезбедат информации и проактивни насоки за стратешките мерки кои треба да ги преземе компанијата за да ги подобри отпорноста и еластичноста спрема сите промени со кои се соочува.

Посветеноста на раководството и на вработените за ефикасно управување со ризиците и со континуитетот во работењето ѝ дава компетитивна предност на компанијата, како и доверба на заинтересираните страни и на општеството.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Деловна етика

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која сите свои деловни активности ги темели врз усогласеноста со локалните и со меѓународните прописи, внатрешните акти и врз доброволната заложба и посветеност за почитување на етичките принципи и стандарди од раководната структура и од вработените.

## Код за етичко и деловно однесување

Кодот за етичко и деловно однесување претставува клучен елемент во градењето на етичката корпоративна култура преку промоција на клучните вредности во негови рамки, а со поддршка на системот за усогласеност има цел да овозможи секој наш вработен и раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното работење, а со тоа да се остварува и нашата заедничка мисија и визија за градење корпоративен интегритет и култура.

Во 2024 година, со поддршка на офицерот за корпоративна усогласеност и на Комисијата за корпоративна усогласеност, највисокото раководство во компанијата продолжи да го развива овој процес преку обуки за надлежните лица и преку подигнување на свеста на вработените за етичко однесување.

## Антикорупциска политика

Антикорупциската политика на АЛКАЛОИД АД Скопје ги опфаќа сите аспекти на превенција и на санкција за недозволена исплата и за поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, но и за кои било други форми на корупција, како и основните параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина. Со примената на оваа политика продолжува да се зајакнува заложбата на компанијата за обезбедување и за натамошно градење корпоративен интегритет и репутација, кои се темелат врз чесност, фер однесување и личен интегритет, а кои се применуваат на работните позиции кои ги вршат сите вработени и раководни лица, како и сите други лица кои се поврзани со компанијата на која било основа.

## Кодекс за интеракција со здравствени работници и етичка промоција

Кодексот за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција на АЛКАЛОИД АД Скопје ги уредува промоцијата, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствените организации и со здравствената заедница во целина. Овој кодекс за интеракција со здравствените работници и за етичка промоција поставува стандарди кои се однесуваат на интеракцијата со здравствената заедница, па поради тоа е од исклучително значење за компанијата. Нашата компанија особено се залага за континуирана едукација на медицинските претставници и преку спроведување обуки обезбедува нивна усогласеност со сите релевантни кодекси на индустријата, како и со важечките законски прописи.

# Заштита на личните податоци

АЛКАЛОИД континуирано ја одржува и ја унапредува својата стратегија за заштита на личните податоци, со што се обезбедува високо ниво на безбедност и усогласеност со најдобрите практики и со релевантните законски прописи. Во 2024 година се преземени дополнителни активности за подигнување на свеста за зајакнување на безбедноста на информациите и личните податоци, со посебен акцент врз мрежните локации каде што се складираат и се обработуваат лични податоци.

АЛКАЛОИД останува посветен на континуирано подобрување на своите системи преку редовни контроли на веќе воспоставените информатички системи, проценка на ризиците и преку оптимизација на безбедносните мерки. Во текот на годината се организираат обуки за вработените со цел подигнување на нивото на свесност за важноста на заштитата на личните податоци и на почитувањето на интерните политики за безбедност. Овие едукативни активности ја потенцираат посветеноста на компанијата за усогласеност со Општата европска регулатива за заштита на податоците (GDPR) и со другите релевантни прописи за приватност.

Во рамките на зајакнувањето на безбедноста беше предложена и воведена процедура за одлучување при изборот на обработувачи на лични податоци. Оваа процедура има цел да го олесни процесот на длабинска анализа (due diligence) и да обезбеди конзистентност и ефикасен механизам за контрола на третите страни кои обработуваат податоци во име на АЛКАЛОИД. Ова овозможува поефикасно управување со ризиците и осигурување дека компанијата соработува исклучиво со партнери кои се усогласени со релевантните законски прописи и регулативи.

Корпоративниот офицер за заштита на лични податоци, во тесна соработка со меѓународниот тим за заштита на податоците, продолжи со координирани активности со колегите од различни сектори во компанијата. Преку оваа соработка беа обезбедени соодветни известувања за приватноста на третите страни, како и подобрување на процесите за заштита на податоците во различни области од работењето на компанијата.

Со сите преземени мерки, АЛКАЛОИД останува посветен на високите стандарди во заштитата на личните податоци и обезбедува стабилна и сигурна дигитална околина за своите вработени, партнери и клиенти.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Портфолио и правна интелектуална сопственост

## Глобални Медицински работи и Безбедност на лекови

### Фармација

Правата од интелектуална сопственост (ИС) се важен и вреден аспект во сопственоста (асетот) на еден бизнис. Во ера на постојани промени и иновации, ИС претставува централен елемент во обезбедувањето сигурност, во поттикнувањето иновативност, во промовирањето напредок и во проширувањето на бизнисот.

Добро воспоставените и заштитени права од ИС им помагаат на потрошувачите да направат паметен и сигурен избор во однос на безбедноста, доверливоста и на ефикасноста при нивното купување. Од друга страна, гарантираат дека производите се автентични и со висок квалитет, кој го препознаваат и го очекуваат потрошувачите. Накратко, правата од ИС ги стимулираат сигурноста и удобноста кои ги бараат потрошувачите и на кои се потпираат пазарите.

Знаејќи го ова, ние сме посветени на градењето силни и препознатливи брендови преку кои можеме да ги гарантираме стандардот и квалитетот за нашите производи, кои се лесно препознатливи од потрошувачите. На овој начин ја зачувуваме репутацијата на компанијата и ја осигуруваме стабилноста на нашиот раст и развој.

Импресивното портфолио на трговски марки на АЛКАЛОИД се состои од приближно 3.600 пријавени или регистрирани трговски марки во повеќе од 100 земји, покривајќи повеќе од 10 класи на добра и на услуги. Нашата стратегија е да се регистрираат трговски марки за сите производи и услуги од интерес, во сите земји во кои се комерцијализирани.

**ПРЕГЛЕД НА ТРГОВСКИ МАРКИ ПО ЗЕМЈИ**




**ALKALOID SKOPJE**

**Следејќи ја иницираната заштита во чест на јубилејот 50 години од заштитата на компанискoто лого, во 2024 година се стекнавме со заштита на компанискoто лого како трговска марка во Обединетите Арапски Емирати, Мексико, Чиле и во Јужна Кореја.**

Изминатите години бележиме постојано проширување на портфолиото, со зголемени активности за пребарувања и за утврдување на ризикот за нови имиња и со подготовки за нови пријави во различни јурисдикции, а притоа, секако, со одржување и со заштита на постојните регистрации и обнови.

**МЕНАЏИРАЊЕ СО ПОРТФОЛИОТО НА ТРГОВСКИ МАРКИ**




Во 2024 година ги регистриравме првите трговски марки на териториите на Јапонија и на Кина, со што го прошируваме портфолиото на трговски марки од АЛКАЛОИД на повеќе нови територии.

Изминатата година инициравме заштита на речиси 20 нови трговски марки на територијата на Казахстан, со што АЛКАЛОИД значително го прошири своето портфолио на трговски марки во оваа земја на азискиот континент.

Во насока на зацврстување на стратегијата за заштита на ЕУТМ, во 2024 година инициравме заштита на 2 нови трговски марки пред Заводот за интелектуална сопственост на Европската Унија (централизирана канцеларија со чија заштита се опфаќаат териториите на сите земји членки на Европската Унија).

Becutan

Следејќи ја иницираната заштита во знак на 45-годишнината од постоењето на брендот Becutan, во 2024 година се стекнавме со заштита на еден од нашите најпрепознатливи брендови во речиси 10 нови земји, меѓу кои Обединетото Кралство, Австралија, Нов Зеланд и Египет, како и во Европската Унија. Целта на ова проширување е да се добие еден глобално препознатлив бренд, кој ќе гарантира за безбедноста и за квалитетот на производите на повеќе континенти.

Нашите *umbrella brands* заземаат значајно место во рамките на портфолиото и ним им посветуваме посебно внимание во пристапот за одржување и за заштита, како и за планирање нови пазари и производи кои би ги покривале (во табелата се дадени дел од поголемите брендови).

| Umbrella brand | Број на земји | Број на трговски марки |
|---|---|---|
| ALKALOID – Company brand | 108 | 330 |
| BECUTAN | 50 | 459 |
| BECUTAN KIDS VITS | 35 | 59 |
| CAFFETIN | 26 | 156 |
| GATTART & Gastro Guard | 38 | 58 |
| BlokMAX | 15 | 43 |
| Multi Essence | 35 | 32 |
| SATTWA | 9 | 31 |
| GOOD NATURE | 11 | 58 |
| Medical | 1 | 6 |
| GLOSS | 2 | 63 |
| Young Derm | 8 | 16 |
| BLACK UP | 8 | 30 |

Во насока на поддршка од АЛКАЛОИД за македонскиот спорт преку основањето на ракометните клубови АЛКАЛОИД и МУЛТИ ЕСЕНС, актуелна е заштитата од страна на АЛКАЛОИД на логоата кои гордо ги носат овие тимови.

Како дел од нашата посветеност за усогласеност со правата на интелектуална сопственост и за одговорно користење на интелектуалните творби, минатата година одделението *Портфолио и правна интелектуална сопственост* ја зацврсти стратегијата за добивање лиценци за авторски права.

Оваа иницијатива е усогласена со нашите пошироки цели за корпоративна одговорност и ја одразува нашата посветеност на деловните етички практики.

Менаџирањето на портфолиото на трговски марки, индустриски дизајни и на авторски права ни е приоритет, при што нашиот фокус е насочен кон тоа да осигуриме дека ги имаме најдобрите луѓе, најдобрите алатки и најдобрата стратегија за менаџирање, одржување и за заштита на нашето портфолио. Посветуваме внимание на едуцирање на кадарот, на следење на најновите технологии во сферата на правото и на AI, на истражување на најдобрите стратегии и сл.

Како примарно софтверско решение, одделението *Портфолио и правна интелектуална сопственост* го употребува софтверот за менаџирање на *ИС Патриција*, производ на *Patrix IP helpware*, и постојано го надградува, со цел подобрување на сите процеси и активности поврзани со ИС.

Продолжуваме со употреба на платформата *CompuMark* како софтверска алатка за детални податоци за ТМ, со чија помош се утврдува потенцијалниот ризик на постојните брендови и трговски марки, како и степенот на ризик од нови пријави на трговски марки, со што се овозможува побрзо лансирање нови производи.

Свесни сме дека вредноста на портфолиото на трговски марки ги вклучува довербата и лојалноста на потрошувачите, имиџот на брендот и репутацијата. Поради тоа, продолжуваме со примена на стратегијата за заштита на брендовите преку користење на *TM Watch* и преку континуирано следење на потенцијалните повреди, со што се овозможува навремено преземање активности за заштита на нашите брендови, а со тоа и за зголемување на нивната вредност.

Нашиот фокус продолжува да биде во насока на тоа да ги следиме трендовите на пазарот и да ја развиваме нашата стратегија за ИС за најдобро да го следи растењето на бизнисот.

# Акционерство

**Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.**

| ПАЗАРЕН СЕГМЕНТ: | БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА – ОБИЧНИ АКЦИИ |
|---|---|
| ISIN | MKALKA101011 |
| Шифра на ХВ | ALK |

Основната главнина на АЛКАЛОИД се состои од 1.431.353 акции со номинална вредност од 25,56 ЕУР од акција или вкупен износ од 36.585.382,68 ЕУР. Заклучно со 31.12.2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје има 5.945 акционери. Акциите се слободно преносливи. За акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга, која, во согласност со законската регулатива, се води во Централниот депозитар за хартии од вредност. Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото. Секој акционер има право на еден глас во Собранието на друштвото – по еден за секоја обична акција, како и право на исплата на дивиденда.

Од акциите 99,7 % (1.428.125) се обични акции, од кои 59 се резервирани за поранешни сопственици, додека, пак, 0,23 % (3.228) се приоритетни акции, исто така, резервирани за поранешни сопственици, кои треба да докажат право на сопственост над имот кој сега е во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Обичните акции им даваат на сопствениците право на:

1. глас во Собранието на друштвото;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно од стечајната маса на друштвото.

Акциите на АЛКАЛОИД се едни од најтргуваните и најликвидните акции во текот на 2024 година, според статистичките извештаи на „Македонска берза“ АД Скопје. Направени се 4.454 трансакции, а истргувани се 63.393 акции во вредност од 1,4 милијарди денари.

Како една од водечките акции на Македонската берза, акцијата на АЛКАЛОИД учествуваше со 19,19 % во прометот на официјалниот пазар во 2024 година. Цената на акцијата се движеше од 18.151,00 денари до 29.000,00 денари, со просечна цена од 22.376,45 денари од акција, што претставува раст од 25,8 % во споредба со просечната цена на акцијата во 2023 година.

## Дивиденда

АЛКАЛОИД АД Скопје редовно исплаќа дивиденда на годишно ниво од 1995 година, кога компанијата беше реструктуирана.

Исплатената нето-дивиденда од акција во последните четири години:

| 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **360,00 денари +11,1 %** | **396,00 денари +10,0 %** | **441,00 денари +11,4 %** | **486,00 денари +10,2 %** |

# Интегриран менаџмент - систем и квалитет

## Квалитет

АЛКАЛОИД АД Скопје има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги применува барањата на cGxP, ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018, на ISO 13485:2016, ISO 22716:2007, FSSC 22000, HACCP и на HALAL.

Главната цел на ИМС е да потврди дека АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано произведува производи со највисоко ниво на квалитет, безбедност и ефикасност, кои ги задоволуваат барањата на нашите потрошувачи, релевантните законски барања, како и барањата на интернационално воведените стандарди и водичи.
Високото раководство, преку одговорноста и посветеноста за исполнување на оваа цел, како и преку ефикасното лидерство и промоцијата на соодветната култура на квалитет охрабрува активно учество и правилно однесување од страна на целокупниот персонал на сите нивоа во компанијата, со крајна цел иновации и континуирано подобрување на ИМС.

Нашата стратегија за квалитет се фокусира на усогласеноста со принципите на добрите пракси (cGxP) и регулативи кои го дефинираат квалитетот на нашите производи од фармацијата, хемијата, козметиката и од билкарството, предводени од процесниот пристап на циклусот PDCA (планирај–направи–провери– дејствувај), со цел континуирано подобрување на нашите производи, процеси, услуги, ИМС и на задоволството на корисниците.

Редовно, на годишно ниво, раководството го преиспитува ИМС преку КПИ (клучни индикатори на перформансите), преку состаноците за квалитет, како и преку интерните проверки/самоинспекции за потврда на усогласеноста и за утврдување на можностите за континуирано подобрување на производите, процесите и на системот.

Усогласеноста и ефикасноста на ИМС се потврдуваат со екстерни инспекции од регулаторни институции и преку проверки од сертификациски тела, нотификациско тело и од нашите партнери.
Во 2024 година се извршени 25 аудити/инспекции на АЛКАЛОИД АД Скопје.

- Успешно завршени 5 инспекции од МАЛМЕД за новиот простор и опрема за производство на цврсти форми 2, за промена на производствената дозвола со дополнителна магацинска локација/простор за складирање лекови БАРД 2, за обнова на производствената дозвола во производствениот погон на Козметика, за реконструкција на простор во Производство течности и за обнова на сертификатот GMP за сите фармацевтски дозирани форми на производствената локација бул. „Александар Македонски“ бр. 12.
- Успешно реализирани 9 проверки од сертификациски тела: 3 проверки од Quality Austria и 2 проверки од нотификациското тело DEKRA, SGS (GFCO), Contol Union Certification (C.U.C.), Pro-Cert, Kosher-Ortodox Union Certification.
- Успешно реализирана GMP-проверката од АЛКАЛОИД ИНТ за новиот простор и опрема за производство на цврсти форми 2.
- Успешно реализирана GMP-проверката од АЛКАЛОИД ИНТ и од АЛКАЛОИД ДОО Белград за сите производствени погони за фармацевтски дозирани форми во ПЦ Фармација.
- Во 2024 година за првпат успешно е реализирана проверката SMETA (Sedex Members Ethical Trade Audit) од BUREAU VERITAS.
- Успешно се завршени 8 аудити од партнери: Reckitt, Stada, Zentiva, Perigo, Glenmark, Milpharm, Trinity Pharma, New Garden Pharma.

Исто така, капитално поврзаното друштво АЛКАЛОИД ДОО Сараево за првпат се здоби со сертификатот за систем за управување со квалитет ISO 9001:2015.

Корпоративната функција на Обезбедување квалитет се одвиваше тековно во 2024 година преку примена на корпоративните ОК-политики, преку континуирани обуки и преку интерни проверки на системите за квалитет во капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, со цел натамошно усогласување на интегрираниот менаџмент-систем и на процесите за обезбедување квалитет. Во периодот 17 – 19.10.2024 за првпат се организираше настанот ДЕНОВИ НА КВАЛИТЕТ во Охрид, кој беше наменет за вработените од Обезбедување квалитет и од Контрола на квалитет, како и за лицата задолжени за квалитетот од сите подружници. На настанот му претходеше 3-дневна реобука за процесите за обезбедување квалитет, додека, пак, во рамките на ДЕНОВИ НА КВАЛИТЕТ, преку неформално дружење, забава и презентации се промовираа и се зајакнаа соработката, комуникацијата и добрите релации меѓу тимовите.

# Безбедност и здравје при работа

АЛКАЛОИД постојано вложува во подобрување на условите за работа, следејќи ги најдобрите светски практики и одржувајќи силен фокус на безбедноста и здравјето на своите вработени, изведувачи и посетители. Веруваме дека создавањето безбедна и здрава работна средина е клучен предуслов за задоволство и за успешност на нашиот тим, што директно придонесува за остварување на стратешките цели на компанијата.

Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа е составен дел од нашата организациска култура. Неговата примена се базира на активна посветеност, соработка и на инклузивност на сите вработени, независно од нивната позиција во компанијата. Овој пристап ни овозможува континуирано да го унапредуваме квалитетот на работната средина.

Нашите активности за создавање здрави и безбедни работни места ги опфаќаат следниве елементи:

- користење модерна и безбедна опрема;
- редовна проценка на ризиците и информирање на вработените за можните опасности на работното место;
- спроведување обуки за зголемување на компетенциите на вработените;
- развивање и промовирање култура на безбедност при извршување на секојдневните задачи;
- проверка и одржување на работната опрема и на условите во работните простории;
- редовно споделување информации поврзани со безбедноста и здравјето при работа;
- постојани подобрувања базирани на резултатите од проверките и од анализата на инцидентите.

## Усогласеност со законската регулатива

Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа е целосно усогласен со националната законска регулатива. Перформансите на системот и степенот на исполнување на зададените цели се редовно следени и претставени во ESG-извештајот, точка IV: Општествени прашања.

Со интегриран и одржлив пристап, АЛКАЛОИД останува посветен на својата мисија – да биде лидер во создавањето безбедна работна средина, која придонесува за благосостојбата на сите засегнати страни.

Повеќе може да прочитате во
ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Животна средина

Стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје се покажува преку примена и преку негување на воспоставената практика за управување со аспектите на животната средина, тимската работа и преку несебичното вложување на секој вработен за градење одржлив систем за управување со животната средина, создавање одржлива еколошка вредност на компанијата и здрава животна средина за сите нас.

Ги охрабруваме нашите вработени постојано да го надградуваат своето знаење и да се однесуваат спрема животната средина со високо ниво на свест.

Ја информираме јавноста за нашите активности во оваа област преку јавни соопштенија во медиумите, преку семинари и преку здруженијата во кои членуваме. Активно учествуваме при изработката на законските прописи од областа на животната средина.

Одржливото подобрување на животната средина зависи и од добрите односи со претставниците на општествената средина, особено со нашите најблиски соседи, бидејќи нашите активности имаат влијание врз нивниот животен простор и врз квалитетот на нивниот живот.

Во согласност со стратешката заложба за континуиран одржлив развој и добро еколошко, општествено и корпоративно управување (ESG), а во согласност со меѓународните стандарди и пракса, АЛКАЛОИД АД Скопје организираше ESG-работилница за своите вработени, со главна цел да се подигне свеста за ESG-темите во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и кај неговите капитално поврзани друштва.

Системот за управување со животната средина, кој го практикуваме повеќе од две децении, промовира еколошка одржливост и усогласеност преку стандардите кои ги имаме воведено на сите наши производствени локалитети. Во 2025 година пристапуваме и кон сертифицирање на воспоставениот систем за управување со енергетскиот менаџмент, во согласност со барањата на стандардот ISO 50001:2018.

Во 2024 година развивме проект за идентификување, евалуирање и за дефинирање мерки за намалување на ESG-ризиците, а го подобривме и процесот на управување со ризиците, со цел подобро разбирање на ризиците низ нашата компанија и подобрување на бизнис-процесите преку идентификација, управување и известување за ESG-ризиците.

На почетокот на 2024 година АЛКАЛОИД се здоби со реномираниот беџ за одржливост COMMITTED на платформата Eco Vadis, при што сегментот на животната средина е оценет со 80/100 бодови, со што се потврди сериозната заложба на нашата компанија во секоја сфера од работењето.

## Климатски промени

Климатските промени и нивните влијанија врз луѓето и врз екосистемите се меѓу најголемите предизвици на нашето време. Го минимизираме нашиот јаглероден отпечаток и активно се вклучуваме во борбата против климатските промени.

Континуирано ги градиме капацитетите за управување со климатските промени. За да ги развиеме нашите способности и да ги постигнеме нашите климатски цели, во 2024 година спроведени се 10 обуки на различни теми за подигнување на свеста на вработените.

## Обновливи извори на електрична енергија

Во 2024 година го зголемивме нивото на амбиција за обновлива електрична енергија. Нашата цел е да постигнеме користење на 100 % електрична енергија од обновливи извори до 2030 година.

За производство на енергија од обновливи извори, на нови локации, во 2024 г. е формирано и посебно трговско друштво АЛКАЛОИД Енергетика ДООЕЛ. Со формирањето на ова т. д. АЛКАЛОИД АД Скопје ја истакнува својата заложба за зголемување на уделот на обновливата енергија и за постигнување енергетска независност.

## Отпад и циркуларна економија

Проактивно го спречуваме и наоѓаме решенија за отпадот во различните фази од нашето работење. Имаме цел да го намалуваме отпадот и да стимулираме негова повторна употреба и рециклирање, а правилно управуваме со сето она што не можеме повторно да го употребиме. Системот за управување со животната средина бара производствата да воспостават и да воведат иницијативи и програми за минимизирање на опасниот и на неопасниот отпад и да ја проценат употребата на материјалите за пакување.

Во текот на 2024 година работевме на следниве проекти во однос на намалувањето на отпадот:

- кампања за управување со отпадот од пакувањата
- намалување на пластиката за една употреба
- проекти за одржливо пакување
- нови трендови во пакувањето.

## Воден отпечаток

Нашиот систем за управување со животната средина и системот за управување со енергетскиот менаџмент го поставуваат нашиот пристап за зачувување и за управување со водата низ нашите операции.

Како демонстрација на нашата континуирана акција и транспарентност се многубројните проекти што ги преземаме во однос на заштедата на потрошувачката на вода.

## Природата и биолошката разновидност

Зачувувањето на природата и на биолошката разновидност е од клучно значење за одржување на животот на Земјата. Во согласност со влијанието на нашите операции врз биолошката разновидност и природата, ние продолжуваме да ги оценуваме влијанијата и ризиците за да воспоставиме политики и насоки за зачувување на природата и на биолошката разновидност.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Бизнис-опкружување и иден развој

# Фармација

## Свет на постојани промени

Како и минатата година така и во 2024 продолживме да работиме во непредвидлив свет полн со предизвици. И во текот на целата 2024 година имавме свет со два активни конфликти - Украина и Палестина - избори и промени во САД, како и пад и минимален раст на економиите во Германија, Франција и во Англија. Сѐ на сѐ, турбулентна година во која „Алкалоид“ повторно успеа да ја покаже својата отпорност на сите надворешни фактори. Но зошто е тоа така и како „Алкалоид“ успеа да одржи двоцифрен раст на продажбите дури од 15,1 % во однос на претходната година?

1. Раст во речиси сите наши B2C-пазари преку органски раст на бизнисот; најчесто нашиот раст е поголем од растот на конкретните генерички пазари во целост, па можеме да кажеме дека, генерално, растевме побргу од пазарите.
2. Натамошен раст на антибиотскиот бизнис проследен со агилноста на „Алкалоид“ да ги надополни дефектурите на нашата конкуренција. Според прометот, станавме најголем производител на орални форми на *Цефиксим* во Европа.
3. Продолжуваме со отворањето нови подружници на „Алкалоид“, кои имаат цел да изградат маркетинг-капацитети за продажба и за промоција на нашите производи. Во 2024 г. започнавме со работа во Казахстан со отворањето подружница во Алмати и со започнувањето на градење тим. Ова е прв влез на нова територија на која претходно сме немале никакви операции по повеќе од 10 години, а, исто така, прва наша подружница во Централна Азија. Подружницата во Романија, која ја отворивме во 2023 година, растеше околу 20 %.
4. И натаму градиме портфолио во нашиот Институт за истражување и развој, но и преку *business-to-business* активности или стретешки инвестиции. Така, „Алкалоид“ во 2024 г. инвестираше во корејска компанија за биосимилари, со купување малцински удел, со цел добивање на идното портфолио на биосимилари, развиено од компанијата во Кореја.
5. Инвестираме во луѓе и во знаење преку натамошно привлекување врвен кадар не само од Македонија и регионот, туку и од пошироко. Тие луѓе носат искуство и знаење и го прават нашиот систем подобар не само во делот на маркетингот и на продажбите, туку во секој сегмент од работењето на компанијата.

# Нашиот глобален развој

Развојот на генерички фармацевтски производ, вклучувајќи го и неговото регистрирање и лансирање, најчесто трае од 3,5 до 5 и повеќе години. Остануваме посветени на начелата за QbD (Quality by Design) и на зголемувањето на бројот на нови *in-house* производи. Постојано инвестираме и воведуваме подобрување на процесите во развој: интензивно користење на софтверот ASAP за стабилност и на софтверот Tablitz за дизајн на штанци за таблетирање со помош на AI, како и воведување нов технолошки процес – сува гранулација како поекономичен и енергетски ефикасен процес.

Продолжуваме со таргетот за раст на нашето генеричко производство од нашето Истражување и развој, кое го следи растот на компанијата во последниве пет години. Да потсетиме: стапката на нашето таргетирано петгодишно (2023 – 2027) генеричко производство од Истражување и развој треба да се удвои во споредба со претходните пет години (2017 – 2022). Овие очекувања се реални и засега сме на добар пат тие да бидат остварени.

Покрај првиот производ со додадена вредност, течниот *Омепразол*, кој е веќе лансиран во Англија, Холандија и во Ирска, а очекуваме лансирање и во уште неколку земји нареднава година, веќе го подготвуваме, т. е. го развиваме вториот таков производ со додена вредност и продолжуваме да инвестираме во новите форми кои и претходно ги спомнавме (двослојни таблети и ородисперзибилни таблети). Иако се соочуваме со недостиг на подготвен, квалификуван кадар за нашиот глобален развој, во моментов тимовите се составени исклучиво од кадар од државава, во чиј раст и развој инвестираме и од техничка аспект и во однос на меките вештини, па така градиме кадар кој долгорочно го гледаме во нашата компанија.

Како дел од растот на компанијата во сегментот *business-to-business*, со задоволство може да кажеме дека во 2024 година се добиени првите маркетинг-авторизации за наши генерички лекови на четири нови територии – Виетнам, Исланд, Норвешка и Шведска.

# Нашите инвестиции во истражување и развој



# Хемија, козметика, билка

Во 2024 година, беше година на сложено економско опкружување кое го карактеризираше постојан притисок на инфлацијата, раст на трошоците за суровини, пакување и работна сила. Овие инфлаторни трендови претставуваа предизвици за сите сегменти, за што за да се одржи профитабилноста беше потребно стратешко управување со трошоците и ефикасно работење. И покрај овие предизвици, ХКБ се покажа како издржлив оддел, со солиден раст во сите клучни деловни сегменти - хемија, козметика и билка.

**Успешност на пласманите – пораст од 5% во споредба со 2023 година**

- **Хемија:**
  Македонија: **-7%** во споредба со 2023 година
  Извоз: **+32%**
  **Вкупно +7%**
- **Козметика:**
  Македонија: **+6%** во споредба со 2023 година
  Извоз: **+4%**
  **Вкупно: +5%**
- **Билкарство:**
  Македонија: **+7%** во споредба со 2023 година
  Извоз: **+5%**
  **Вкупно: +6%**

## Хемија

И покрај глобалните предизвици во хемиската индустрија одделот Хемија ја одржа стабилноста во резултатите од своето работење. Долгорочните партнерства со реномирани меѓународни компании ја заштитија компанијата од пазарните флуктуации, обезбедувајќи стабилен пласман на своите производи. Стратешките набавки, подобрувањето на ефикасноста на работењето и посветеноста на специјализирани хемиски решенија помогнаа да се ублажат негативните надворешни фактори. Силното присуство на Алкалоид во регионот и постигнатиот углед придонесоа кон континуираната стабилност на одделот.

## Козметика

Одделот Козметика се појави како главен двигател на растот, користејќи ја солидната побарувачка на домашниот и на извозните пазари. Асортиманот на лична хигиена и козметика за бебиња, особено брендот Becutan, забележаа значителен раст на пласманите. Иновативните формулации, подобрените дистрибутивни канали и насочените маркетиншки активности придонесоа да се одржи доверба на потрошувачите и лојалност кон брендот. Извозот во регионот играше клучна улога во успехот на одделот, со што се зајакна позицијата на Алкалоид како лидер во таа категорија на неколку регионални пазари.

## Билкарство

Сегментот за билни производи, исто така, забележа позитивен раст, што беше поддржан од сè поголемата побарувачка за природни и органски производи на светските пазари. Бизнисот со чаеви на Алкалоид се прошири со извоз на органски чаеви на американскиот пазар. Овој успех беше постигнат преку унапредување на односите со дистрибутерите и со сè поголемата предност што потрошувачите ја даваат на висококвалитетните билни производи.

## Стратешки иницијативи и влијание

За да ја зголеми својата конкурентност и профитабилност, Алкалоид спроведе **стратегија за оптимизација на портфолиото на производи** и ги рационализираше производствените процеси. Овие активности доведоа до **значително намалување на трошоците и поголема ефикасност во работењето**, со што се зајакна нашата посветеност кон одржливиот раст и долгорочното создавање на додадена вредност.

Сите **основни брендови** остварија позитивен раст, а во одделот Козметика, тој раст го предводеше нашиот водечки бренд **за лична хигиена за бебињата Becutan**. Овој успех ја истакна способноста на Алкалоид да воведува иновации и да одговори на новите барањата на пазарот, истовремено одржувајќи го силниот углед на брендот.

## Заклучок

Општо земено, за одделите хемија, козметика и билкарство 2024 година беше година на прилагодување и раст. Со искористување на силата на својот бренд, стратешките партнерства и посветеноста кон квалитетот, Алкалоид ја зајакна својата позиција на пазарот и го подготви теренот за континуиран раст во наредните години.

# Снабдување

Годината 2024 се карактеризираше со стабилни цени на енергенсите, намалување на периодот на испорака на материјалите, како и со тренд на стабилни набавни цени. Овој позитивен тренд беше присутен речиси во текот на целата година.

Следењето и анализата на тековната состојба, како и оперативните ризици за испорака и за движење на цените се одвиваа континуирано во текот на годината. Тековно се преземаа мерки соодветни на пазарните околности, од аспект на намалување на цените на материјалите, на роковите на испорака и на елиминирање на потенцијалните ризици.

Како и во изминатиот период, сите новонастанати предизвици во деловното работење, поминаа без последици врз нашиот производствен процес, благодарение на преземените активности, искуството на вработените и на брзото приспособување на новонастанатите услови на светските пазари.

Одредени сигнали за зголемување на цените на материјалите се појавија како резултат на инфлацијата и на недостигот од работна сила во текот на третиот квартал, со тенденција за продолжување и во 2025 год.

За издвојување е континуираната заложба на компанијата за подобрување на клучните перформансни индикатори, поголема инклузивност во реализацијата на компаниската ESG-стратегија, пронаоѓање алтернативни добавувачи, како и за контрола и за подобро менаџирање со резервите на материјалите.

Во текот на 2024 г. во четирите погонски целини и во нивните магацини беа извршени приближно 16.700 операции за прием на репроматеријали од сите типови и групи на материјали или нешто помалку од 900 милиони единици влезен производ.

## Магацинско работење

Во 2024 година фокусот на активностите на магацинското работење беше насочен кон проширување на капацитетите за складирање готов производ наменет за извоз, со отворањето на магацинот БАРД 2 со капацитет од 11.000 палетни места.

Успешно беа спроведени масовната преселба на 6.500 палети и целосната реорганизација и оптимизација на складирањето на готовиот производ за извоз, со цел обезбедување совршени услови за непречена и за навремена испорака и задоволување на барањата на нашите купувачи.

Тоа го потврдуваат и клучните индикатори на перформансата – на реализирани 2.931 испорака за извоз во 2024 г. имаме 6 рекламации од купувачите или реализација од 99,8 % точност на испораките.

Активно учествуваме и во проектите MES и LIMS во тесна соработка со Производство – фармација и со Контрола на квалитет – фармација заради целосно дигитализирано поврзување на процесите и постигнување максимална меѓусебна поддршка на системите за постигнување на конечната цел.

Активно ги предизвикуваме и ги редефинираме процесите на магацинското работење и процесите поврзани со одделите кои нè засегаат, за да го поедноставиме магацинското работење и за да постигнеме максимални резултати. Активно работевме на оптимизација на процесот за ракување со акцизни добра, сребро и со запаливи материи.

Сите овие активности беа потребни и ни служат како подготовка на системот за конечно да може да започне процесот на дигитализација на магацинското работење, кој како проект ќе започне од магацинот за извоз (фармација) БАРД 2, а потоа во етапи ќе се воведе и во сите магацини на АЛКАЛОИД АД во двата профитни центри.

Нашата заложба останува и натаму иста – беспрекорно одржување на резервите и нивно менаџирање, обезбедување модерни и безбедни услови за работа, како и континуирано оптимизирање на капацитетите и на процесите преку воведување современи техники и опрема.

# Транспорт

Како и претходната година нашата компанија и во 2024 година се соочуваше со разни предизвици: пораст на трошоците за транспорт, најави за подолги рокови на испорака, одложени рокови, доцнење на испораките, воени кризи, блокади и промени во транспортните рути. Овие предизвици бараа значително вложување и посветеност за минимизирање на ризиците. Компанијата и покрај сите тековни предизвици, и во изминатата 2024 година, благодарение на тимскиот напор, како и на поддршката од своите надворешни соработници, успеа во пресретнувањето и во избегнувањето поголеми негативни ефекти врз тековното оперативно работење.

За овие потреби во 2024 година биле ангажирани 13.481 возило од различни транспортни типови, од кои 61,5 % од сите користени возила за таа цел се возила во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје. Од вкупниот број ангажирани возила само 1,8 % се нецелосно искористени според својот волумен/капацитет. Од сите ангажирани возила (во сопственост на АЛКАЛОИД АД и возила од посредници) 99 % биле навремени товарења, а 96,7 % од нив биле навремени истовари или испораки.

# Сервис

Во текот на 2024 година, нашата компанија реализираше значајни активности преку нашиот Сервисен оддел. Покрај редовните активности за превентивно и тековно одржување на производната опрема, опремата за поддршка на производството, инфраструктурата и обезбедувањето на квалитетот на мерната опрема, Сервисниот оддел активно учествуваше во финализација и пуштање во работа на нова опрема и инвестициски проекти.

Во соработка со реномирани компании како Gebrüder Lödige, GEA Pharma Systems, Fette Compacting, Alexanderwerk и DeLama, успешно финализиравме и пуштивме во работа нови системи за хомогенизација, влажна и сува гранулација, таблетирање и автоматско перење садови за складирање фармацевтски материјал. Овие проекти значително го подобрија нашиот производствен капацитет и ефикасност.

Грижата за луѓето и безбедноста, заштитата на животната средина како и зачувување на енергетските ресурси како едни од нашите најважни приоритети се имплементирани со конкретни активности на сите локалитети на компанијата.

# Инвестиции

Посветеноста на постојан раст и развој и следењето на трендовите за најновите достигнувања во сферата на фармацијата се главните причини поради кои во изминатите две децении АЛКАЛОИД АД Скопје се задржа на курсот на континуирано инвестирање.

Во изминатата 2024 година АЛКАЛОИД АД продолжи истрајно да инвестира и заокружи еден започнат инвестициски циклус. Големите инвестициски проекти не се ограничени со календарскиот крај на годините, туку имаат својата динамика на реализација, која трае повеќе години. Накратко е даден осврт на инвестициите во изминатата година, поделени тематски.

## Унапредување на технолошките процеси, зголемување на капацитетите, нови производствени погони и лаборатории

Во согласност со тековниот план за капитални вложувања (CAPEX 2017 – 2037), АЛКАЛОИД АД од 2017 година наваму има пуштено во употреба неколку нови фармацевтски капацитети, кои вклучуваат: погон за производство на полуцврсти фармацевтски форми (масти, кремови и гелови), погон за пакување лекови, вагална за мерење суровини и магацински простор за складирање суровини, како и нов погон за производство на цврсти фармацевтски форми, една од најзначајните инвестициски активности.

Со надградбата **на објект Б, производство и пакување на цврсти фармацевтски форми**, со внатрешното оформување на просторот и со опремувањето со нови производствени капацитети се заокружи еден значаен капитален инвестициски циклус – новиот погон за производство на цврсти фармацевтски форми Таблетно одделение 2.0 и придружните технички простории. Со оваа инвестиција се овозможи значајна диверзификација на производите и се создадоа услови за неколкукратно зголемување на капацитетот на производството на цврсти форми.

Во текот на 2024 година, во Производство фармација, во **Одделението за производство на цврсти фармацевстки форми** се комплетираше и започна со производство нова технолошка целина составена од опрема за влажна гранулација, опрема за сува гранулација, од опрема за хомогенизирање, опрема за таблетирање, опрема за филм-обложување и од автоматска машина за перење контејнери. Потоа се изврши целосно опремување на лабораторијата за процесна контрола, на просториите за складирање и на другите простории со друга ситна манипулативна опрема.

На почетокот на годината се предаде за користење и новиот **објект А3 на Производство фармација, со намена за централни гардероби**, решение со кое се обезбедуваат повеќе од 900 гардеробни места за вработените во делот за производство на фармацевтски производи. Објектот се протега на подрум, приземје и на 4 ката, со технички катови над секој кат, и ги обезбедува неопходните придружни содржини целосно усогласени со барањата на растечките производствени капацитети. Комплексноста на овој објект произлегува од концептот тој да биде во функционална поврзаност со производствените одделенија, организирани на различни катови во двата соседни производствени објекти. Притоа, треба да се води сметка и да се избегне контаминација при движење на вработените, а индиректно и на секој сегмент на производството, што е основа на стандардите за фармацевтско производство. Вкупната површина на новиот објект изнесува 4.100 m², за чија изградба и опремување се вложени 3,8 милиони евра.

Новиот техничко-технолошки капацитет, Таблетно одделение 2.0 и придружните технички простории, чија цел е повеќе од двојно зголемување на обемот и поголема флексибилност во производството на цврсти фармацевтски форми, зафаќа површина од 6.200 m² (производствени и технички простории), а за него АЛКАЛОИД вложи вкупно 19,4 милиони евра.

Нашето минато и нашата традиција се темелот на кој стоиме и чекориме во иднината. Изминатата година беше реализирана инвестиција од 60.000 евра за оформување и за опремување на музејскиот простор на АЛКАЛОИД АД, кој ќе сведочи за традицијата и за историјата на нашата компанија. Потсетник за тоа од каде сме тргнале, каде сме денес и во кој правец треба да продолжиме да се движиме.

На локалитетот Ѓорче Петров, во објектот за **производство на козметика**, се реализираа повеќе активности потребни за исполнување на GMP-прописите и за добивање сертификат ISO 22716 за исполнување на упатствата на Добрата производствена пракса за козметичката индустрија. Со тоа се потврди посветеноста на компанијата за заштита на квалитетот и на безбедноста на нашите козметички производи и влажни марамчиња.

Во текот на 2024 година АЛКАЛОИД АД целосно го удвои капацитетот за производство на влажни марамчиња преку набавка и инсталирање уште една, втора производствена линија за влажни марамчиња. За таа цел се приспособи просторот потребен за инсталирање и за функционирање на новата опрема, а се извршија и модификација и надградба на производствените линии за трансфер на лосион, во вредност од 310.000 евра.

Покрај наведените проекти, во текот на 2024 година беа спроведени голем број интервенции од помал обем, во насока на обезбедување нови производствени и работни простории, како и на подобрување на постојните работни услови.

## Инвестиции во задоволството на вработените како дел од компаниското начело „Луѓето пред сè“

Човечкиот капитал и задоволството на вработените, како приоритети за нашата компанија, беа предводник за реализација на неколку инвестициски проекти од оваа сфера.

Паралелно со зголемувањето на бројот на вработените континуирано се преземаат активности во насока на подобрување на постојните работни услови не само во производствениот дел, туку и во другите служби – реновирање и осовременување на канцелариските простор, како и на салите за работа и за состаноци.

Вработените во АЛКАЛОИД АД континуирано добиваат подобри услови за безбедна работа, а компанијата покажува дека во сите сфери од функционирањето го остварува основното мото што го следи последниве години – *Луѓето пред сè*.

## Животна средина, енергија и енергетска ефикасност

**Инвестициските активности во АЛКАЛОИД АД сè повеќе се фокусираат на прашањата поврзани со компаниската ESG-стратегија и со компаниските цели.**

Еден од најголемите приоритети во деловната стратегија на компанијата е подигнувањето на општествената свест за заштита на животната средина. Во текот на 2024 година посебно внимание им се посвети на инвестициските активности во насока на **грижа за водните ресурси**.

На локалитетите во Автокоманда и во Ѓорче Петров се започна со активност за поставување инструменти за континуирано набљудување на отпадната вода, што ќе послужи за преземање соодветни активности во идниот период. Активноста ќе продолжи и во наредните години поради обемноста на проектот, разновидноста на производствените процеси и поради големината на локалитетите.

Со цел рационализација на трошењето на водата за пиење, продолжуваат активностите за користење бунарска вода за технолошки потреби. На два објекта на локалитетот во Ѓорче Петров се поставија преттретмани на бунарска вода со континуиран третман, вода која натаму пречистена се користи за технолошки потреби. Во согласност со дозволата за користење бунарска вода за технолошки потреби, бунарската вода ќе се користи и повторно ќе се враќа во почвата, воедно со заштеда на санитарната градска вода.

Имајќи ги предвид заложбите на АЛКАЛОИД АД Скопје за намалување на јаглеродниот отпечаток во рамките на својата ESG-стратегија и напорите за одржлив развој, 2024 година го означи почетокот на уште еден голем проект, кој предвидува изградба на фотоволтаична централа со проектиран капацитет за производство на електрична енергија од околу 11 илјади мегават-часови на годишно ниво. АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше ново капитално поврзано друштво со назив АЛКАЛОИД ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје, со цел производство на електрична енергија исклучиво за сопствени потреби. Изминатата година интензивно се работеше на обезбедување предуслови, спроведување подготвителни активности, урбанистичка документација и на подготовка на проектна документација. Со овие капацитети ќе се овозможи од 75 до 85 % од електричната енергија која се користи за производствените капацитети на АЛКАЛОИД АД Скопје да биде од сопствени обновливи извори.

Во 2024 година е пуштена во употреба нова фотоволтаична централа со инсталиран капацитет од 93,525 kW. Инвестицијата е во вредност од 50.000 ЕУР и опфати инсталација на 215 фотоволтаични панели на кровната површина на објектот Б во склоп на локалитет Билка. Со пуштањето во употреба на овој проект е планирано да се постигнат заштеди на електрична енергија од приближно 110 MWh или заштеда од испуштање стакленички гасови, конкретно 69 тони $CO_2$ во атмосферата на годишно ниво. Инвестирањето во нови производствени капацитети, современа опрема, во изработка на квалитетни проекти, грижа за животната средина и во енергетска ефикасност останува примарна стратешка определба на АЛКАЛОИД АД и во периодот што следува.

Следењето на најновите трендови во индустријата и во производството на ценовно достапни, квалитетни, ефикасни и безбедни производи, кај кои заштитниот знак на АЛКАЛОИД АД е синоним за високото ниво на квалитет и на сигурност, е принцип кој е цврсто втемелен во корпоративната политика на компанијата. **Развојот на АЛКАЛОИД АД, почнувајќи од 2017 година, е осмислен со долгорочен, дваесетгодишен план за инвестициски активности, кој чекор по чекор се реализира секоја година со несмален ентузијазам и со голема посветеност.**

# Вложувања

Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје регистрираше ново друштво во Хрватска, со назив АЛКАЛОИД ФАРМА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Загреб. Имајќи предвид дека 68 % од пласманот на производите на компанијата се наменети за извоз, од исклучително значење е присуството на производствената програма на пазарите во ЕУ, како и проширувањето на нови пазари. Во таа насока, новоотворениот правен субјект е осми по ред кој е основан во рамките на земјите членки на Европската Унија.

Компанијата регистрираше и ново капитално поврзано друштво во Казахстан, со назив АЛКАЛОИД КАЗАХСТАН ДОО, кое е прва подружница на компанијата во Азија. Отворањето на ова друштво претставува исклучителна можност за искористување на големиот потенцијал за пласирање фармацевтски производи на овој пазар, чија вредност на годишно ниво изнесува над 2 милијарди евра. Казахстан е пазар со 19,6 милиони жители и е економија со најдобри перформанси во Централна Азија. Портфолиото на АЛКАЛОИД во Казахстан за почеток ќе опфаќа антибиотици и додатоци во исхраната наменети за бремени жени. Во иднина компанијата планира проширување на асортиманот, како и присуство и во други земји од тој регион на интерес. Подружницата во Казахстан, лоцирана во градот Алмати, е 26-то по ред капитално поврзано друштво на АЛКАЛОИД.

АЛКАЛОИД АД Скопје како интернационална генеричка фармацевтска компанија тежнее да биде присутен во сите сегменти на овој бизнис и да им понуди на здравствените системи и на пациентите достапност до што поголемо портфолио и типови на лекови по прифатлива цена.

Покрај вообичаените генерички лекови, АЛКАЛОИД АД Скопје има стратешка цел да настапи на пазарот и со биослични лекови. За навреме да настапи во овој растечки бизнис-сегмент во фармацевтската индустрија, АЛКАЛОИД АД, преку докапитализација на своето новоформирано друштво АЛКАЛОИД ФАРМА ИНТЕРНАЦИОНАЛ од Хрватска, вложи во јужнокорејската истражувачко-развојна компанија Rophibio преку купување малцински удел. Преку ова вложување во Јужна Кореја, во противвредност од 1 милион американски долари, АЛКАЛОИД АД, покрај сопственичкиот удел во компанијата, ќе добие и право на првенство при лиценцирање на производите за регионите во кои има свои операции. Земајќи го предвид потенцијалот на пазарот, како и искуството на тимот кој ја предводи компанијата Rophibio, АЛКАЛОИД АД донесе одлука за инвестиција во оваа истражувачко-развојна компанија, која во моментов е во напредна фаза на развој на биослични лекови.

# Иновации

АЛКАЛОИД изминативе години започна процес на редизајнирање на постојните генерички фармацевтски производи за нови индикации, со цел создавање лекови со додадена вредност кои овозможуваат третирање и задоволување на потребите на индивидуални или на специфични групи пациенти. Стратешките инвестиции за модернизација на производственото портфолио доведоа до успешен развој на првиот патентиран лек со додадена вредност на АЛКАЛОИД, наменет, пред сè, за третман на рефлуксен езофагитис и на гастроезофагеална рефлуксна болест (ГЕРБ). Лекови од прв избор во третманот на рефлуксниот езофагитис и на ГЕРБ се т.н. инхибитори на протонска пумпа, група во која спаѓа и Омепразолот, кои најчесто се достапни во форма на гастрорезистентни таблети и капсули, како и на прашок за растворање. За првпат во историјата АЛКАЛОИД разви течна форма на лекот Омепразол, готов за употреба.

За пероралниот раствор Омепразол АЛКАЛОИД го доби првиот интернационален патент за лек со додадена вредност (Value Added Medicine – VAM), а првите одобренија за ставање во промет на овој иновативен лек веќе се доделени за македонскиот пазар, како и за пазарите во Обединетото Кралство, Ирска, Холандија, во Португалија, Унгарија, Романија, во Словенија, Хрватска, Бугарија и на Косово. Во тек се регистрациските постапки за другите земји во Европа и за пазарите во Европската Унија, при што се очекува добивање одобренија за ставање на лекот во промет и за негово последователно лансирање.

# Човечки ресурси

Нашата посветеност на развојот и на задржувањето на талентираните вработени како и секоја година и оваа одигра клучна улога во постигнувањето на стратешките цели на компанијата. Оваа година алкалоидовото семејство го збогативме со нови 253 членови во земјата.

Во контекст на нашата посветеност на клучните вредности, во текот на 2024 година воведовме повеќе нови политики кои ја зајакнуваат нашата заложба за обезбедување еднаков третман на сите наши вработени. Преку нивна промоција и доследно почитување создаваме инклузивна и правична работна атмосфера, во која секој вработен се чувствува вреднувано.

## Обука и развој на вработените

Во 2024 година беа реализирани голем број интерни и екстерни обуки во насока на надградување и унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на вработените. Просечно секој вработен поминал 172,39 часа обука, а просечниот износ на трошоците за обука од вработен изнесувал 8.573,64 денари. Обуките за новвработените продолживме да ги организираме во рамките на менторските и на развојните програми кои ги следиме и ги ажурираме во согласност со актуелните потреби на компанијата.

## Програма за млади таленти – практикантство 2024 година

Во 2024 година 12 практиканти успешно ја започнаа својата кариера во компанијата, а од втората генерација на парцијално дуалната паралелка вработени се 8 ученици. Дополнително, 626 студенти активно учествуваа во развојните активности, здобивајќи се со практично искуство за полесна интеграција во работната средина.

Веќе неколку години успешно ја спроведуваме и Програмата за млади таленти, во која се вклучени програмите за практикантство и за парцијално дуално образование. За 2024 година беа избрани **52 (педесет и двајца) практиканти**, од кои 9 се со ССС, а 43 се со ВСС. Заклучно со 2024 година вкупно 310 практиканти биле дел од оваа програма. Процентот на вкупна вработливост досега од почетокот на проектот за практикантство изнесува 39 %.

Во Програмата за практикантство на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година беа вклучени следниве образовни институции:

- Фармацевтскиот факултет, УКИМ
- Институтот за хемија при ПМФ, УКИМ
- Институтот за биологија при ПМФ, УКИМ
- Технолошко-металуршкиот факултет, УКИМ
- Медицинскиот факултет, УКИМ
- ФЕИТ, УКИМ – КСИАР
- Машинскиот факултет, УКИМ
- Факултетот за медицински науки, УГД – Фармација
- СМУГС „д-р Панче Караѓозов“
- СУГС „Марија Кири Склодовска“
- СУГС „Владо Тасевски“

## Парцијално дуално образование

Заклучно со новата четврта генерација на ученици во учебната 2024/2025, вкупно 99 ученици биле или се дел од парцијално дуалното образование во АЛКАЛОИД. Процентот на вкупна вработливост досега, од почетокот на проектот за парцијално дуално образование во 2021 година, изнесува **54,5 %**.

Од септември 2024 година парцијално дуалното образование се прошири и во уште едно училиште – СУГС „Марија Кири Склодовска“. Новата генерација на ученици во комбинираната паралелка во учебната 2024/2025 година брои 28 ученици.

Ова достигнување ја нагласува нашата заложба за поддршка на младите таленти преку внимателно планирано и структурирано обучување, помагајќи им да ја започнат својата кариера со потребното знаење.

## Развојни активности во соработка со образовните институции

Како дел од Програмата за млади таленти, во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје потпиша анекс на Меморандумот за соработка со Фармацевтскиот факултет Скопје при УКИМ, кој го одбележува долгогодишното успешно партнерство исполнето со голем број реализирани проекти. Преку овој анекс редовните студенти на Фармацевтскиот факултет имаа можност да учествуваат во различни развојни активности во рамките на својот курикулум. Овие активности се однесуваат на однапред дефинирани предмети и вклучуваат изведување вежби во лабораторија, посети на производствените капацитети, како и предавања од врвните специјалисти на АЛКАЛОИД. Вкупно 626 студенти беа дел од развојните активности организирани од АЛКАЛОИД АД Скопје. Најголем дел од развојните активности беа:

- реализација на вежби во Тренинг-лабораторијата на АЛКАЛОИД АД Скопје за 204 студенти;
- реализација на посети во погоните и во лабораториите, како и практична примена на секојдневните активности за 247 студенти;
- реализација на теоретски предавања со практични вежби и примери за 175 студент.

## Спорт, здравје и добросостојба

Вкупно 621 наш вработен учествуваше на Скопскиот маратон. На трката на 5 км АЛКАЛОИД се претстави со 542 натпреварувачи, на полумаратонската трка со 77, а на маратонската трка со 2 натпреварувачи.

## Грижа за вработените

Како општествено одговорна компанија, и оваа година продолжуваме со проекти и со активности кои придонесуваат за поголема грижа и добросостојба на нашите вработени. Покрај проектот за добредојде на нововработените, го продолжуваме и проектот за бенефиции за децата на вработените, обезбедувајќи месечна финансиска поддршка од 1.150 денари од дете за доедукација, спорт, за рекреација, наука и за култура. Од 2024 година пакетот за бенефиции го проширивме со нова бенефиција – слободен ден за прваче. Позитивниот повратен одговор од вработените, вклучувајќи го и бројот на корисници на бенефициите, е доказ за успешниот тек на проектите, преку кои уште еднаш ја истакнуваме грижата за вработените и за идните генерации, за чиј развој и едукација се заложуваме.
Во првиот квартал од 2024 година, во март, компанијата на своите вработени им исплати регрес за годишен одмор во нето-износ од 40.500 денари и го продолжи доброволното приватно здравствено осигурување.

## Регрутација и селекција

Процесот на регрутација и селекција е целосно дигитализиран преку софтвер за регрутација, почнувајќи од годишното планирање на кадарот, па сè до реализирањето на потребите од вработување, како и со активно користење на новата интернет-апликација поставена на корпоративната веб-страница на АЛКАЛОИД.

Акцентот беше ставен врз привлекувањето таленти со помош на најразлични стратегии, како и врз зајакнувањето на брендот АЛКАЛОИД преку активно присуство на настани за кариера и преку соработки со голем број образовни институции. Особено значајно е што и оваа година, вторпат по ред, АЛКАЛОИД ја доби Наградата за најпосакувана македонска компанија за вработување од спроведената анкета на сајтот Vrabotuvanje.com.mk. Оваа награда по вторпат ја истакнува општествената улога која ја има компанијата во однос на спречувањето на сè поголемиот одлив на работна сила надвор од нашата држава.

Изминатата 2024 година ја завршивме со следнава состојба на бројот на вработени:

**Состојба на бројот на вработени (31.12.2024 година)**

| ПЦ/ОЕ | Број на вработени |
|---|---|
| Фармација | 1281 |
| Хемија | 68 |
| Козметика | 122 |
| Билка | 50 |
| Продажби ХКБ | 26 |
| Администрација ХКБ | 2 |
| Планирање на производството ХКБ | 6 |
| Корпоративни служби | 689 |
| **ВКУПНО АЛКАЛОИД АД Скопје** | **2.244** |

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која континуирано вложува во унапредување на квалификациската структура на вработените. Убедени сме дека само образован и обучен кадар може да одговори на реализацијата на стратешките цели и определби на компанијата.

**Квалификациска структура на вработените во Алкалоид АД**



Во однос на половата структура во АЛКАЛОИД АД Скопје, состојбата е следна:

**Полова структура на вработените во Алкалоид АД**




**Полова структура на раководителите во Алкалоид АД**




Просечна возраст во структурата на нашите вработени

| | |
|---|---|
| **Просечна возраст во АЛКАЛОИД АД Скопје** | **38 години** |

Бројот на вработени во изминатите години бележи постојан раст.

**Бројот на вработените во Алкалоид АД Скопје според годините**




Вкупно 55 вработени заминале од компанијата на свое барање, а процентот на одлив е даден подолу.

| | |
|---|---|
| **Одлив на вработени (%)** | **2,5 %** |

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Одржлив развој

## Животна средина, општествени прашања и управување (Environmental Social Governance - ESG)

АЛКАЛОИД АД Скопје како глобална компанија секогаш работи во насока на следење и на примена на светските трендови за унапредување на доброто корпоративно управување, па слободно можеме да истакнеме дека АЛКАЛОИД АД Скопје е пионер во промоцијата и во примената на светските трендови и стандарди за добро корпоративно управување во Република Северна Македонија.

Во современиот деловен свет одржливоста и општествената одговорност стануваат сè поважни аспекти на корпоративното работење. АЛКАЛОИД како водечка компанија со повеќедецениска традиција и углед го препознава значењето на ESG-принципите (Environmental, Social, Governance) за своето работење и за заедницата во која дејствува.

Следејќи ги поставените предизвици во имплементирањето на ESG-постулатите за нефинансиско известување, АЛКАЛОИД и во 2024 година продолжи со натамошно унапредување на целокупните процеси поврзани со ESG.

ESG претставува рамка преку која компаниите можат да го проценат и да го подобрат своето влијание врз животната средина, општеството и управувањето. За АЛКАЛОИД ова значи интегрирање иновативни практики кои ја намалуваат еколошката трага, промовирање општествени вредности преку поддршка на локалната заедница и обезбедување транспарентно и етичко управување.

Имплементирањето на ESG-стратегијата во АЛКАЛОИД не само што ја зајакнува репутацијата на компанијата туку и претставува долгорочна инвестиција во одржлив раст. Со посветеност спрема заштитата на животната средина, креирање подобри услови за вработените и со одговорно управување, АЛКАЛОИД продолжува да биде пример за тоа како една компанија може да создава вредност и позитивно влијание во целото општество. Во овој контекст, АЛКАЛОИД демонстрира лидерство и визија поставувајќи стандарди кои го надминуваат традиционалниот бизнис-модел и ја ставаат одржливоста како главен фокус на работењето.

Во 2024 година компанијата повторно беше исправена пред големи предизвици за унапредување на целокупниот процес. Компанијата го усвои и го имплементира новиот кодекс за добавувачи, со највисоки оцени успешно се реализираше првиот етички аудит, а во согласност со СМЕТА-стандардите дополнително се усвоија и неколку нови политики за унапредување на положбата на вработените во компанијата.

Заради зајакнување на внатрешните компаниски капацитети за имплементирање на ESG-стандардите, се организираше првата компаниска ESG-работилница посветена на изработката на консолидиран ESG-извештај, на која беа присутни одговорните лица од сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД.

Во светот на современото корпоративно управување, транспарентноста и одржливоста стануваат клучни фактори за долгорочен успех. Европската Унија, преку Директивата за корпоративно известување за одржливост (CSRD – Corporate Sustainability Reporting Directive), воспостави понапреден и обврзувачки систем за известување за да обезбеди унифицирани и веродостојни информации за влијанието на компаниите врз животната средина, општеството и управувањето (ESG – Environmental, Social, Governance).

Во рамките на CSRD, Европските стандарди за известување за одржливоста (ESRS – European Sustainability Reporting Standards), со јасни и детални барања, претставуваат основа за компаниите да ги усогласат своите извештаи. Овие стандарди содржат насоки за тоа како треба компаниите да ги собираат, да ги анализираат и да ги претстават информациите за своите ESG-перформанси, овозможувајќи транспарентност и компарабилност на пазарот.

Започнатиот процес на имплементација на ESRS и на CSRD во АЛКАЛОИД не само што ќе го унапреди процесот на известување туку и ќе придонесе за поефикасна интеграција на одржливоста во стратешките одлуки на компаниите. Оваа иницијатива е клучен чекор кон постигнувањето на целите на Европскиот зелен договор и кон создавањето поодржлива економија.

Ние како АЛКАЛОИД АД Скопје целосно ја прифаќаме нашата одговорност за креирање одржлива иднина. Преку примената на ESG во нашето работење и преку несебичната посветеност за преземање нови активности и инвестиции ќе овозможиме натамошно задржување на нашите вработени и натамошно привлекување други таленти, ќе ја зголемиме нашата ефикасност во работењето и ќе продолжиме со зајакнување на довербата со нашите заинтересирани страни.

**Повеќе може да прочитате во ESG извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје.**

# Единечен финансиски извештај за работењето

## КЛУЧНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | Износ 2024 | Износ 2023 | Во 000 МКД Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 13.972.976 | 12.765.496 | 109 |
| Продажби | 13.433.299 | 12.261.902 | 110 |
| Бруто-профит | 5.287.822 | 4.639.748 | 114 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА**) | 2.886.531 | 2.572.486 | 112 |
| Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (**ЕБИТДА** маржа) (во %) | 21,5 % | 21,0 % | 102 |
| Оперативен профит | 1.921.125 | 1.684.062 | 114 |
| Профит пред оданочување | 1.872.306 | 1.651.839 | 113 |
| Нето-профит | 1.702.570 | 1.520.547 | 112 |
| Вкупно средства | 19.740.924 | 18.351.222 | 108 |
| Капитал | 14.453.683 | 13.510.179 | 107 |
| Нето паричен тек | -3.265 | 55.602 | - |
| Вложувања во основни средства | 1.342.620 | 1.700.395 | 79 |
| Број на вработени | 2.244 | 2.103 | 107 |
| Продажби по вработен | 5.986 | 5.831 | 103 |
| | | | |
| Тековен коефициент | 2,10 | 2,02 | 104 |
| Долгорочна задолженост | 8,2 % | 7,2 % | 114 |
| **РОЕ** – враќање на капиталот | 12,18 | 11,25 | 108 |
| **ЕПС** – заработка по акција (во денари) | 1.211,4 | 1.081,9 | 112 |
| Вкупен број на акции | 1.431.353 | 1.431.353 | 100 |
| | | | |
| **1 ЕУР/1 МКД (просек)** | 61,5319 | 61,5570 | 100 |

## СЕЛЕКТИРАНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| | Износ 2024 | Износ 2023 | (Во 000 ЕУР) Индекс 24/23 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 227.085 | 207.377 | 110 |
| Продажби | 218.314 | 199.196 | 110 |
| **ЕБИТДА** | 46.911 | 41.790 | 112 |
| **ЕБИТ** – заработка пред камати и даноци | 31.222 | 27.358 | 114 |
| Нето-профит | 27.670 | 24.701 | 112 |
| **ЕПС** – заработка по акција | 19,69 | 17,57 | 112 |

## 1. Општи податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје е акционерско друштво основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на друштвото е бул. „Александар Македонски“ бр. 12 Скопје.

**Основната дејност** на АЛКАЛОИД АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и на козметички производи, како и на производи од билно потекло. Покрај основната дејност, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со уписот во надлежниот регистар, може да извршува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и со непрехранбени производи.

**Претежна дејност** е производството на фармацевтски производи.

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај на АЛКАЛОИД АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 290/2020 и 215/2021) и со Правилникот за водење сметководство (Сл. весник бр. 159/09, 164/10 и 107/11). Годишниот извештај е изготвен во согласност со концептот за набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположливи за продажба, кои се искажани според нивната пазарна цена.

Изготвувањето на годишен извештај, во согласност со Законот за трговски друштва и со Правилникот за водење на сметководство, бара примена на проценки и на претпоставки од менаџментот на друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во консолидираниот извештај. Иако проценките на раководството се базираат врз разумни информации и врз познавања за настаните и за активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансиски ризик

**Видови финансиски ризик**

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици, како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви, на пазарните вредности и на цените), кредитниот ризик, ризикот од неликвидност и каматниот ризик. Пристапот на друштвото во управувањето со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот одбор.

**Пазарен ризик**

**а) Ризик од промена на девизниот курс**
Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел тие да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**б) Ризик од промена на цените**
Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположливи за продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број салда. На тој начин управувањето со кредитниот ризик вклучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување доволни количини на готовина, како и преку можност за обезбедување средства за кредитирање на операциите на друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и за краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, а го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се помали од краткорочните и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на вложените средства расположливи за продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на билансот на состојба.

За вреднување на вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност, во иста или во слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиските средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на друштвото се базираат на искуството и на други фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Фармација | 1.145.956 | 85 | 1.550.921 | 91 | 74 |
| Хемија Козметика Билкарство | 196.664 | 15 | 149.474 | 9 | 132 |
| **Вкупно:** | **1.342.620** | **100** | **1.700.395** | **100** | **79** |

## 4. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 1 април 2024 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2023 година во износ од 772.931 илјади денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка. Исплатената нето дивиденда за една акција за 2023 година изнесува 486,00 денари (2022: 441,00 денари) што претставува пораст од 10,2%.

## 5. Финансирање – кредити

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Кредит** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Тековни кредити | 1.189.700 | 62 | 972.627 | 58 | 122 |
| Нетековни кредити | 738.565 | 38 | 690.834 | 42 | 107 |
| **Вкупно:** | **1.928.265** | **100** | **1.663.461** | **100** | **116** |

**Доспевањето на кредитите е:**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Доспевање** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| До 1 година | 1.189.700 | 62 | 972.627 | 58 | 122 |
| Од 1 до 3 години | 738.565 | 38 | 690.834 | 42 | 107 |
| **Вкупно:** | **1.928.265** | **100** | **1.663.461** | **100** | **116** |

## 6. Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, АЛКАЛОИД АД Скопје во 2024 година нема склучено големи зделки.

## 7. Односи со поврзаните субјекти

АЛКАЛОИД АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

АЛКАЛОИД АД Скопје поседува дваесет и пет подружници, две спортски друштва и една фондација во С. Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **(Во 000 ден.)** |
| | **2024** | | **2023** | | **Инд.** |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 173.256 | 28 | 173.256 | 32 | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 15.439 | 3 | 15.439 | 3 | 100 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 866 | - | 866 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | - | 2.748 | - | 100 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 307 | - | 307 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД фарм СА Фрибург, Швајцарија | 5.429 | 1 | 5.429 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 3.873 | 1 | 3.873 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 161.154 | 25 | 161.154 | 29 | 100 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, Македонија | 3.000 | - | 3.000 | 1 | 100 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 119.359 | 19 | 119.359 | 22 | 100 |
| АЛКАЛОИД ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | 461 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 7.720 | 2 | 7.720 | 2 | 100 |
| АЛКАЛОИД Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 2.616 | - | 2.616 | - | 100 |
| БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 43.081 | 7 | 43.081 | 8 | 100 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД КИЕВ ТОВ, Киев, Украина | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 2.157 | - | 2.157 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД УК ЛИМИТЕД | - | - | - | - | - |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 1.542 | - | 1.542 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л. Романија | 6.150 | 1 | 6.150 | 1 | 100 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 1.231 | - | 1.231 | - | - |
| Алкалоид Фарма Интернационал, Хрватска | 70.729 | 11 | - | - | - |
| АЛКАЛОИД КАЗАХСТАН ЛЛП, Алмати, Казахстан | 5.959 | 1 | - | - | - |
| Алкалоид Енергетика ДООЕЛ | 6.150 | 1 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **637.581** | **100** | **554.743** | **100** | **115** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје, освен вложувањето во АЛКАЛОИД УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје во АЛКАЛОИД УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во 2024 година АЛКАЛОИД регистрираше нови друштва во Хрватска и Казахстан, со назив Алкалоид Фарм Интернационал Загреб и Алкалоид Казахстан ЛЛП. Друштвата се во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во 2024 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво и во Македонија, со назив Алкалоид Енергетика ДООЕЛ. Друштвото е во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во 2023 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Србија, со назив АЛКАЛОИД СЕЕ ДОО Београд. Во 2022 година АЛКАЛОИД регистрираше ново друштво во Романија, со назив АЛКАЛОИД Букурешт С.Р.Л. Друштвата се во 100% сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Друштвото има претставништва во Русија и Украина. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво

**Продажби на производи и услуги**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 297.883 | 4 | 250.009 | 4 | 119 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 2.121.800 | 33 | 1.808.261 | 31 | 117 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сарајево, БИХ | 275.751 | 4 | - | - | - |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 262.747 | 4 | 300.216 | 5 | 88 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 3 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 178.275 | 3 | 163.653 | 3 | 109 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 2.091.907 | 32 | 1.983.059 | 34 | 105 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 1.285.626 | 20 | 1.324.897 | 23 | 97 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 5.575 | - | 6.156 | - | 91 |
| **Вкупно:** | **6.519.567** | **100** | **5.836.251** | **100** | **112** |

**Набавка на производи и услуги**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2024 Износ | % | 2023 Износ | % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 22.251 | 3 | 20.139 | 2 | 110 |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 12.355 | 1 | 11.895 | 1 | 104 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 14.777 | 2 | 13.426 | 2 | 110 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 151.045 | 19 | 180.884 | 22 | 84 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 880 | - | 1.148 | - | 77 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 6.252 | 1 | 5.318 | 1 | 118 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 149.664 | 19 | 223.688 | 27 | 67 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 487 | - | 438 | - | 111 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 57.798 | 7 | 51.735 | 6 | 112 |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, С.Македонија | 12.892 | 2 | 10.287 | 1 | 125 |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | - | - | 1.199 | - | - |
| АЛКАЛОИД ДОО Веледрогерија Белград, Србија | 310 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД Иљач Т. Л. С. Истанбул, Турција | 9.421 | 1 | 6.750 | 1 | 140 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 4.044 | 1 | 3.353 | - | 121 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 3.276 | - | 7.005 | 1 | 47 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 30.115 | 4 | 20.837 | 3 | 145 |
| АЛКАЛОИД КИЕВ ТОВ, Киев, Украина | 204.551 | 26 | 172.422 | 21 | 119 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 13.217 | 2 | 9.970 | 1 | 133 |
| РК АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ | 56.350 | 7 | 85.800 | 10 | 66 |
| РК МУЛТИ ЕСЕНС СКОПЈЕ | 10.650 | 1 | 9.950 | 1 | 107 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Белград, Србија | 18.651 | 2 | 1.174 | - | 1.589 |
| Алкалоид Фарма Интернационал Загреб, Хрватска | 3.468 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД КАЗАХСТАН ЛЛП, Алмати, Казахстан | 12.974 | 2 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **795.428** | **100** | **837.418** | **100** | **95** |

**Побарувања од продажби на производи и услуги**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2024 Износ | % | 2023 Износ | % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | 162.260 | 6 | 159.922 | 8 | 101 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 967.222 | 36 | 654.048 | 32 | 148 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 194.796 | 7 | - | - | - |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, Приштина, Косово | 91.967 | 3 | 85.446 | 4 | 108 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 3 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.224 | - | - | - | - |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | 556.506 | 21 | 489.908 | 24 | 114 |
| АЛКАЛОИД Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 732.176 | 27 | 660.232 | 32 | 111 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 2.070 | - | 2.078 | - | 100 |
| **Вкупно:** | **2.708.224** | **100** | **2.051.634** | **100** | **132** |

**Обврски за набавка на производи и услуги**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2024 Износ | % | 2023 Износ | % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД ДОО Белград, Србија | - | | 1.144 | - | - |
| АЛКАЛОИД ДОО Загреб, Хрватска | 6.930 | 3 | 2.381 | 1 | 291 |
| АЛКАЛОИД ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 48.387 | 19 | 26.939 | 11 | 180 |
| АЛКАЛОИД ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 15.858 | 6 | 27.442 | 11 | 58 |
| АЛКАЛОИД ЕООД Софија, Бугарија | 322 | - | 257 | - | 125 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, Косово | 1.352 | 1 | 1.420 | 1 | 95 |
| АЛКАЛОИДФАРМ СА Фрибург, Швајцарија | 101.482 | 40 | 111.285 | 47 | 91 |
| АЛКАЛОИД Конс ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 137 | - | 605 | - | 23 |
| АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, Црна Гора | 13.505 | 5 | 12.810 | 5 | 105 |
| АЛКАЛОИД-РУС ООО, Москва, Русија | - | - | 8.996 | 4 | - |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 645 | - | 645 | - | 100 |
| АЛКАЛОИД БИЛНА АПТЕКА ДООЕЛ Скопје, С.Македонија | 1.428 | 1 | 1.130 | - | 126 |
| АЛКАЛОИД АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 5.588 | 2 | 2.314 | 1 | 241 |
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 2.100 | 1 | 307 | - | 684 |
| АЛКАЛОИД КИЕВ ТОВ, Киев, Украина | 51.435 | 20 | 39.395 | 16 | 131 |
| АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО, Загреб | 1.753 | 1 | 1.156 | - | 152 |
| Алкалоид СЕЕ ДОО Београд | 183 | - | 559 | - | 33 |
| Алкалоид Фарма Интернационал Загреб, Хрватска | 3.466 | 1 | - | | - |
| АЛКАЛОИД КАЗАХСТАН ЛЛП, Алмати, Казахстан | 465 | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **255.036** | **100** | **238.785** | **100** | **107** |

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

(Во 000 ден.)

| Подружница | 2024 Износ | % | 2023 Износ | % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| АЛКАЛОИД Шпк Тирана, Албанија | 1.845 | 100 | 1.323 | 100 | 139 |
| **Вкупно:** | **1.845** | **100** | **1.323** | **100** | **139** |

## 8. Акционерски капитал

| | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2023** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - |
| **На 31 декември 2023** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - |
| **На 31 декември 2024** | **2.220.127** | **-109.285** | **2.110.842** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 по акција. Издадените акции се платени во целост. На 31 декември 2024 година, бројот на акции со право на глас е 1.405.509 акции.

**Заработка по акција**

| | 2024 | 2023 | Инд. |
|---|---|---|---|
| (Во 000 ден.) | Износ | Износ | 24/23 |
| Расположива Нето добивка (Денари) | 1.702.570.214 | 1.520.546.813 | 112 |
| Број на акции | 1.405.509 | 1.405.509 | 102 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **1.211,35** | **1.081,85** | **110** |

## 9. Надоместоци на раководството

Менаџерскиот тим на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година брои вкупно 146 лица меѓу кои се и членовите на Управниот одбор. Надоместоците за бруто плати и награди, регрес за годишен одмор, новогодишен надоместок, менаџерско осигурување, отпремнина, јубилејни награди и приватно здравствено осигурување на менаџерскиот тим во извештајната година на бруто-основа изнесуваат вкупно 682,9 милиони денари, од кои 563,9 милиони денари претставуваат фиксен и 119 милиони денари претставуваат варијабилен надоместок. На членовите на Надзорниот одбор на друштвото во 2024 година вкупно на бруто основа им се исплатени 4.847 илјади денари (2023: 4.799 илјади денари).

## 10. Приходи

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** (Во 000 ден.) | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Домашен пазар | 3.618.713 | 27 | 3.370.337 | 27 | 107 |
| Странски пазар | 9.814.586 | 73 | 8.891.565 | 73 | 110 |
| **Вкупно:** | **13.433.299** | **100** | **12.261.902** | **100** | **110** |

Остварените вкупни продажби во 2024 година изнесуваат 13.433.299 илјади денари и во споредба со остварените продажби во 2023 година (12.261.902 илјади денари) бележат пораст за 10%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на странски пазар од 10% и порастот на продажбите на домашен пазар за 7%. Според структурата по пазари, најголем обем на продажби, 73% е остварен на странски пазари.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Фармација | 11.646.582 | 87 | 10.566.351 | 86 | 110 |
| Хемија Козметика Билка | 1.786.717 | 13 | 1.695.551 | 14 | 105 |
| **Вкупно:** | **13.433.299** | **100** | **12.261.902** | **100** | **110** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 11.646.582 илјади денари, или 87%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените продажби во 2023 година (10.566.351 илјади денари) бележат пораст за 10%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Фармација | 2.754.032 | 76 | 2.529.563 | 75 | 109 |
| Хемија Козметика Билка | 864.681 | 24 | 840.774 | 25 | 103 |
| **Вкупно:** | **3.618.713** | **100** | **3.370.337** | **100** | **107** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 3.618.713 илјади денари и во споредба со 2023 година (3.370.337 илјади денари) бележат пораст од 7%. Најголем обем на продажби во износ од 2.754.032 илјади денари, или 76%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд. |
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Фармација | 8.892.550 | 91 | 8.036.789 | 90 | 111 |
| Хемија Козметика Билка | 922.036 | 9 | 854.776 | 10 | 108 |
| **Вкупно:** | **9.814.586** | **100** | **8.891.565** | **100** | **110** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 8.892.550 илјади денари и во споредба со 2023 година (8.036.789 илјади денари) бележат пораст од 11%. Најголем обем на продажби од извоз во износ од 8.892.550 илјади денари, или 91%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби по региони**

| Регион / Земја | 2024 Износ | 2024 % | 2023 Износ | 2023 % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| Северна Македонија | 3.618.713 | 27 | 3.370.337 | 27 | 107 |
| Југоисточна Европа | 4.191.233 | 31 | 3.906.542 | 32 | 107 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 2.819.200 | 21 | 2.516.470 | 21 | 112 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 2.655.101 | 20 | 2.302.667 | 19 | 115 |
| Други земји | 149.052 | 1 | 165.886 | 1 | 90 |
| **Вкупно:** | **13.433.299** | **100** | **12.261.902** | **100** | **110** |

Најголем обем од продажбите, 31%, се остварени во земјите од Југоисточна Европа.

**Вкупни приходи**

| Приходи | 2024 Износ | 2024 % | 2023 Износ | 2023 % | Инд. 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **13.433.299** | **96** | **12.261.902** | **96** | **110** |
| **-Домашен пазар** | **3.618.713** | **26** | **3.370.337** | **27** | **107** |
| Продажба на готови производи | 2.471.038 | 18 | 2.435.737 | 19 | 101 |
| Продажба на трговски стоки | 1.069.091 | 8 | 863.777 | 7 | 124 |
| Останата продажба | 78.584 | 1 | 70.823 | 1 | 111 |
| **-Странски пазар** | **9.814.586** | **70** | **8.891.565** | **69** | **110** |
| Продажба на готови производи | 8.264.584 | 59 | 7.727.031 | 60 | 107 |
| Продажба на трговски стоки | 1.376.938 | 10 | 1.038.428 | 8 | 133 |
| Останата продажба | 173.064 | 1 | 126.106 | 1 | 137 |
| **2. Останати деловни приходи** | **539.677** | **4** | **503.594** | **4** | **107** |
| Наплатени отпишани побарувања | 2 | - | 143 | - | 1 |
| Приходи од поранешни години | 1.026 | - | 4.615 | - | 22 |
| Приходи од дивиденда | 135.505 | 1 | 181.809 | 1 | 75 |
| Приходи од камати од тековно работење | 422 | - | 2.213 | - | 19 |
| ПКР од тековно работење | 165.029 | 1 | 192.144 | 1 | 86 |
| Останати приходи | 237.693 | 2 | 122.670 | 1 | 194 |
| **3. Финансиски приходи** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Приход од камата на кредити | - | - | - | - | - |
| **Вкупно:** | **13.972.976** | **100** | **12.765.496** | **100** | **109** |

Остварените вкупни приходи во 2024 година изнесуваат 13.972.976 илјади денари што во споредба со остварените во 2023 година (12.765.496 илјади денари) претставува пораст од 9%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат пораст од 10% во споредба со остварените приходи во 2023 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 4%. Во споредба со остварените во 2023 година бележат зголемување од 7%.

Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| **Приходи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| Продажба на готови производи | 10.735.622 | 80 | 10.162.768 | 83 | 106 |
| Продажба на трговски стоки | 2.446.029 | 18 | 1.902.205 | 15 | 129 |
| Други приходи од продажби | 251.648 | 2 | 196.929 | 2 | 128 |
| **Вкупно:** | **13.433.299** | **100** | **12.261.902** | **100** | **110** |

## 11. Расходи

**Вкупни расходи по природа на трошоци**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| Расходи | Износ | % | Износ | % | 24/23 |
| **1. Промена на залихите** | **-134.976** | **-1** | **-143.165** | **-1** | **94** |
| **2. Суровини и други материјали** | **4.185.805** | **35** | **4.251.076** | **38** | **98** |
| Потрошени суровини и материјали | 3.915.892 | 33 | 3.963.311 | 36 | 99 |
| Потршена енергија | 254.914 | 2 | 274.618 | 2 | 93 |
| Потршени резервни делови | 13.113 | - | 10.758 | - | 122 |
| Отпис на ситен инвентар | 1.886 | - | 2.389 | - | 79 |
| **3. Набавна вредност на трговски стоки** | **1.508.096** | **12** | **1.207.163** | **11** | **125** |
| **4. Услуги** | **608.949** | **5** | **565.760** | **5** | **108** |
| Транспортни трошоци | 195.661 | 2 | 176.858 | 2 | 111 |
| Услуги за одржување | 130.903 | 1 | 120.506 | 1 | 109 |
| Закупнина | 66.184 | 1 | 42.150 | - | 157 |
| Други материјални улуги | 216.201 | 2 | 226.246 | 2 | 96 |
| **5. Амортизација** | **965.406** | **8** | **888.424** | **8** | **109** |
| **6. Вредносно усогласување на средствата** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **7. Трошоци на вработените** | **2.769.643** | **23** | **2.448.538** | **22** | **113** |
| Бруто плати | 2.354.418 | 19 | 2.066.818 | 19 | 114 |
| Трошоци за исхрана на вработените | 72.616 | 1 | 73.511 | 1 | 99 |
| Надомест за годишни одмори | 188.746 | 2 | 158.141 | 1 | 119 |
| Надомест за престанок на работен однос по основ на деловни причини | 10.345 | - | 5.667 | - | 183 |
| Краткорочни користи за вработените | 140.000 | 1 | 130.000 | 1 | 108 |
| Надомест за отпремнини на вработените | 1.373 | - | 12.318 | - | 11 |
| Други лични примања | 2.145 | - | 2.083 | - | 103 |
| **8. Останати расходи од работењето** | **2.148.928** | **18** | **1.809.379** | **16** | **119** |
| Дневници и трошоци за службено патување | 54.443 | - | 48.077 | - | 113 |
| Реклама и пропаганда | 1.033.345 | 9 | 915.434 | 8 | 113 |
| Премии за осигурување | 141.477 | 1 | 108.989 | 1 | 130 |
| Даноци и придонеси | 48.542 | - | 69.523 | 1 | 70 |
| Банкарски услуги и членарини | 26.307 | - | 21.012 | - | 125 |
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 37 | - | 36 | - | - |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 316.909 | 3 | 277.279 | 2 | 114 |
| Расходи од минати години | 7.500 | - | 19.995 | - | 38 |
| Останати трошоци | 520.368 | 4 | 403.294 | 4 | 129 |
| **9. Трошоци на финансирање (Кредити)** | **48.819** | **-** | **32.223** | **-** | **152** |
| Негативни курсни разлики од кредити | - | - | - | - | - |
| Камати на кредити | 48.819 | - | 32.223 | - | 152 |
| **Вкупно:** | **12.100.670** | **100** | **11.113.657** | **100** | **109** |

Остварените вкупни расходи во 2024 година изнесуваат 12.100.670 илјади денари и во споредба со остварените во 2023 година (11.113.657 илјади денари) се зголемени за 9%.

Во структурата на вкупните расходи најголемо учество од 35% имаат Суровините и другите материјали; Трошоците за вработените учествуваат со 23%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 18%; Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, немаат значително учество во вкупните трошоци.

**Биланс на успех по природа на трошоци**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| **Вкупен приход** | **13.972.976** | **100** | **12.765.496** | **100** | **110** |
| Домашен пазар | 3.618.713 | 26 | 3.370.337 | 26 | 107 |
| Странски пазар | 9.814.586 | 70 | 8.891.565 | 70 | 110 |
| Останати деловни приходи | 539.677 | 4 | 503.594 | 4 | 107 |
| Приходи од финансирање | - | - | - | - | - |
| **Вкупни расходи** | **12.100.670** | **-87** | **-11.113.657** | **-87** | **109** |
| Залихи | 134.976 | 1 | 143.165 | 1 | 94 |
| Суровини и материјали | -4.185.805 | -30 | -4.251.076 | -33 | 98 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | -1.508.096 | -11 | -1.207.163 | -9 | 125 |
| Трошоци за услуги | -608.949 | -4 | -565.760 | -4 | 108 |
| Бруто плати | -2.354.418 | -17 | -2.066.818 | -16 | 114 |
| Амортизација | -965.406 | -7 | -888.424 | -7 | 109 |
| Вредносно усогласување на средствата | - | - | - | - | - |
| Останати трошоци од работењето | -2.564.153 | -18 | -2.245.358 | -18 | 114 |
| Финансиски расходи | -48.819 | - | -32.223 | - | 152 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.872.306** | **13** | **1.651.839** | **13** | **113** |
| Данок на добивка | -169.736 | -1 | -131.292 | -1 | 129 |
| **Нето добивка** | **1.702.570** | **12** | **1.520.547** | **12** | **112** |

Остварената Добивка пред оданочување во 2024 година изнесува 1.872.306 илјади денари и во споредба со остварената во 2023 година (1.651.839 илјади денари) бележи зголемување за 13%. Учеството на Добивка пред оданочување во 2024 година во вкупниот приход изнесува 13%.

Пресметаниот Данок на добивка за 2024 година изнесува 169.736 илјади денари и во споредба со 2023 година (131.292 илјади денари) бележи зголемување за 29%.

Остварената Нето добивка во 2024 година изнесува 1.702.570 илјади денари. Во споредба со остварената во 2023 година (1.520.547 илјади денари) бележи зголемување за 12%. Учеството на Нето добивка во 2024 година во вкупниот приход изнесува 12%.

**Биланс на успех по функција**

| Позиција | 2024 Износ | % | 2023 Износ | % | Инд 24/23 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (Во 000 ден.) |
| **Продажби** | **13.433.299** | **96** | **12.261.902** | **96** | **110** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -8.145.477 | -58 | -7.622.154 | -60 | 107 |
| **Бруто-добивка** | **5.287.822** | **38** | **4.639.748** | **36** | **114** |
| Трошоци за истражување и развој | -227.849 | -2 | -189.147 | -1 | 120 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -2.439.832 | -17 | -2.068.924 | -16 | 118 |
| Административни трошоци | -833.062 | -6 | -805.911 | -6 | 103 |
| Останати приходи од работењето | 578.932 | 4 | 503.594 | 4 | 115 |
| Останати расходи од работењето | -405.632 | -3 | -395.298 | -3 | 103 |
| **Добивка од работењето** | **1.921.125** | **14** | **1.684.062** | **13** | **114** |
| Курсни разлики (Нето) | - | - | - | - | - |
| Камати (Нето) | -48.819 | - | -32.223 | - | 152 |
| **Добивка пред оданочување** | **1.872.306** | **13** | **1.651.839** | **13** | **113** |
| Данок на добивка | -169.736 | -1 | -131.292 | -1 | 129 |
| **Нето-добивка** | **1.702.570** | **12** | **1.520.547** | **12** | **112** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во поделните деловни сегменти од сѐвкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така што овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 58%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2023 година бележат пораст од 7%.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 17%. Тие во споредба со остварените во 2023 година бележат пораст од 18%.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 6%. Тие во споредба со остварените во 2023 година бележат зголемување од 3%.

**Биланс на состојба**

| | | | | | (Во 000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | | 2023 | | Инд |
| **Позиција** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **24/23** |
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Материјални средства | 8.027.606 | 41 | 7.881.992 | 43 | 102 |
| Нематеријални средства | 2.288.452 | 12 | 2.145.556 | 12 | 107 |
| Вложувања во недвижности | 203.876 | 1 | - | - | - |
| Вложувања во подружници | 637.581 | 3 | 554.743 | 3 | 115 |
| Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба | 17.069 | - | 9.231 | - | 185 |
| Останати долгорочни побарувања | 73.277 | - | 78.909 | - | 93 |
| **Вкупно постојани средства:** | **11.247.861** | **57** | **10.670.431** | **58** | **105** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 4.274.412 | 22 | 4.135.399 | 23 | 103 |
| Побарувања од купувачите | 3.755.713 | 19 | 2.965.897 | 16 | 127 |
| Останати побарувања | 348.524 | 2 | 461.816 | 3 | 75 |
| Пари и парични еквиваленти | 114.414 | 1 | 117.679 | 1 | 97 |
| **Вкупно тековни средства:** | **8.493.063** | **43** | **7.680.791** | **42** | **111** |
| **Вкупно средства:** | **19.740.924** | **100** | **18.351.222** | **100** | **108** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.220.127 | 11 | 2.220.127 | 12 | 100 |
| Премии од акции | -109.285 | -1 | -109.285 | -1 | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 3 | 596.146 | 3 | 100 |
| Останати резерви | 2.064.022 | 10 | 2.135.482 | 12 | 97 |
| Задржана добивка | 9.682.673 | 49 | 8.667.709 | 47 | 112 |
| **Вкупно капитал:** | **14.453.683** | **73** | **13.510.179** | **74** | **107** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 3.237.843 | 16 | 3.096.008 | 17 | 105 |
| Обврски за краткорочни кредити | 1.189.700 | 6 | 972.627 | 5 | 122 |
| Обврски кон државата | 60.216 | - | 24.231 | - | 249 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **4.487.759** | **23** | **4.092.866** | **22** | **110** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 738.565 | 4 | 690.834 | 4 | 107 |
| Долгорочни резервирања | 60.917 | - | 57.343 | - | 106 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **799.482** | **4** | **748.177** | **4** | **107** |
| **Вкупно обврски:** | **5.287.241** | **27** | **4.841.043** | **26** | **109** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **19.740.924** | **100** | **18.351.222** | **100** | **108** |

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè ...*

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

# Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членови на Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, изјавуваме дека АЛКАЛОИД АД Скопје во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

АЛКАЛОИД АД Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил“ преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на АЛКАЛОИД АД Скопје и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на АЛКАЛОИД АД Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Датум: 27.02.2025 год.

Изјавиле:
Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје

Живко Мукаетов
Претседател на Управен одбор

Виктор Стојчевски
Член на Управен одбор

Оливера Панева
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јованов
Член на Управен одбор

Киро Ицев
Член на Управен одбор

адреса:
АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

контакт:
www.alkaloid.com.mk; alkaloid@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000; факс: +389 2 3104 014

ЕДБ: 4030946257762
ЕМБС: 4053575

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

бул. „А. Македонски“ бр. 12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# 2024 ИЗВЕШТАЈ

# ESG

ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УПРАВУВАЊЕ

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# 2024

ИЗВЕШТАЈ

# ESG

ЖИВОТНА СРЕДИНА
ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УПРАВУВАЊЕ

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# Содржина на **ESG** извештај

**I. ВОВЕД**

Обраќање на Генералниот директор/Претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје ........ 6
Кои сме ние ........ 8
Економски показатели ........ 14
За ESG-извештајот ........ 18
ESG во АЛКАЛОИД ........ 20
ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД ........ 26
Награди, признанија и сертификати ........ 30

**II. НАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА ........ 34**

Најзначајните ESG-моменти во 2024 година ........ 36
Краткорочните цели за 2024 година и преземените активности за нивно остварување ........ 38
Остварените резултати во 2024 година - ESG-индикатори ........ 43
Општествената одговорност во нашата компанија ........ 47

III. ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 82
IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА ........ 114
V. УПРАВУВАЊЕ ........ 134
VI. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА И ПРЕТСТАВНИШТВА ........ 148
VII. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ........ 168
VIII. ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ........ 174



# Обраќање на Генералниот директор / Претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје

**Почитувани акционери, соработници и засегнати страни во „Алкалоид“ АД Скопје,**

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје е веќе востановена годишна публикација, преку која компанијата низ едноставен и разбирлив пристап им презентира на сите засегнати страни на кој начин управува со принципите за заштита на животната околина и со принципите за општествена одговорност и за одговорно управување – кои воедно претставуваат основни столбови на една одржлива и одговорна деловна пракса што компанијата ја негува децении наназад.

ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје опфаќа квалитативни информации за нашите клучни активности насочени кон заштита на животната средина, нашиот придонес кон заедниците во кои живееме и работиме, нашите политики на корпоративно управување; како и квантитативни параметри, со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и на остварувањето на клучните цели од компаниската ESG-стратегија. Како компанија, при нашето ESG-известување се водиме од начелата и стандардите на неколку европски директиви:

- Директива за известување за корпоративна одржливост (Corporate Sustainability Reporting Directive - CSRD);
- Директива за корпоративна одржливост и ревизија (Corporate Sustainability Due Diligence Directive - CSDDD);
- Механизам за прилагодување на емисиите на јаглерод (Carbon Border Adjustment Mechanism - CBAM);
- ЕУ Регулативата за таксономија (EU Taxonomy Regulation);
- Регулатива за екодизајн на одржливи производи (EU2024/1781).

Овие регулативи сè уште не се директно обврзувачки за нас како македонски правен субјект, но „Алкалоид“ како глобално присутна компанија, со деловни операции во над 50 земји во светот, секогаш цели кон усогласување со сите релевантни ЕУ регулативи. При изготвувањето на овој извештај повторно ги користевме стандардите на „Глобалната иницијатива за известување“ (Global Reporting Initiative Standards/GRI-стандардите) поради нивната глобална препознатливост, сеопфатност и флексибилност.

Заштитата на животната околина е еден од врвните приоритети во деловната стратегија на „Алкалоид“ АД Скопје. Компанијата има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги задоволува барањата на добрата производствена пракса и референтните меѓународни стандарди, кои потврдуваат дека компанијата произведува производи со ниво на квалитет, безбедност и на ефикасност кои ги задоволуваат барањата на потрошувачите, релевантните законски барања, како и барањата на применетите интернационални стандарди и водичи. Нашите долгорочни цели, насочени кон подобрена заштита на животната околина, вклучуваат намалување на емисиите на јаглероден диоксид, зголемување на отпадот што се рециклира, зголемено користење на рециклирана амбалажа, воспоставување процес на одобрување на добавувачи согласно критериумите на животната средина (GRI 308 на новите добавувачи) и подобрувања во однос на енергетскиот менаџмент воопшто.

На раздвижената берза на капитални добра на „Алкалоид“, човечкиот капитал и понатаму има највисока вредност. Со нашето транспарентно и етичко однесување постојано ја искажуваме нашата заложба за одржлив развој, водејќи се според една од нашите клучни вредности, а тоа е дека Луѓето се пред сè. Од вкупно 3.042 вработени во групацијата „Алкалоид“ на 31 декември 2024 година, 2.244 се вработени во „Алкалоид“ АД Скопје. Од нив 59% се жени, а 41% се мажи, додека, во раководните тела 44% се жени, а 56% се мажи. Компанијата спроведува политика на еднакви можности и на еднаков третман за сите вработени, создавајќи атмосфера во која секој вработен има шанса да ги покаже своите потенцијали, а со тоа да придонесе за поголем компаниски успех.

ESG-извештајот за 2024 година е изготвен од ESG-одборот на „Алкалоид“ АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на „Алкалоид“ АД Скопје за периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година и истиот ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација. ESG-извештајот на „Алкалоид“ АД Скопје за 2024 година вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај капитално поврзаните друштва на „Алкалоид“ АД Скопје.

**Живко Мукаетов**
Генерален директор / Претседател на Управен одбор на „Алкалоид“ АД Скопје

# Кои сме ние

Здравото човеково тело понекогаш буди повеќе од искрена восхит. За нас во АЛКАЛОИД постојана инспирација и стремеж е да го заштитиме и да го зачуваме овој скапоцен подарок на природата. Со неуморна страст создаваме производи кои се синоним за врвен квалитет. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ.**

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која речиси девет децении работи на производство на лекови и на козметички и хемиски производи, како и на преработка на билни суровини.

АЛКАЛОИД АД е акционерско друштво во чии рамки работат два профитни центри: Фармација и Хемија, козметика и билкарство. Акциите на АЛКАЛОИД се во сопственост на 5.945 акционери, физички и правни лица.

Денес АЛКАЛОИД брои 3.042 вработени, од кои 2.302 вработени во земјава и 740 вработени надвор од неа, во 26 капитално поврзани друштва и во 2 претставништва во земјава и во странство (Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Бугарија, Турција, Украина, Руската Федерација, САД, Велика Британија и Романија). Компанијата пласира 68 % од својот асортиман во повеќе од 50 земји во светот.

Во изминатите 15 години АЛКАЛОИД инвестираше над 230 милиони евра во производствени капацитети, лаборатории, капацитети за истражување и развој, во врвна технологија, континуирана едукација на вработените и во софтвер од новата генерација, кои му овозможуваат пласман на производи со супериорен квалитет, преку придржување до најстрогите стандарди за добра производствена пракса, за што добива потврда од реномирани тела.

Главен приоритет за АЛКАЛОИД и натаму останува грижата за вработените, акционерите, човековата околина, за деловните партнери, здравствениот систем и, пред сè, за здравјето на луѓето.


2302
вработени во земјава
740
вработени во капитално поврзаните друштва во странство
5945
акционерски ентитети



**Нашата мисија**

Нашата МИСИЈА е постојано да тежнееме кон поздрав свет, кон супериорен квалитет на производите и на услугите, како и кон висока професионалност и кон континуиран успех. Императив ни е заштитата на интересите на сите вклучени страни. Основна определба ни е грижата за здравјето и за квалитетот на живот на секој човек, за системот на здравствена заштита и за животната средина. Нашата заложба е континуирано унапредување на здравјето на луѓето, што се рефлектира преку нашето мото ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ.





**Нашата визија**

Нашата ВИЗИЈА е АЛКАЛОИД, како глобално ориентирана компанија, да се стреми кон постигнување високи цели и дострели, кои ќе овозможат изразена конкурентност и пазарна позиција. Постојано сме отворени за градење нови пазари и нови партнерства, а произведуваме и пласираме производи со највисок квалитет, применувајќи најсовремени технологии и деловни стандарди.

**Нашите вредности**

АЛКАЛОИД АД Скопје, при извршувањето на своите деловни операции, се потпира на највисоките етички норми и стандарди. Уверени сме дека етичкото водење бизнис е предуслов за постојан личен и деловен успех, а нашите клучни вредности се:

- Луѓето пред сè
- Интегритет и чесност
- Ги креираме најдобрите резултати заедно
- Лидерство базирано на вредности

# Дејност на компанијата



**Фармација**

Луѓето градат високо за да можат да гледаат подалеку.
Луѓето градат заедно за да можат да бидат поблиски.
Луѓето градат цврсто за да можат да се чувствуваат побезбедно.
Ние градиме за луѓето да имаат подобро здравје бидејќи

**... ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**

**Козметика**

Долгогодишното искуство и традицијата од речиси 90 години се темелат врз квалитетот на богатата палета производи на АЛКАЛОИД – Козметика, која опфаќа производи за нега на секаков тип кожа, вклучувајќи ја и детската, производи за нега на косата, парфемска колекција за жени и за мажи, како и козметика за домаќинството.





## Билкарство

Одделот Билкарство произведува спектар на чаеви под брендот GOOD NATURE, како и зачини и сушени зеленчуци GRINI, додатоци за јадењата Зачинал, јодирана сол и други производи.

## Хемија

Денес Хемија има развиена програма за производство на чисти хемикалии и на реагенси од органско и од неорганско потекло, со pro analysi, reagent grade, purum и со фармакопејски квалитети за лабораториски цели, за индустриски цели и за широка потрошувачка, а има и производи за земјоделско производство, медицински средства и средства за чистење и за дезинфекција.



# Економски показатели

**Вкупни приходи**

Вкупните остварени единечни приходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 13.972.976 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 9 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2023 година бележат раст од 10 %.

Вкупните остварени консолидирани приходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 19.505.329 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 15 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2023 година бележат раст од 15 %.

**Приходи од продажби**

Според единечниот биланс на успех, во 2024 година продажбите достигнуваат 13.433.299 илјади денари, што е за 10 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година. Вкупните консолидирани продажби, пак, достигнуваат 19.005.696 илјади денари, што е за 15 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година.

**Вкупни расходи**

Вкупните остварени единечни расходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 12.100.670 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 9 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во периодот јануари – декември 2024 година изнесуваат 17.566.477 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2023 година бележат раст од 16 %.

## Вработени

Трошоците за вработените на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2024 година изнесуваат 2.769.643 илјади денари и претставуваат 23 % од вкупните расходи на компанијата, додека, пак, на ниво на групацијата изнесуваат 4.336.223 илјади денари и претставуваат една четвртина од вкупните расходи. Овие трошоци се состојат од бруто-плати, хранарина, од надомест за годишни одмори, надомест за отпремнини и од надомест за технолошки вишок, како и други трошоци. Трошоците за вработените бележат зголемување за 14 % во споредба со 2023 година.

## Дивиденда

На 1 април 2024 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2023 година во износ од 772.931 илјади денари, односно 486 денари нето за една акција, што во однос на исплатената дивиденда по акција за 2022 година, во износ од 441 денар нето, е поголема за 10,2 %.

## Инвестиции

Консолидираните вкупни инвестиции во основни средства во 2024 година изнесуваат 1.435.215 илјади денари.

## Даноци и други давачки спрема државата

Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје има исплатено даноци и други давачки спрема државата во износ од 1.627.768 илјади денари.

## Резултати од работењето

Единечната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА), која изнесува 2.886.531 илјади денари, бележи зголемување од околу 12 %, додека, пак, единечната нето-добивка изнесува 1.702.570 илјади денари и е зголемена за 12 %. Консолидираната добивка пред финансиските трошоци, даноците и пред амортизацијата (ЕБИТДА) достигна 3.000.938 илјади денари и бележи раст од 9 %, додека, пак, консолидираната нето-добивка во износ од 1.684.020 илјади денари е зголемена за 7 %.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето

**Обврски за пензии**

Компанијата има обврска за исплата на надоместоци за вработените, кои се категоризирани како дефинирани придобивки и дефинирани придонеси. Обврските се дефинирани на следниов начин:

· дефинирани придобивки за вработените претставува обврска за исплата на надоместоци во моментот на пензионирање и, вообичаено, зависи од еден или од повеќе фактори како што се старосните години, работниот стаж и надоместоците;

· дефинирани придонеси за вработените претставува обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. Групата нема обврска за исплата на дополнителни износи доколку државните и приватните пензиски фондови немаат доволно средства за исплата на пензиите.

Обврската дефинирана во Извештајот за финансиската состојба за придобивките на вработените е прикажана според сегашната вредност на идните готовински одливи. Износот на дефинираните придобивки се пресметува на годишно ниво од независен актуар, со примена на кредитниот метод на проектираните единици. Сегашната вредност на дефинираните придобивки се пресметува со дисконтирање на идните проценети готовински одливи, со примена на каматната стапка на високо ликвидни корпоративни обврзници деноминирани во валутата во која дефинираните придобивки ќе бидат платени и кои имаат приближно еднаков период на доспевање со периодот на доспевање на дефинираните придобивки.

Компанијата има законска обврска за исплата на пензиско осигурување во државни и во приватни фондови. По исплатата на придонесите за пензиско осигурување компанијата нема идна обврска по овој основ. Придонесите се евидентираат како придобивки на вработените во билансот на успех во моментот на нивно доспевање. Однапред платените придонеси се евидентираат како побарувања само доколку се осигури идно враќање на платените средства или идно намалување на обврската.

Износот на отпремнини евидентиран во единечните извештаи на компанијата за 2024 година изнесува 60.917 илјади денари, додека во консолидираните извештаи изнесува 64.046 илјади денари.

За повеќе информации погледнете го Годишниот извештај за работењето.

**Државна поддршка и даночни олеснувања**

Државната поддршка не се признава сè додека не постои разумно уверување дека компанијата ќе се усогласи со условите поврзани со неа и дека поддршката ќе биде примена. Државната поддршка се признава во добивката или во загубата на систематска основа во периодите во кои компанијата ги признава како расходи поврзаните трошоци за кои е наменета поддршката за да ги надомести.

Конкретно, државната поддршка чиј основен услов за добивање е компанијата да набави, изгради или на некој друг начин да се здобие со нетековни средства се признава како одложени приходи во билансот на состојбата и се пренесува во добивката или во загубата на систематска и на рационална основа за време на животниот век на стекнатото средство.

Државната поддршка која се добива како компензација за веќе настанатите трошоци или која се добива како непосредна финансиска поддршка на компанијата, без обврска за идни поврзани трошоци со неа, се признава во добивката или во загубата за периодот во кој настанува како побарување.

Во 2024 година компанијата има добиено државна поддршка, во согласност со Законот за финансиска поддршка на инвестициите, во износ од 116.089 илјади денари.

Во согласност со даночните закони во државата, компанијата во 2024 година има 82.170 илјади денари како даночни олеснувања и ослободувања.

# За ESG-извештајот

Преку ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година продолжуваме со нашата заложба да бидеме транспарентни и редовно да ги информираме засегнатите страни околу активностите преземени во согласност со дефинираните значајни теми од областа на ESG, како и околу остварувањето на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД преку клучните ESG-индикатори.

Транспарентноста и отчетноста ни се важни како компанија чиј фокус е врз долгогодишниот одржлив развој, а ESG-извештајот ни помага да ги идентификуваме нашиот напредок и предизвиците што ни претстојат. Задача на нашата компанија во овие области е да има позитивно влијание врз заедницата и врз животната средина, но и да ја поддржува бизнис-заедницата.

Како општествено одговорна компанија, преку ESG-извештајот на сите засегнати страни им овозможуваме подетална и прецизна слика за начинот на кој се справуваме со ризиците и за грижата која им ја посветуваме на овие сегменти од работењето.

ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје ги презентира квалитативните информации во врска со активностите за унапредување на животната средина и со придонесот во општеството, како и квантитативните параметри, со кои се мерат перформансите на компанијата во однос на ризиците, можностите и на остварувањето на клучните цели од нашата ESG-стратегија.

ESG-извештајот за 2024 година е изготвен од ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а е одобрен од највисокиот менаџмент на компанијата. Тој го опфаќа работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје за периодот од јануари до декември 2024 г. и ќе биде транспарентно и целосно објавен на сите компаниски канали за јавна комуникација.

Овој ESG-извештај вклучува и информации за остварувањето на ESG-индикаторите кај капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје. Напредокот и оценувањето на ефектноста од ESG-стратегијата се прикажани преку споредбени податоци од претходните години. Овие податоци обезбедуваат контекст за тековниот успех на компанијата и даваат јасна слика за трендовите, успешноста на иницијативите и за областите во кои се потребни подобрувања.

Во согласност со воспоставената пракса во претходните ESG-извештаи, при изготвувањето на овој извештај ги искористивме GRI-стандардите за изготвување на ESG-извештајот, поради нивната широка распространетост, глобална препознатливост, сеопфатност и флексибилност. АЛКАЛОИД АД продолжува да ги следи сите регулативи што го регулираат нефинансиското известување, како и другите глобално признати рамки и стандарди за ESG-известување (ESRS, IFRS, SASB и др.)

Во рамките на овој ESG-извештај вклучивме и GRI-референтна табела за да им помогне на читателите полесно да ги лоцираат релевантните информации.



# ESG во АЛКАЛОИД и во капитално поврзаните друштва

**ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје**

Структура на ESG во АЛКАЛОИД АД Скопје и капитално поврзаните друштва



ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје опфаќа членови од различни сегменти/служби во рамките на компанијата, кои придонесуваат со своите знаења, експертиза и искуство од својот сегмент во ESG-управувањето и известувањето.

ESG-одборот на АЛКАЛОИД АД Скопје одговара директно пред највисокото раководство и за своите активности редовно праќа извештаи до генералниот директор и до високиот менаџмент, по потреба и до Надзорниот и до Управниот одбор, а на барање и до засегнатите страни и до надворешните аудитори.

ESG-одборот одржува редовни месечни состаноци и е одговорен за примената на ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД Скопје, за дефинирањето предлози за долгорочни и за краткорочни ESG-цели, за поставувањето и за одржувањето ефикасен систематски пристап за мерење на најзначајните ESG-индикатори, за дефинирањето на ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и за комуницирањето на ESG-податоците со засегнатите страни.

Во 2024 година ESG-одборот, преку своите редовни активности, детално го следеше реализирањето на ESG-стратегијата, ги доближи ESG-културата и начинот на размислување до вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје и до засегнатите страни во непосредната околина, го поддржа развојот на ESG-сегментот во капитално поврзаните друштва, детално и навремено одговори на барањата на нашите деловни партнери и институции и го збогати известувањето за остварувањето на поставените цели со дополнителни ESG-индикатори.

**ESG-офицери**

Од оваа година АЛКАЛОИД воведува нова улога, ESG-офицери, кои се задолжени за поттикнување, промовирање и за известување за ESG-активностите во капитално поврзаните друштва. Офицерите имаат важна улога во спроведувањето на ESG-практиките на ниво на групацијата и се одговорни за:

1. собирање податоци и редовно известување за резултатите од ESG-индикаторите, кои се потребни за ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД;
2. споделување корпоративни ESG-кампањи и комуницирање иницијативи за ESG со локалните вработени во друштвата;
3. комуникација со ESG-одборот;
4. собирање идеи и предлози за ESG-областите од вработените во друштвата.

**Политика за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика)**

Политиката за животната средина и за општествените прашања (ESG-политика) на АЛКАЛОИД АД Скопје ја одразува нашата заложба за континуирано унапредување на сите ESG-сегменти, како основа за етичко работење и за професионален успех. Таа во целост се вклопува во нашата мисија и визија како компанија чиј императив е заштита на интересите на сите засегнати страни, а е комплементарна и со клучните компаниски вредности дефинирани во нашиот Код на етичко и деловно однесување.

**Процедура за ESG-известување**

Со процедурата за ESG-известување на АЛКАЛОИД АД Скопје се опишуваат концептот и стратегијата за управување и за известување за прашањата поврзани со животната средина, за општествените прашања и за управувањето во АЛКАЛОИД АД Скопје. Преку неа детално ги дефинираме сите чекори неопходни за да добиеме навремени, точни и релевантни податоци околу начинот на кој се управува со ESG-ризиците во нашата компанија.

## ESG-индикатори

Остварувањето и напредокот на компанијата во однос на дефинираните компаниски ESG-цели ги следиме преку ESG-индикатори и преку податоци кои се системски поставени и применети во клучните процеси поврзани со овој сегмент од работењето на компанијата.

## Односи со засегнатите страни (Stakeholder Communication)

Посветеноста на градењето доверба со засегнатите страни е од суштинско значење за одржување долгорочни и стабилни односи. Ние активно се стремиме да ги подобриме довербата и транспарентноста преку различни активности и иницијативи со кои ја демонстрираме својата одговорност и посветеност на одржливиот развој. Политиката за односи со засегнатите страни на АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификува засегнатите страни и ги пропишува основните принципи и модалитети на односите со нив.

## Наши засегнати страни

- Внатрешни засегнати страни: вработени, раководители, акционери
- Надворешни засегнати страни: добавувачи, претставници на здравствениот систем, купувачи, доверители, банки и финансиски институции, медиуми, регулаторни тела и државни институции, образовни институции, локални заедници, невладини организации.




повеќе инфо

# Најзначајни ESG теми за АЛКАЛОИД АД

**Материјалност/значајност**



Проценката на материјалноста/значајноста на ESG-темите е клучна активност преку која ние како компанија ги дефинираме ESG-стратегијата, активностите и ESG-индикаторите поврзани со неа. Анализата на сите ESG-аспекти е направена преку комбинирана методологија која вклучува внатрешни и надворешни заинтересирани страни, што обезбедува целосен и избалансиран пристап спрема идентификувањето на значајните теми. Идентификувани се вкупно 21 значајна ESG-тема, врз кои ние како компанија сметаме дека можеме да имаме најголемо влијание, но и кои имаат најголемо влијание врз нашето работење. Сите издвоени ESG-теми се поврзани и не се разгледуваат изолирано, што гарантира целосен и интегриран пристап во постигнувањето на долгорочните цели.

| Значајност за заинтересирани страни / Значајност за АЛКАЛОИД АД Скопје | Значајно | Многу значајно | Најзначајно |
|---|---|---|---|
| **Најзначајно** | | Зголемување на отпадот кој се рециклира | Намалување на штетните емисии во воздухот (carbon footprint)<br>Намалување на влијание на водите (water footprint)<br>Поддршка на здравствените системи |
| **Многу значајно** | Зголемување на користење на рециклирана амбалажа<br>Зголемување на користење на амбалажа за пакување која може да се рециклира | Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици<br>Поддршка на културата и спортот<br>Организирање редовни хуманитарни настани | Поддршка на образованието<br>Зголемување на производство на сопствена обновлива енергија<br>Високопрофесионален и етички пристап во работењето<br>Едукација на вработените<br>Усогласеност со стандарди |
| **Значајно** | | Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето<br>Родова еднаквост | Грижа за безбедност и здравје при работа<br>Бенефиции за вработените<br>Унапредување на транспарентноста за работењето<br>Почитување на клучните корпоративни вредности<br>Еднакви можности за кариерен развој |

# ESG-стратегијата на АЛКАЛОИД АД

Остварувањето на долгорочната ESG-стратегија е една од стратешките цели на АЛКАЛОИД АД Скопје. Нашата ESG-стратегија го одразува начинот на кој ние управуваме и ги решаваме прашањата поврзани со животната средина и со општествената одговорност, но, исто така, и носи една нова додадена вредност за нашата компанија. При изработката на ESG-стратегијата и на ESG-целите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа земени предвид резултатите од проценката на материјалноста/значајноста на ESG-темите, како и целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs) на Обединетите нации. Ги идентификувавме приоритетните цели, односно онаму каде што имаме можност да направиме позитивни промени и со нашите активности да придонесеме за подобра иднина.

Целите за одржлив развој на Обединетите нации претставуваат глобална визија за создавање одржлива иднина во која сите имаме удел. Со Глобалниот договор на Обединетите нации овие цели се претворени во двигатели за одржлив бизнис со економски и со социјални придобивки за животната средина и за луѓето во сиот свет. Преку интегрирање на SDG-целите во нашите операции, АЛКАЛОИД не само што придонесува за одржлива иднина туку и обезбедува стабилен и етички раст за своите вработени, инвеститори, но и за заедниците.

# Цели за одржлив развој на Обединетите нации (SDG)

1 НЕМА СИРОМАШТИЈА

2 НУЛА ОТПАД

3 ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

4 КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

5 РОДОВА ЕДНАКВОСТ

6 ЧИСТА ВОДА И САНИТАРНИ УСЛОВИ

7 ДОСТАПНА И ЧИСТА ЕНЕРГИЈА

8 ДОСТОИНСТВЕНО ВРАБОТУВАЊЕ И ЕКОНОМСКИ РАСТ

9 ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА

10 НАМАЛЕНА НЕЕДНАКВОСТ

11 ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ЗАЕДНИЦИ

12 ОДГОВОРНА ПОТРОШУВАЧКА И ПРОИЗВОДСТВО

13 АКЦИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

14 ЖИВОТ ПОД ВОДА

15 ЖИВОТ НА КОПНО

16 МИР, ПРАВДА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ

17 ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

# Имплементирање и развој на ESG сегментот во рамките на Алкалоид групацијата

**Носечка ESG цел на АЛКАЛОИД АД**

Добро еколошко, општествено и корпоративно управување во согласност со меѓународните стандарди и практики, како и следење и усогласување со новите ЕУ регулативи

| | |
|---|---|
| **ЖИВОТНА СРЕДИНА** | Грижа за ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| **ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА** | Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме<br>Луѓето пред сé |
| **КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ** | Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците |

# Долгорочни цели




- Намалување на емисиите на carbon footprint
- Зголемување на отпадот кој се рециклира
- Зголемување на користењето на рециклирана амбалажа
- Climate Hot spots – идентификување на извори со значајно влијание врз глобалното затоплување
- Воспоставување процес на одобрување на добавувачи согласно критериуми на животна средина и GRI 308 на новите добавувачи
- Подобрувања во Енергетскиот менаџмент




- Да враќаме на заедницата во која живееме и во која работиме
- Препознатливост на АЛКАЛОИД АД Скопје како безбедно место за работа

- Грижа за здравјето, безбедноста и благосостојбата на вработените, луѓето кои имаат интеракција со компанијата како и за сите луѓе во непосредна околина каде што АЛКАЛОИД има свои активности




- Континуирано унапредување на транспарентноста на компанијата
- Постигнување и одржување на целосна корпоративна усогласеност со внатрешните акти поврзани со етичкото работење и компаниските вредности, како и целосна усогласеност со стандардите за животна средина
- Добро корпоративно управување
- Градење на силна култура на управување со ризици и континуитет во работењето преку целосно интегрирање на ризици поврзани со ESG-фактори
- Подигнување на свеста на добавувачите и другите бизнис-партнери на Алкалоид АД за значајноста на концептот на одржлив развој (ESG concept) при извршување на нивните секојдневни операции / процеси

# Награди, признанија и сертификати

Награди од Македонската берза:



Награда „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2024 година по избор на медиумите“



Награда „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2024 година по избор на пазарните учесници“



Награда „Акција на годината за 2024 година“ врз основа на резултатите од гласовите на пошироката јавност од заедничката анкета на Македонската берза и на порталот „Фактор“



Награда „Добри ESG-практики за 2024 година“ доделена од Македонската берза во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија




Награда „Бизнис лидер за 2023 година“, прво место во категорија Производство на фармацевтски производи и препарати врз основа на остварените приходи, добивката и бројот на вработените за 2023, доделена од „Бизнис лидер“



Награда „Прво место за најдобар правен субјект кој реално и стручно придонел во сопствениот развој инвестирајќи и имплементирајќи добри практики во безбедни и здрави работни места за своите вработени“ и награда „Прво место за правен субјект со најмногу инвестиции во безбедноста и здравјето на своите вработени“, доделени од Здружението за заштита при работа на Општина Битола, Здружението за безбедност при работа „28 Април“ Скопје и од Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје




Награда „Компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа 2024“ доделена од Советот за безбедност и здравје при работа на РСМ



Благодарница за г. Живко Мукаетов, Претседател на УО и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје, за особен придонес во промоцијата и во унапредувањето на крводарителството, доделена од ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина



Награда „Најпосакуван работодавач за 2023 година – апсолутен победник“ според „Вработување.ком“



„Оскар на хуманоста во категоријата Премиум партнер 2023“ доделен од Црвениот крст на Град Скопје за г. Живко Мукаетов, Претседател на УО и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како континуиран поддржувач на хуманата мисија која ја спроведува оваа организација во земјава веќе 8 децении



Награда „Патент на годината 2023“ за фармацевтската формулација која содржи бензимидазол, доделена од Државниот завод за индустриска сопственост на РСМ



Трофеј за Најбројна екипа на 20. WIZZ AIR Скопски маратон 2024 година



Плакета за покажана општествена одговорност во 2024 година доделена од Општина Гази Баба – Скопје



Награда „Посебни достигнувања во категоријата корпоративна социјална одговорност“ доделена од „Абилитис нет“

**Платформа Eco Vadis**

Платформата Eco Vadis воспоставува методологија која прецизно ги проценува перформансите на одржливост на една компанија и обезбедува длабинска анализа на влијанијата врз животната средина, како и на социјалните и на етичките влијанија во рамките на сопствените процеси и на вредносниот синџир на дистрибуција.

„Алкалоид“ АД Скопје во 2024 година се здоби со реномираниот беџ за одржливост COMMITTED на платформата Eco Vadis. Eco-Vadis Sustainability Scorecard обезбедува независна процена на перформансите на системот за управување со одржливоста преку имплементираните политики, цели, мерења и резултати.

**Проверка SMETA и платформа SEDEX**

На денешниот глобален пазар обезбедувањето етички практики и деловни практики за општествена одговорност е од клучно значење за компаниите, добавувачите и за потрошувачите. Една од најпрепознатливите алатки за оценување и за потврдување на етичките практики е SMETA – Sedex Members Ethical Trade Audit. SMETA е глобална методологија за проверка која им помага на организациите да ја оценат својата усогласеност со работничките права, стандардите за безбедност и здравје при работа, управувањето со животната средина и со деловната етика. Проверката SMETA се заснова на меѓународните стандарди за труд, локалните закони и на Основниот кодекс на Иницијативата за етичко тргување (ETI). Примарната цел на SMETA е да обезбеди стандардизирана и сеопфатна проверка која промовира транспарентност, отчетност и континуирано подобрување на практиките во синџирот на снабдување.

„Алкалоид“ АД Скопје активно учествува на платформата SEDEX и врши самоевалуација преку прашалникот SAQ. Во 2024 година е реализирана проверката SMETA од BUREAU VERITAS CPS – EMEA, кој се заврши со позитивен исход.





# II. НАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОД.



# Најзначајни ESG моменти во 2024 година во АЛКАЛОИД АД Скопје

Произведени над **2 GWh** електрична енергија од обновливи извори на енергија

**85%** од вкупно создадениот отпад предаден на рециклирање

**77,6** мегалитри помалку искористена подземна вода vs. 2023

**61%** од вкупна потрошувачка на електрична енергија и **25%** од вкупна потрошувачка на енергија е од обновливи извори

**11%** од електричната енергија и над **4%** од вкупната искористена енергија е од сопствено производство од обновливи извори

**246** нови вработувања во АД

**20** нови вработувања од програмата за млади таленти

**760** деца се дел од проектот за Бенефиции за децата на вработените

**626** практиканти

**172** просечен број часови обуки по вработен

**2** признанија за придонес во безбедноста и здравјето на вработените

Патентиран првиот **Омепразол** во течна форма во светот

**374** менаџери обучени за "Одговорности и овластувања во спроведување на системот за безбедност и здравје при работа"

**Алканет** интранет-платформа за интерна комуникација

**ESG-работилница** „Подготовка на консолидиран ESG-извештај на групацијата АЛКАЛОИД – практики, решенија, насоки"

ESG

**Код** за однесување на добавувачи на АЛКАЛОИД АД

**Политика** за одржливи набавки

# Краткорочни цели за 2024 година и преземени активности за остварување на истите

Завршено Во тек

| Краткорочни цели | Реализација | Спроведени активности |
|---|---|---|
| 1. Усогласување со барањата на ЕУ регулативата поврзана со ESG (Corporate Sustainability Reporting Directive – CSRD и European Sustainability Reporting Standards – ESRS) | ✓ | Изготвена е GAP анализа помеѓу GRI стандардите и ESRS и истата е споделена со членовите на ESG Одборот. |
| 2. Реализација на Ethical Trade Audit (SMETA) | ✓ | Спроведена е проверка SMETA аудит од страна на Bureau Veritas CPS - EMEA, добиен е позитивен резултат. |
| 3. Одржување на активен статус на платформи од областа на одржливост (по барање на засегнати страни) | ✓ | АЛКАЛОИД е активен член на платформите EcoVadis и Sedex по барање на засегнати страни - купувачи. |
| 4. Анализа на глобалните ESG инцијативи со цел на утврдување на можноста за приклучување. | ✓ | Направена е анализа на глобалните ESG инцијативи и изготвена е презентација за високиот менаџмент. |

# Животна средина

Завршено | Во тек | Одложено

| Грижа за животната средина | | |
|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Реализација** | **Спроведени активности** |
| Поставување мерки за намалување на carbon footprint за 2024 година, 1% намалување на carbon footprint во однос на 2023 година. | Завршено | Поставување на Фотоволтаици |
| | Одложено | Акција за пошумување на локација по избор и одлука на менаџментот, со садници кои имаат апсорбциона моќ, зелено катче, градина и друго. |
| | Завршено | Кампања со вработените (ESG месец):<br>- Креирање на climate jobs (препораки за намалување на carbon footprint на работните места, штедење на ресурси, енергија и циркуларна економија).<br>- Обезбедување на стимулација на вработените од различен карактер во однос на користење на алтернативни превозни средства<br>Обезбедување на поволности (попусти, рати) кон вработените во однос на купување на велосипеди и електрични тротинети. |
| | Во тек | Добивање на trade mark лиценца AdBlue за производот AUS 32 кој се користи кај дизел возилата за редукција на емисии на азотни оксиди (NOx) |
| Намалување на отпадот за 2% со активно учество на раководните лица од профитните центри со нивни идејни решенија за намалување на отпад. | Завршено | Кампања за вработените: Правилно постапување со искористени лекови и лекови со поминат рок (лекови од домаќинствата), амбалажа од пластични пакувања од козметички производи. |
| | Завршено | Кампања со граѓаните:<br>- Иницијатива за намалување на влијанието на отпадот од пакувања (недела посветена на рециклирањето) - 14.10.2024<br>- Здравјето за луѓето, грижата за природата - кампања на АЛКАЛОИД и Пакомак 05.09.2024<br>- Светски ден на планетата земја: учество на првата Конференција за зелени технологии, одржливи материјали и технологии за циркуларна економија<br>- Посветени на заштита на животната средина - Климатски промени - 07.05.2024<br>- Заштеда на водаи воден отпечаток - 20.04.2024 |
| | Завршено | Ракување со отпадот од производите на АЛКАЛОИД |
| | Завршено | „Селектирање и рециклирање отпад“ едукативна кампања за најмалите (градинки, основни училишта) за начинот на управување со отпадот во соработка со ПАКОМАК |
| | Завршено | Вендинг машини за рециклирање на отпад во соработка со ПАКОМАК. |
| | Завршено | Намалување на пластика за една употреба. |
| Зголемување на одржливо пакување на производите | Завршено | Идентификувани на материјали за пакување кои биле искористени со најголема маса во последните три години. |
| | Завршено | Дефинирани потребни мерки за постигнување целосна рециклабилност на овие материјали. |
| | Завршено | Дефинирани активности/предлог проект за вклучување на рециклиран материјал во пакувањето на одредени производи. |
| Идентификување оперативите процеси, кои имаат значајно (најголемо) влијание врз глобалното затоплување | Завршено | Идентификувани се оперативите процеси, кои имаат значајно (најголемо) влијание врз глобалното затоплување и пресметани се значајните влијанија |
| Имплементација на процес на одобрување на добавувачи согласно GRI 308. | Завршено | Процесот е мапиран, и продолжува со реализација согласно дефинираниот Акционен план за добавувачи и во 2025 година |
| Замена на вода за пиење во пластични шишиња (0,33l, 0,5l и 1,5l), намалување на пластична амбалажа за 50% во однос на 2023. | Завршено | Активностите продолжуваат и во 2025 година, ефектот од преземените активности ќе може да го пресметаме во 2025 година |
| Енергенсна Ефикасност - Годишно намалување на специфичната потрошувачка по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит (за минимум 1%). | Завршено | Реализирани се проекти за намалување на специфичната потрошувачка на енергија |
| Енергетска Ефикасност - Годишно намалување на специфичната потрошувачка по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит (за минимум 1%). | Во тек | Реализирани и во тек се проекти за постигнување на оваа цел |
| Водна Ефикасност - Годишно намалување на специфичната потрошувачка по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит (за минимум 1%). | Завршено | Преку спроведени активности во текот на годината, постигнат е поставениот таргет |
| Енергенсна Емисиона Ефикасност - Годишно намалување на специфичните емисии по маса производ, приход, профит и инфлаторно корегиран приход и профит (за минимум 1%). | Завршено | Целта е реализирана преку спроведени проекти и активности |
| Енергенсна Следливост - Зголемување на Енергенсната (Енергија и Вода) Следливост преку зголемување на бројот, (или видот и резолуцијата) на мерни места кои се следат ( минимум вкупно 100 нови мерни места или параметри) и минимум 1 по OE. | Во тек | Реализирано во 3 квартал (1.11.2024) 7 мерни места за вода со вкупно 14 параметри и 1 мерно место за електрична енергија со вкупно 20 параметри |
| Енергетски Менаџмент Систем - Изработка или вклучување во предвидените документи (СОП-ови, Анекси, Полиси, Процедури, Стратегии, URS, CC итн) на ЕнМС – минимум 1 по OE. | Завршено | Реализација во 11 и 12.2024 со имплементација на ISO 50001 |

# Општествени прашања

✓ Завршено → Во тек ⏱ Одложено

| Поддршка на заедницата во која што работиме и живееме | | |
|---|---|---|
| Краткорочни цели | Реализација | Спроведени активности |
| Подигнување на свеста кај општата и/или стручната јавност за теми од општествената одговорност или теми од областа на дејноста на компанијата преку информативна и едукативна содржина. | → | „Здравјето пред сѐ"– мобилна апликација (намената за поддршка на општата јавност со лесен пристап и можност за организирање на обврските и задачите за корисникот има потреба од асистенција) |
| | ✓ | „Мама, не си сама"– дигитална платформа (наменета за поддршка на општата јавност, а која би се подготвувала во соработка со стручната јавност за стручни совети и насоки) |
| Поддршка на спортот и спортски активности | ✓ | Промовирање на ракометот и ракометните клубови РК Алкалоид и РК Мултиесенс |
| | ✓ | Промовирање и поддршка на шахот, шаховскиот клуб Алкалоид, активности, шаховска школа и сл. |
| Организирање редовни хуманитарни и донаторски настани и активности | ✓ | Крводарителски акции |
| | ✓ | Заеднички хуманитарни активности во соработка со Црвен крст |
| Организирање активности за подигнување на свеста кај нашите вработени и кај општата јавност за заштита на животната средина | ✓ | 2 кампањи заедно со службата екологија во соработка со Пакомак |
| Постојано охрабрување на вработените и зголемување на бројот на вклучени вработени во нашите корпоративни иницијативи за општествена одговорност | ✓ | Известување до вработените и најава на спроведување на проекти и активности на теми од интерес од областа на CSR и ESG |
| | ✓ | Повик до вработените за вклучување во активностите со споделување насоки како да се вклучат и мотивирање за изразување поголем интерес и вклученост од нивна страна |
| Луѓето пред сѐ - унапредување и одржување на корпоративниот имиџ на АЛКАЛОИД како компанија која се грижи за своите вработени и за работната средина | ⏱ | „Еден работен ден во АЛКАЛОИД", видео содржина |
| | ✓ | Проект - Грижа за нашите алкалоидови пензионери |
| | ✓ | Интранет – платформа за подобрување и унапредување на интерната комуникација, споделување корисни информации и знаења за вработените |
| | ✓ | Пикник за вработените и нивните семејства |
| Луѓето пред сѐ | | |
| Одржување на обрт (turn over) на вработени под 4% на годишно ниво | ✓ | Имплементација на акциски планови произлезени од истражување за задоволство. |
| | ✓ | Имплементација на нова програма за добросостојба на вработени |
| | ✓ | Одржување на проектот Бенефиции на деца на вработени |
| Имплементација и развој на постоечките проекти за привлекување на нов кадар | ✓ | Реализација на годишни побарани потреби за вработување |
| | ✓ | Реализација на Проекти за млади таленти (практикантство,дуално образование, академско искуство во реална пракса) |
| | ✓ | Спроведување на Employer branding активности (Work at Alkaloid AD, учество на саеми,) |
| | ✓ | Одржување на програма Препорачај кандидат за вработување |
| Обезбедување на тренинг и едукација на вработените во согласност со кариерни и развојни планови и годишни планови за обуки за 2024 година | ✓ | Реализација на Кариерните развојни планови и планови на обуки на годишно ниво. |
| | ✓ | Спроведување на годишна повратна информација и креирање кариерни развојни планови за вработените |
| Обезбедување на пакет здравствени придобивки (дополнително здравствено осигурување) што ги надминува националните стандарди од оваа област за сите вработени, како и дополнителни бенефиции за членовите на нивните семејства | ✓ | Обезбедување на дополнително здравствено осигурување |
| Поставување на нова систематизација на работни места | → | Имплементација на нова систематизација на работни места |

| Краткорочни цели | Реализација | Спроведени активности |
|---|---|---|
| Градење и одржувањето инклузивна, позитивна и почитувана работна средина за сите / еднакви можности и еднаков третман за сите вработени. | ✓ | "Промовирана новата Политика за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија на АЛКАЛОИД<br>Промоција и ширење на клучните компаниски вредности " |
| Намалување на стапките на повреди за вработени на Алкалоид АД Скопје во 2024 за 10% во однос на 2023 година (LTIFR и LTISR) | ✓ | "Подигнување безбедносна култура во компанијата<br>Таргет: спроведување минимум 6 тематски кампањи за БЗР во 2024" |
| | ✓ | "Подигнување безбедносна култура во компанијата<br>Таргет: посебни теми за светски ден за БЗР 28 април во април и за европска недела за БЗР во октомври " |
| | ✓ | "Едукација на Менаџери со цел подигнување свест за потреба на примена на мерки за безбедност и здравје при работа<br>Таргет: 40 Менаџери" |
| | ✓ | "Едукација на Раководители/Организатори/ Сменоводители со цел подигнување свест за потреба на примена на мерки за безбедност и здравје при работа<br>Таргет: 150-200 Раководители/ Организатори/ Сменоводители" |
| Нула стапка на повреди и професионални заболувања на вработени на надворешни изведувачи. | ✓ | "Обуки по опасни активности за вработени на надворени изведувачи<br>Таргет: обука на минимум 50 вработени на надворешни изведувачи" |
| | ✓ | "Обуки по теми за БЗР за вработени од служби на АЛКАЛОИД кои соработуваат со надворешни изведувачи<br>Таргет: обука на минимум 30 вработени на служби на АЛКАЛОИД АД Скопје" |
| Зголемување на број на пријавени избегнати несреќи на работно место, зголемување за 10% на пријави во однос на 2023 година | ✓ | " Стимулирање на пријавување на избегнати несреќи преку број на решени пријавени избегнати несреќи со КМ/МП.<br>Таргет: зголемување за најмалку 10% на број на решени избегнати несреќи со КМ/МП во однос на 2023" |
| Обуки на вработените по специфични обуки од аспект на безбедност и здравје при работа и заштита од пожари и експлозии и заштита и спасување | ✓ | "Обуки по законска регулатива.<br>Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за Обука по БЗР >85% " |
| | ✓ | "Обуки за прва помош.<br>Таргет: : Обука и реобука на минимум 100 вработени во 2024" |
| | ✓ | "Обуки за прва помош.<br>Таргет: Изработка и поставување во работен простор на ново упатство за давање прва помош " |
| | ✓ | "Обука за заштита и спасување во случај на несреќи/инциденти<br>Таргет: Евакуација на вработени согласно Норматив за евакуација " |
| | ✓ | " Практична обука за заштита од пожари и експлозии<br>Таргет: обука на минимум 100 вработени вклучувајќи 100% од нововработените во тековната година " |
| Ревизија на проценката на ризик на работно место согласно новата систематизација во 2024 год. | → | Реализирана ревизија на проценка на ризик, сукцесивно со имплементација на новата систематизација |
| Зголемување на компетентност на вработените од обезбедување и заштита од аспект на овластувања и примена на средства за присилба и организациски и технички мерки за заштита на личните податоци (Обезбедување и заштита) | ✓ | "Обуки за постапки за примена на средства за присилба.<br>Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за Обука >85%" |
| | ✓ | " Обуки за организациски и технички мерки за заштита на лични подаотци.<br>Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за Обука >85%" |
| Зголемување на компетентност на работниците за приватно обезбедување кои даваат услуги на АЛКАЛОИД АД Скопје, од аспект на овластувања и примена на средства за присилба и организациски и технички мерки за заштита на личните податоци | ✓ | "Обуки за постапки за примена на средства за присилба.<br>Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за Обука >85%." |
| | ✓ | "Обуки за организациски и технички мерки за заштита на лични подаотци.<br>Таргет: Просечен процент на успешност/ефективност на тестови за Обука >85%." |

# Корпоративно управување

✔ Завршено ➜ Во тек

| Транспарентно, етичко работење и ефикасно управување со ризиците | | |
|---|---|---|
| **Краткорочни цели** | **Реализација** | **Спроведени активности** |
| Редовна комуникација со клучните засегнати страни и годишно известување на релевантни ESG информации во согласност со водечките стандарди за обелоденување. | ✔ | Во текот на 2024 година се изготви и објави ESG извештајот за 2023 година. |
| Подигнување на свеста на вработените за: ESG-теми, цели, стратегија; културата на квалитет; важноста на секој вработен за постигнување на нашите цели. | ✔ | Во јуни 2024 година беше одбележан ESG месец во компанијата. Во октомври 2024 година беше одржана ESG работилница насловена "Подготовка на консолидиран ESG-извештај на групација АЛКАЛОИД". |
| Одржување на етичка, правна и фармацевтска усогласеност. | ✔ | "Спроведени обуки за новите Политики, како и потсетување на содржината на Кодот за етичко и деловно однесување. Издавање на Правен билтен." |
| Јакнење на капацитетите на Комисијата за корпоративна усогласеност. | ➜ | Спроведени се обуките за членовите на Комисијата за корпоративна усогласеност. |
| Воведување на AlkaSpeakUp пристапи на web страниците на капитално поврзаните друштва. | ➜ | Изработка на web страни на дел од друштвата и прилагодување на техничко решение за приклучување на платформата. |
| Заштита на лични податоци | ➜ | Имплементација на ИТ безбедносни мерки поврзани со енкрипција на лични податоци на одредени збирки на податоци. |
| | ✔ | Донесена е процедура за одлучување за избор на обработувачи |
| | ✔ | Донесени се интерни акти за заштита на личните податоци во Романија и Србија. |
| | ✔ | Обуката за Заштита на лични податоци е воведена во процесот на ориентација на нововработени како задложителна обука. |
| Јакнење на капацитетите на Управниот и Надзорниот одбор. | ✔ | Во октомври 2024 година беше одржана ESG работилница насловена "Подготовка на консолидиран ESG-извештај на групација АЛКАЛОИД". Спроведена обука за БЗР за менаџментот. Предлагање на акти од Надзорен одбор за усвојување од Управен одбор. |
| Реализација на кампањи за подигање на свеста на вработените и раководните лица за значењето на актите од областа на Корпоративно управување и усогласеност. | ✔ | Спроведени обуки за новоусвоени Политики, потсетување на содржината на Кодот за етичко и деловно однесување. |
| Континуирани заложби за родова застапеност во управните органи. | ✔ | Организација на Leadership days. |
| Интегрирање на сите ESG ризици во постоечките процеси на управување со ризици / бази на оперативни и стратешки ризици | ✔ | Во соработка со Офицерот за ризици идентификувани се ESG ризиците и истите се интегрирани во постоечкиот модел за управување со ризици. |
| Споделување и потпишување на "Кодот за однесување на добавувачи" до што поголем број на активни добавувачи на АЛКАЛОИД АД. – 100% дистрибуција на Кодот до избраната категорија добавувачи за 2024г. | ➜ | Изработка на промотивен материјал и обука на добавувачите за концептот на одржлив развој (ESG concept) и "Кодот за однесување на добавувачи". |
| | ✔ | Дистрибуирање на Кодот до одбраната категорија на добавувачи. |
| | ✔ | Поставување на КПИ за одржлив развој во службите дел од службата Логистика. |

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2022 година | 2023 година | 2024 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно создаден отпад | 815,62 | 775,20 | 828,45 | t | GRI: 306-3-a |
| Опасен отпад | 115,73 | 118,73 | 70,72 | t | GRI: 306-3-a |
| Неопасен отпад | 699,89 | 656,47 | 757,83 | t | GRI: 306-3-a |
| Рециклиран отпад + согорен отпад | 697,39 | 670,33 | 696,18 | t | GRI: 306-4-a |
| Рециклиран отпад | 584,45 | 549,54 | 627,24 | t | GRI: 306-4-a |
| Депониран отпад | 118,32 | 104,87 | 132,27 | t | GRI: 306-5-a |
| Комунален отпад | 4.550,00 | 8.640,00 | 9.120,00 | m3 | GRI: 306-5-a |
| Површинска вода | 0,00 | 0 | 0 | ML | GRI: 303-3 |
| Подземна вода | 143,99 | 154,77 | 77,19 | ML | GRI: 303-3 |
| Вода добиена од трета страна | 190,92 | 189,37 | 222,44 | ML | GRI: 303-3 |
| Површинска вода + Подземна вода + Вода добиена од трета страна | 334,90 | 344,14 | 299,63 | ML | GRI: 303-3 |
| Електрична енергија | 13.778,00 | 12.801,55 | 14.557,13 | MWh | GRI-302-1 |
| Нафта | 196.250,00 | 126.490,00 | 63.988,00 | L | GRI-302-1 |
| Природен гас | 2.235.058,00 | 2.046.652,00 | 2.159.299,00 | Nm3 | GRI-302-1 |
| Емисии од стационарни извори- Опсег 1 | 5.161,37 | 4.362,17 | 4.525,26 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од мобилни извори - Опсег 1 | 395,88 | 437,61 | 285,17 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од опрема за ладење - Опсег 1 | 26,54 | 57,46 | 73,05 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од откупена електрична енергија- Опсег 2 | 9.811,20 | 3.693,10 | 4.087,42 | t CO2 eq | GRI-305-2 |
| "Емисии од Деловно патување- Опсег 3" | 61,40 | 112,98 | 77,03 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии одТранспорт на вработени (организиран транспорт) до работно место - Опсег 3 | 14,96 | 14,17 | 14,17 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од "Upstream" транспорт* | / | 1.628,26 | 1.771,21 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од Отпад -Опсег 3 | / | 1.360,34 | 1.429,91 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од Третирање на отпад од готов производ- Опсег 3 | / | 122,32 | 7,17 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавка на Капитални добра-Опсег 3 | / | / | 5959,74 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавени горива и енергенти- Опсег 3 | / | / | 1370,22 | t CO2 eq | GRI-305-3 |

* Транспорт на наши производи/материјали, преку трета компанија, за кој плаќа АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје

Повеќе информации за овие и останатите ESG-индикатори во продолжение на ESG-извештајот и неговите прилози

| Индикатор | 2022 година | 2023 година | 2024 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанија | 2.617 | 2.843 | 3.042 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Вкупен број на вработени во компанија во Македонија | 1.975 | 2.155 | 2.302 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Процент  на вработени, жени | 59% | 58% | 59% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Процент на жени на раководни позиции | 46% | 46% | 44% | процент на вработени | GRI-405-1 |
| Стапка на нововработени | 9,37% | 10,94% | 10,96% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Стапка на заминати од компанијата (turnover) | 2,72% | 3,05% | 2,53% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Просечен број на часови тренинг по вработен на годишно ниво. | 121 | 119,36 | 172,39 | часови | GRI-404-1 |
| Процент на задоволство на вработени | 71,74% | 71,94% | / | процент на задоволство | останати ESG индикатори |
| Вкупно ревидирани проценки на ризик на р. места | 26 | 122 | 29 | број на ревидирани проценки на ризик на р. места | GRI-403-2 |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 17 | 31 | 38 | број на пријавени избегнати несреќи | GRI-403-2 |
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на трудот | 4 | 4 | 4 | Број на договори со здравствени установи за медицина на трудот | GRI-403-3 |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | 1991 | 1698 | 2020 | Број на извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | GRI-403-3 |
| Вкупно реализирани обуки во согласност со законската регулатива за вработените | 775 | 2405 | 789 | Број на реализирани обуки во согласност со законската регулатива за вработените | GRI-403-5 |
| Вкупно реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | 300 | 202 | 620 | Број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | GRI-403-5 |
| Вкупно реализирани обуки за прва помош за вработените | 45 | 167 | 150 | Број на реализирани обуки за прва помош за вработените | GRI-403-5 |
| Вкупно реализирани обуки за заштита од пожар и од експлозии и за евакуација на вработените | 610 | 1073 | 739 | Број на реализирани обуки за заштита од пожар и од експлозии и за евакуација на вработените | GRI-403-5 |
| Смртни случаи | 0 | 0 | 0 | број и стапка на смртни случаи | GRI-403-9 |
| Повреди со тешки последици | 0 | 0 | 0 | број и стапка на повреди со тешки последици | GRI-403-9 |

| Индикатор | 2022 година | 2023 година | 2024 година | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Евидентирани повреди | 44 | 33 | 29 | број на евидентирани повреди | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на евидентирани повреди | 11,36 | 8,07 | 6,7 | Стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Стапка на тежина на повреди | 21,44 | 14,3 | 11,27 | Стапка на тежина на повреди | останати ESG индикатори |
| Стапка на повреди / 1000 вработени | 19,66 | 13,01 | 10,84 | Број на повреди на 1000 вработени | останати ESG индикатори |
| Вкупно работни часови | 3.871.199 | 4.090.490 | 4.329.441 | Број на работни часови | GRI-403-9 |
| Главна причина за повреда при работа | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | Причина за повреда при работа | GRI-403-9 |
| Евидентирани повреди на вработени на добавувачи | 0 | 1 | 0 | Број на повреди/број на повреди со потешки последици на вработени на добавувачи | GRI-403-9 |
| Стапка на фреквенција на повреди на вработени на добавувачи | 0 | 5 | 0 | Стапка на евидентирани повреди на 1.000.000 | GRI-403-9 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на АЛКАЛОИД АД Скопје | 0 | 0 | 0 | Број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Евидентирани професионални заболувања на вработени на добавувачи | 0 | 0 | 0 | Број на евидентирани вработени со професионални заболувања | GRI-403-10 |
| Набавки од локални добавувачи | / | 30% | 29% | учество на локалните добавувачи во вкупните набавки на компанијата | GRI 204-1 |





# Општествената одговорност во нашата компанија

- Концептот на влијание врз општеството и врз животната средина е еден од основните стратешки приоритети на АЛКАЛОИД.

- Остануваме целосно посветени на заложбата за одржлив развој, кој ќе има позитивно и значајно влијание врз нашата заедница и врз планетата.

- Свесни за значењето на нашето влијание врз опкружувањето, активно реализираме конкретни проекти и иницијативи приспособени на локалните потреби и предизвици. Преку овие активности вложуваме во создавањето позитивни промени во сите аспекти на општествениот развој – од здравје и образование до заштита на животната средина.

- Со транспарентно и етичко однесување ја поставуваме основата за изградба на доверба во односите и соработката со сите засегнати страни. Постојано ја потврдуваме нашата посветеност на одржливиот развој преку континуирана поддршка на општествени проекти и преку создавање вредности кои го подобруваат животот на сите вклучени во процесот.

> Постојано ја потврдуваме нашата посветеност на одржливиот развој преку континуирана поддршка на општествени проекти и преку создавање вредности кои го подобруваат животот на сите вклучени во процесот





**АЛКАЛОИД АД Скопје со историско достигнување во третманот на рефлуксен езофагитис и на ГЕРБ – патентиран првиот Омепразол во течна форма во светот**

Последниве години започнавме процес на редизајнирање на нашите постојни генерички фармацевтски производи за да ги задоволиме потребите на различните групи на пациенти кои досега не биле соодветно опфатени, преку развој на лекови со додадена вредност. Стратешките инвестиции за модернизација на производственото портфолио доведоа до успешен развој на првиот патентиран лек со додадена вредност на АЛКАЛОИД, наменет, пред сè, за третман на рефлуксен езофагитис и на гастроезофагеалната рефлуксна болест (ГЕРБ) кај малите деца кои не можат да голтаат таблети, како и кај возрасните пациенти кои имаат тешкотии со голтањето (пациенти со дисфагија и со неможност за голтање (пациенти со поставени сонди за гастрично хранење и/или геријатриски пациенти)).

Рефлуксните заболувања се едни од најчестите во гастроентерохепатологијата и се карактеризираат со враќање на желудочната киселина во хранопроводот, што може да предизвика нелагодност и долгорочни компликации. Инхибиторите на протонска пумпа, група во која спаѓа и Омепразолот, се најчестите лекови за третман на овие состојби, најчесто достапни во форма на гастрорезистентни таблети и капсули, како и на прашок за растворање.

АЛКАЛОИД за првпат во историјата ја разви течната форма на лекот Омепразол, која е готова за употреба.

Нашиот иновативен производ има двокоморско пакување кое автоматски ги меша двата посебни раствори при отворањето и на тој начин се создава течниот Омепразол готов за употреба. Производот има пријатен вкус на лимон и ментол, а не содржи шеќер, парабени, сорбитол или бои. Поради специфичните барања за производство, инвестиравме во специјализирана, наменски изработена машина која обезбедува ефикасен производствен процес и сигурен синџир на испорака на лекот низ светот.

За Омепразолот во течна форма како компанија го добивме првиот интернационален патент за лек со додадена вредност (Value Added Medicine – VAM). Првичните одобренија за продажба на овој иновативен лек веќе се добиени за македонскиот пазар, Обединетото Кралство и за пазарите во неколку земји од Европската Унија.









Дополнително, оваа иновативна формулација за лекот со додадена вредност Омепразол во течна форма, готов за употреба, прва од ваков тип во светски рамки, беше прогласена за „Патент на годината за 2023“ од Државниот завод за индустриска сопственост на Македонија, во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на интелектуалната сопственост – 26 април.
Меѓународната патентна пријава за Омепразол во течна форма беше поднесена на 17 април 2020 година, со опфат на голем број региони и земји, меѓу кои земјите од Европската Унија, САД, Канада, Кина, земјите од Евроазиската економска унија и други. Патентната пријава при Европскиот завод за патенти, чии ингеренции опфаќаат патентни активности во 39 земји во Европа, беше одобрена на 3 август 2023 г. и валидирана во триесетина земји, меѓу кои и Македонија.
Овој производ ја потврдува нашата посветеност на иновациите и претставува врвен фармацевтски напредок, со што се диференцираме на пазарот и преку третманот на специфични групи на пациенти. Во нашите развојни лаборатории продолжуваме со работа на уште неколку иновативни формулации.

# Донации и спонзорства

**Со донацијата на течен Омепразол во вкупна вредност од 12,5 милиони денари, АЛКАЛОИД АД Скопје го помага лекувањето на околу 200 деца пациенти на ЈЗУ Универзитетската клиника за детски болести и на ЈЗУ Универзитетската клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле“.**

Како компанија која е континуиран поддржувач на македонското здравство и фармација, во 2024 година им донираме дел од своите произведени количини на иновативната формулација Омепразол во течна форма, во вкупна вредност од 12.520.800 денари, на ЈЗУ Универзитетската клиника за детски болести и на ЈЗУ Универзитетската клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле“, со цел олеснување на пристапот до соодветен третман кај детската популација. Според проценката на двете здравствени институции, оваа донација, со соодветната терапија, ќе покрие околу 200 деца, во времетраење од една година.

Водејќи се од нашиот врвен приоритет луѓето и здравјето пред сè, на кој се темели компаниската мисија за поздрав живот на секој поединец, со оваа донација наменета за најмалите даваме свој придонес во олеснувањето на процесот на лекување и во подобрувањето на квалитетот на животот на пациентите.

Препаратот Омепразол во течна форма, готов за употреба, е наменет за третман на рефлуксен езофагитис и на гастроезофагеалната рефлуксна болест (ГЕРБ) кај малите деца кои не можат да голтаат таблети, како и кај возрасните пациенти кои имаат тешкотии со голтањето (пациенти со дисфагија и со неможност за голтање (пациенти со поставени сонди за гастрично хранење и/или геријатриски пациенти)).

Иновативноста на овој нов производ се базира на двата посебни раствори содржани во двокоморното пакување, кое при отворањето автоматски ги меша двата раствора, при што се добива течниот Омперазол готов за употреба. Производот има пријатен вкус на лимон и ментол и не содржи шеќер, сорбитол, парабени и бои.

Со децении наназад, како компанија партнер на нашето општество, помагаме онаму каде што е најпотребно. Грижата за заедницата во која дејствуваме, особено грижата за најмладите е секогаш приоритетен сегмент во компаниското портфолио за општествена одговорност.




ПРВ ВО СВЕТОТ
ОМЕПРАЗОЛ
ВО ТЕЧНА ФОРМА
ГОТОВ ЗА УПОТРЕБА
ALKALOID
Health above all





# Десетти хуманитарен пикник за вработените на „Алкалоид“

**Околу 2 милиони денари донација за организацијата СОС Детско село**

Општествената одговорност на алкалоидовците од година во година зазема сè помасовни размери. Мисијата за општествена одговорност, како еден од темелите врз кои расте и се развива АЛКАЛОИД речиси 9 децении, секоја година доаѓа до полн израз преку донаторскиот хепенинг под закрила на Фондацијата „Трајче Мукаетов“, а во присуство на вработените, членовите на нивните семејства и блиските пријатели.

Во 2024 година прославивме значаен 10-годишен јубилеј на колективна солидарност на пикникот кој прерасна во празник на хуманоста за сите алкалоидовци. Наменски дизајнираните маички со лајтмотив индивидуалната енергија како експресија низ теоријата на бои симболизираа пропусница за пикникот, преку која семејството алкалоидовци и пријателите донираа околу 2 милиони денари, кои како донација беа наменети за организацијата СОС Детско село.






АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
ТРАЈЧЕ
МУКАЕТОВ



Водени од една главна и позитивна мисла – да им помогнеме на децата и на младите без родителска грижа – заедно дадовме безрезервна поддршка преку хуман гест и присуство. Така станавме најдобар пример за мотивирање и за поттикнување позитивни промени во заедницата и за сите други во општеството. Нашите вработени покажаа исклучителна посветеност во поддршката на оваа хумана акција, давајќи му уште поголема вредност и похумана тежина на овој настан.

Соработката на АЛКАЛОИД со македонската гранка на организацијата СОС Детско село започна во 2022 година, кога една од куќите на локалитетот во населбата Чento беше именувана во „Бекутан куќа“, за која компанијата ги покри трошоците за секојдневното функционирање, а со цел олеснување на тековните трошоци за децата под нивна закрила, едукативна поддршка, пристап до професионално советување и слично, затоа што секое дете заслужува посреќно и побезгрижно детство. Во 2023 година, по повод 45-годишниот јубилеј на брендот „Бекутан“, се издвојуваше одреден процент од продажбите на оваа детска колекција, па беа собрани повеќе од 2 милиони денари донирани за оваа организација.

На пикникот, кој се одржа во комплексот „Бест вестерн – хотел БЕЛВИ“ Скопје, нашите вработени, заедно со своите колеги, најблиски и пријатели, уживаа во дружењето и во заедничките моменти на смеа и насмевки, како и во големиот број интерактивни содржини, надополнети со одлична музика од мини концертите на бендот ДНК и на пејачот Ѓоко Танески, чии хитови се пееја во еден глас. Имаше забава за сите.

Кога нашиот стремеж за подобро здравје и за поквалитетен живот од корпоративна визија преминува во лична мисија, лесно се постигнува рамнотежа меѓу работата и уживањето. Една таква комбинација од работно и семејно опкружување, низ која доминираат позитивните вредности, ја претвори нашата колективна одговорност во вистински традиционален празник на секој алкалоидовец.



Покрај хуманитарниот аспект, пикникот претставува и еден од најзначајните настани преку кој ја потврдуваме нашата посветеност на грижата за вработените и за луѓето пред сè. Организирањето вакви активности е дел од нашата стратегија за унапредување на корпоративниот имиџ како компанија која се грижи за своите вработени и за нивните семејства, како и за унапредување на условите во работната средина и на општата благосостојба. Веруваме дека здрава и инспиративна работна средина е основата за успех, а преку вакви заеднички дружења ги зацврстуваме меѓусебната доверба, тимската работа и чувството на припадност во големото семејство на АЛКАЛОИД.



# Хуманитарни активности

**ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ПОВЕЌЕ - хуманитарни активности на АЛКАЛОИД АД Скопје и на Црвен крст на Град Скопје**

Речиси девет децении ја негуваме и ја збогатуваме нашата хуманитарна мисија преку голем број активности кои ги потврдуваат свеста и одговорноста на нашата компанија и на нашите вработени за колективна помош и поддршка.

Во рамките на долгорочната соработка на АЛКАЛОИД со Црвен крст на Македонија – Црвен крст на Град Скопје, хуманоста, одлучноста и подготвеноста за помагање се секогаш почетна позиција во спроведувањето хуманитарни активности. Под знакот на солидарноста и во рамките на нашата соработка редовно реализираме заеднички проекти за да им помогнеме на засегнатите групи граѓани на кои им е потребна помош.

Како и изминатите години и оваа година спроведовме повеќе заеднички активности со Црвен крст на Град Скопје, социјалното претпријатие „Копче“ и со Институтот за трансфузиона медицина во делот на социјално-хуманитарните активности и на здравствено-превентивните акции и крводарителството.

Продолжувајќи ја повеќедецениската традиција на крводарителски акции, со уште помасовен одзив под мотото „Дарувај крв, спаси живот“, 405 алкалоидовци ја изразија својата волја и доброволно даруваа крв во двете крводарителски акции спроведени оваа година.
Во соработка со социјалното претпријатие „Копче“ организиравме уште една успешна Акција за донација на облека, при што на наменски поставените пунктови низ локалитетите на компанијата вработените донираа речиси 2 тона облека со одлична употребна вредност.

За да им помогнеме на најранливите групи на социјално загрозени граѓани, реализиравме уште една хуманитарна акција за донирање храна, во која нашите алкалоидовци несебично донираа речиси 1 тон трајни намирници наменети за помош на граѓаните кои живеат во социјален ризик.










Со овие проекти АЛКАЛОИД ја потврдува својата посветеност на активно и континуирано придонесување за доброто на заедницата, со што остава белег и дела на позитивно влијание во сите сфери на општествено дејствување. Нашите вработени како главни амбасадори на овие добри дела го пренесуваат духот на колективната одговорност како една од основните вредности на нашата корпоративна култура, а ќе продолжат и натаму во знак на поттикнување на свеста за одговорно однесување и за солидарност во нашето општество.



# Поддршка на општата јавност со информативни и едукативни содржини

**„Мама не си сама“ – дигитална платформа**

Радоста за мајчинството започнува уште од осознавањето за првите отчукувања на срцето на новиот живот што го носи идната мајка во себе. Мајчинството со себе носи блескави моменти исполнети со многу емоции, љубов, среќа, но и со секојдневни предизвици.

Бременоста и раѓањето на новороденчето се време на брз раст и на промени што можат да предизвикаат моќни емоции, кои се движат од радост и возбуда до страв и вознемиреност. Хормоналниот дисбаланс, намалениот сон, новите одговорности и зголемените очекувања се дел од мајчинството.

Секоја мајка различно се приспособува на својата нова улога во животот и тоа е период кога таа има потреба од безусловна поддршка.

Затоа ја создадовме платформата „Мама не си сама“ за да помогнеме во градењето позитивно родителско искуство. Платформата претставува проект на брендот Becutan.

Преку оваа платформа сакаме да овозможиме поддршка во решавањето на повеќето предизвици што можат да се појават за време на бременоста и по породувањето, како и на предизвиците поврзани со здравиот раст и развој на најмилите.

Во соработка со еминентни доктори стручњаци во својата област, креиравме едукативни содржини на различни теми, кои ќе помогнат за решавање на дилемите поврзани со родителството. Досега имаме обезбедено повеќе од 100 стручни текстови и повеќе од 15 видеоматеријали кои во себе содржат корисни информации за сегашните и за идните родители.

За полесно пронаоѓање на бараните одговори платформата „Мама не си сама“ содржи chatbot-опција.



ито малите деца не треба често да користат паметни телефони?
Педијатар
Совети од педијатар како да му помогнете на бебето додека му
Дилема за секоја трудница - природно породување или царск...




Подкасти и видео туторијали
Погледнете ги нашите најнови видеа кој ќе ви помогне во секојдневието
МИТОВИ И ФАКТИ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊАТА
Д-р. Марина Поп Лазарова
mamanesisama.mk



**„Родителството некогаш и денес“ – прва регионална конференција на BECUTAN**

Брендот Becutan ја организираше првата регионална конференција за родителството, на која експертите и јавните лица беа едногласни во однос на ставовите дека родителството е посебна животна улога која носи голема одговорност и која подразбира безусловна љубов, силна грижа, огромна храброст и безброј компромиси. На неа беа присутни близу 200 посетители од Македонија и од регионот.

Разбирајќи ги потребите на модерните текови и предизвиците на современото родителство, Becutan со особено задоволство го организираше овој несекојдневен настан, во чиј фокус не беше негата, туку грижата за секое дете уште од првиот ден на раѓањето.

Конференцијата беше посветена на сите деликатни теми и важни предизвици со кои се соочуваат родителите денес, а за кои средината, под влијание на социјалните медиуми, сè почесто креира илузија на совршена слика. Дали има совршена мера за неизмерната родителска љубов при воспитувањето и дали таа има граници? Како се менувал пристапот во родителството низ децениите? Дали воопшто постојат точни одговори за многуте родителски дилеми? Ова беа само дел од темите за кои без задршка дискутираа јавни лица и експерти од повеќе сфери поврзани со детскиот развој од Македонија и од регионот.

Целта на оваа конференција беше постигната преку пренесувањето јасна порака дека нема совршен модел на родител и дека родителството е посебна животна улога која носи многу љубов, голема одговорност, силна грижа, храброст и компромиси и која има право на грешки.

Дискусиите и темите беа поделени во три панели. Првиот панел беше насловен „Дали мама или баба знае подобро?“, во кој познати стручњаци во својата област дискутираа на теми со посебен акцент на тоа како се менувале навиките во однос на негата и здравствената грижа за децата некогаш и денес, а воедно и како се менуваат препораките на педијатрите во согласност со прифаќањето на поновите трендови. Во овој панел беше опфатено и прашањето колку дискусиите и препораките на социјалните мрежи од некомпетентни профили можат да бидат сериозни кога се во прашање негата и здравјето на децата.







Учесници на панелот беа: д-р Натко Бек, специјалист радиолог и водител на емисијата „Dr. Beck“ на HRT (Хрватска); прим. д-р Марина Поп-Лазарова, специјалист неонатолог (Македонија); д-р Ирена Бралиќ, специјалист педијатар (Хрватска); д-р Горан Вукомановиќ, специјалист педијатар (Србија), и д-р Амра Јузуновиќ-Каљиќ, специјалист педијатар (Босна и Херцеговина).

Во вториот панел „И љубов и граници!“ се дискутираше за тоа како и дали може да се најде рамнотежа меѓу емоциите и поставувањето граници при воспитувањето; колку често родителите се преиспитуваат дали постапиле правилно и дали се најдобрата верзија на родител за своето дете, улога која можеби сè почесто се идеализира од опкружувањето; каде е границата и дали воопшто има граница меѓу доброто воспитување, неизмерната родителска љубов и влијанието на факторите од средината (соученици, другари, социјални мрежи). Говорници во овој панел беа Мирна Медаковиќ-Степинац, хрватска актерка и амбасадор на УНИЦЕФ; Ружица Максимовска, уредник на магазинот „Портрет“ (Македонија); д-р Натко Бек, специјалист радиолог; Лејла Филиповиќ, водителка и модел (Хрватска); Сања Кужет, водителка (Србија), и Јелена Холцер, педагог и автор на програмата „Училиште за родители“ (Србија).

Завршниот панел „Тато е херој“ им беше посветен на татковците и на нивната посебна улога во текот на растењето и развојот на децата, а даде искрени одговори на прашањата за емотивната трансформација во осознавањето на татковската улога, но и цврсти ставови за општоприфатената валоризација на главната улога на мајката. Учесници на овој панел беа: Жарко Димитриоски, водител и модератор на панелот (Македонија); Сашко Коцев, актер (Македонија); Петар Бенчина, актер (Србија); Тарик Филиповиќ, актер и водител (Хрватска).

**Good Nature ECO – дигитална кампања**

Потрошувачите сè повеќе се осврнуваат кон брендови и компании кои придонесуваат за заштита на животната средина. Како дел од нашето портфолио во сегментот билка, кога станува збор за чаевите, ефект врз здравјето имаат не само суровините на чајот, туку и составните делови, кои заедно со билките се потопуваат во вода при приготвувањето на чајот, како што се кесичките и конецот. Токму во оваа насока нашиот бренд Good Nature стои рамо до рамо со светските конкуренти и нуди додадена вредност за купувачите, не само во поглед на составот на производите, туку и во делот на одржливоста и на еколошките аспекти на амбалажата, како и на придобивките за здравјето на консументите, кои зависат од составните делови на една ќесичка чај.

Поаѓајќи од ова, во 2024 година започнавме дигитална кампања за да ги едуцираме купувачите и за да изградиме свесност за важноста на ЕКО-аспектот кај чаевите, односно колку широк сегмент тој покрива. На пример, ќесичката за чај има значајна улога во целиот концепт на одржливост, и тоа не само како потенцијален загадувач на животната средина, туку и како нешто што влијае врз здравјето на купувачите, потенцирајќи колку е важно таа да биде изработена без употреба на лепила, метал или пластика.

Нашите чаеви и амбалажи се внимателно изработени, со чувство за одговорност спрема животната средина, применувајќи ги најновите достигнувања за создавање биоразградливи садови без микропластика, во согласност со нашата посветеност за зачувување на природата. Амбалажата содржи:

- ќесички за чај изработени од 100 % небелена, FSC-сертифицирана хартија;
- кутии и пликови за чај изработени од 100 % картон што може да се рециклира;
- етикети за чај врзани со врвца од 100 % памук;
- мастила за печатење на база на вода.

Ние веруваме дека одговорноста спрема околината и еколошката свест се клучни за создавање иднина во која ќе уживаме сите, вклучително и генерациите што доаѓаат по нас. Good Nature е повеќе од бренд – тој ја претставува нашата посветеност да вложуваме во одржливост и да го зачуваме она што е највредно за нас – природата и позелена иднина за нашата планета.



# Поддршка за стручната јавност




**Прва меѓународна конференција за Цефиксим во Истанбул, поддржана од АЛКАЛОИД**

Како компанија која континуирано и доследно ги поддржува стручните и научните настани, кои имаат големо влијание врз целокупниот развој на фармацијата и на медицината во земјава и надвор од неа, годинава бевме домаќини на Првата меѓународна конференција за Цефиксим, која се одржа од 14 до 16 март во Истанбул, Турција.

На овој значаен настан учествуваа претставници на АЛКАЛОИД и на ентитетите на компанијата надвор од Македонија, како и голем број здравствени експерти од 12 различни земји.

Главен фокус на оваа конференција, прва од ваков тип, беше визијата за подобрување на секојдневните практики во делот на рационалната употреба на антибиотиците, а со тоа и за подобрување на квалитетот на услугите за пациентите низ светот.

Преку воведно обраќање и презентација, генералниот директор и претседател на УО на АЛКАЛОИД, Живко Мукаетов, ги претстави корпоративните перформанси на нашата компанија, особено осврнувајќи се на значењето на настаните од овој тип, кои ја развиваат и ја надградуваат научната мисла на глобално ниво.

Освен што е најпрепишуван орален третогенерациски цефалоспорин, Цефиксимот на АЛКАЛОИД е втор по ранг според произведениот волумен во Европа. Цефиксимот е најзастапен и водечки производ на АЛКАЛОИД во сегментот фармација, присутен во клиничката пракса од 1995 година и на пазарите во повеќе од 20 земји во светот. Компанијата наскоро планира проширување на производствените капацитети за овој свој стратешки важен производ.






Повеќе од 200 учесници и еминентни претставници од областа на фармацијата и медицината беа дел од богатата научна програма на оваа конференција, во која учествуваа предавачи од 9 земји. Тематскиот дел од Конференцијата го отвори д-р Снежана Петровска, раководител на одделот Глобални медицински работи и безбедност на лековите при АЛКАЛОИД, со презентација за успешната приказна на алкалоидовиот Цефиксим низ годините. На панел-сесијата посветена на искуствата во македонски рамки, модерирана од проф. д-р Дејан Докиќ, говореа д-р Александар Сајковски и проф. д-р Сотир Ставридис.

Присутните стручњаци во делот на фармацијата и медицината на глобално ниво беа децидни во своето мислење дека успешната професионална и научноистражувачка соработка со компанијата, која трае со децении, се должи, пред сè, на квалитетот на производите, но и на начинот на кој компанијата го цени и го вреднува човечкиот фактор, вклучувајќи ги сите засегнати страни во рамките на системот на дејствување.

Посветени на создавањето можности за поттикнување континуирана едукација и за споделување искуства во рамките на стручната заедница, веруваме дека Првата меѓународна конференција за Цефиксим, поддржана од АЛКАЛОИД, ќе даде уште поголем придонес во рационалната употреба на антибиотиците и во намалувањето на растечкиот тренд на антимикробна резистенција на глобално ниво.



**Becutan Sensitive дел од Работилницата за неонатална реанимација во организација на АЛКАЛОИД и на Здружението на неонатолози на Македонија**

АЛКАЛОИД, во соработка со Здружението на неонатолози на Македонија, организираше интерактивен едукативен настан Работилница за неонатална реанимација во Едукативниот центар во Дојран. Во рамките на Работилницата се одржа предавање за колекцијата Becutan Sensitive менторирано од м-р фарм. Емилија Димитровска од тимот на истражување, развој и регистрации – козметика при АЛКАЛОИД.

Дел од стручниот собир беа 50 неонатолози/педијатри од неколку родилишта низ земјава: ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје, ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ Чаир – Скопје, приватна клиничка болница „Аџибадем систина“, приватна општа болница „Ремедика“, ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Клиничка болница Тетово, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп, ЈЗУ Клиничка болница Битола, ЈЗУ Општа болница Охрид, ЈЗУ Општа болница Струмица, ЈЗУ Општа болница Гостивар и ЈЗУ Клиничка болница Штип.

Стручната агенда на настанот, покрај теоретска едукација преку презентации на дел од учесниците, вклучи и практикум со работа во групи, со цел практична размена на професионални искуства. Во рамките на едукативната работилница предавачите ги опфатија следниве теми: „Предизвиците во неонатологијата – имплементација на унифицирани протоколи", „Скрининг на слух кај новородени – техники, резултати и предизвици", „Неонатални скрининзи", „Основи на неонаталната реанимација и подготовка", „Почетни чекори за згрижување на новороденото", „Вентилација со позитивен притисок (PPV)", „NeoPaf – основни принципи", „Алтернативни дишни патишта – интубација и ларингеални маски", „Компресија на граден кош", „Лекови" и „Постреанимациска нега и стабилизација на прематурно родени бебиња". Практичниот дел од работилницата вклучи вежби за компресија на граден кош, интубација, лекови, умбиликални катетери и друго.



Алкалоидовиот бренд Becutan, со кој растат голем број генерации, веќе 4 и пол децении континуирано е во улога на поддржувач на стручни настани кои имаат цел дополнителна едукација и доквалификација во редовите на медицинската фела, но и размена на искуства од секојдневната пракса на медицинските професионалци кои работат со детската популација.

**„Becutan со родилиштата“ – едукативен собир со медицински сестри**

Со цел размена на практични искуства и доедукација за правилна нега на бебешката кожа, во рамките на проектот „Becutan со родилиштата“, АЛКАЛОИД организираше стручен едукативен собир за медицински сестри во Охрид.

На собирот беа присутни 56 медицински сестри од следниве родилишта: ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје, ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ Чаир – Скопје, приватна клиничка болница „Аџибадем систина“, приватна општа болница „Ремедика“, ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Клиничка болница Тетово.

Предавачи во рамките на оваа едукативна средба беа доц. д-р Наташа Најдановска-Алулоска и доц. д-р Снежана Палчевска-Коцевска. Во рамките на предавањето на тема „Кожата на новороденчињата: што е нормално и како да се негува“ беа промовирани производите од линијата Becutan Sensitive и одличните резултати од клиничката студија која беше спроведена во Македонија, а потврдена од релевантна лабораторија во ЕУ.



ESG





# Поддршка за образованието, спортот и за културата



**Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии за учебната 2024/2025**

Седумнаесетта година по ред Фондацијата „Трајче Мукаетов“ доделува 40 стипендии за студенти на Фармацевтскиот и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Изборот на стипендистите за учебната 2024/2025 година, кој е во согласност со објавениот јавен конкурс, е одобрен од Управниот одбор на Фондацијата по предлог-прелиминарната листа од комисиите за распределба на стипендии, составени од претставници на Фондацијата и на двата факултета, како и од претставници од редовите на студентите.

За новата академска година се доделуваат 40 нови стипендии, од кои 20 за студенти на Фармацевтскиот и 20 за студенти на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје. И оваа година Фондацијата доделува еднократна парична награда од 1.200 евра во денарска противвредност за првенците на генерација на двата факултета. Добитници на оваа награда годинава се Фросина Димоска од Фармацевтскиот факултет (со просек 9,72) и Анастасија Петличковска од Медицинскиот факултет (со просек 9,92).

Првенците се досегашни стипендисти на Фондацијата „Трајче Мукаетов“.

Во седумнаесетте години постоење Фондацијата „Трајче Мукаетов“ стипендирала вкупно 699 студенти по фармација и по медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје и инвестирала близу 141 милион денари по основ на стипендии и на еднократни парични награди за првенците на генерација.






**Алкалоидовци втора година со пехар за најбројна спортска екипа на Скопскиот маратон Wizz Air**

Со гордост објавуваме дека и оваа година со рекордна бројка од 621 вработен нашите натпреварувачи повторно го освоија пехарот за најбројна екипа на Скопскиот маратон Wizz Air 2024.

Негувајќи ги спортската култура и здравиот начин на живот, традиционално, и оваа година учествувавме на Маратонот кој ги одразува истите вредности кои ги негуваме и ние во АЛКАЛОИД, а тоа се посветеноста, надминувањето на сопствените граници и заедничкиот труд за остварување на поставените цели.

Пријавените алкалоидовци учествуваа во следниве категории: 542 тркачи на трката од 5 км, 77 натпреварувачи на полумаратонската трка и 2 натпреварувачи на маратонската трка. Нашиот женски тим на трката од 5 км се пласираше на 9. место, додека, пак, машкиот тим се пласираше на 148. место. На полумаратонот женската екипа го освои 100. место, а машкиот тим се пласираше на 256. место.

Честитки до сите учесници за остварените резултати и благодарност за ова неверојатно искуство. Мотивирани од тимскиот и рекреативен дух, нашите вработени повторно ја истакнаа својата посветеност за подигнување на свеста за важноста на грижата за здравјето и на негувањето на спортскиот дух, успешно пренесувајќи ја максимата на компанијата до пошироката јавност, а тоа е дека е здравјето пред сè.




**Година на трофеи за РК Алкалоид!**

РК Алкалоид зад себе ја остави најуспешната година од формирањето, во која се освоија два трофеја, први за сино-белото семејство – Купот на Македонија и Суперкупот на Македонија – со победите над најголемите ривали на домашната сцена – РК Вардар 1961 и РК Пелистер. Успесите на тимот се плод на системската работа, која го развива колективот, го носи во нагорна линија и создава солиден ракометен капитал за иднината. Ланската сезона во домашниот шампионат РК Алкалоид ја заврши на третото место, додека, пак, крајот на оваа година тимот го дочека како најдобар во Суперлигата со 15 победи на 16 средби.

На европската сцена изминатата година, во рамките на Европскиот куп на ЕХФ, РК Алкалоид забележа четири победи на четири средби и успешно ги мина првите две пречки. Во првиот двомеч со две победи го елиминира литванскиот вицепрвак „Клаипеда Драгунас“, а потоа, исто така со две победи, го елиминира и австрискиот претставник „Вест Виен“. РК Алкалоид ќе презими во Европа, па така во февруари во осминафиналето од Европскиот куп на ЕХФ ќе игра два натпревари со италијанскиот клуб „ССВ Бриксен“. Сите четири европски натпревари на РК Алкалоид се одиграа во Скопје, а раководството се покажа како домаќин без грешка, па го подигна нивото на организациски план пред очите на јавноста и на ЕХФ.

Клубовите кои се под закрила на РК Алкалоид зад себе ја имаа најуспешната година. Нашиот клуб ги освои сите младински титули. РК Мулти Есенс беше убедливо најдобар во младинска конкуренција, додека, пак, РК Алкалоид ги освои кадетската и пионерската титула.




SYNOTtip
ПАРТИЗАН
ГЕВГЕЛИЈА
MONACO
ЛЕ-НИ
ALKALOID SKOPJE







**ШК Алкалоид вицешампион на Европскиот шаховски клупски куп 2024!**

Со освојувањето на второто место на Европскиот шаховски клупски куп, кој е најквалитетното светско екипно натпреварување, пандан на Лигата на шампионите, ШК Алкалоид во голем стил ја заврши 2024 година. Екипата им се врати на меѓународните настапи во 2023 година, кога учествуваше на Светското првенство за шахисти над 50 години и го освои петтото место, а во 2024 година, со обновен меѓународен состав, повторно се врати во борба за европскиот врв, при што по седум кола остана непоразен, а во два наврати играше нерешено, од кои еднаш со новите европски прваци.

Блескавата сезона започна со шампионските титули на ИМ Тони Лазов и на ЖИМ Габриела Коскоска освоени на државните првенства во поединечна конкуренција, по што следуваа и трофеите освоени во екипна конкуренција. Машкиот тим 11-ти пат по ред го освои првото место на Екипното државно првенство за својата колекција од вкупно 26 национални шампионски титули, а женскиот тим го делеше првото место, но по аплицирањето дополнителни критериуми беше рангиран на втората позиција.

Новоформираниот клуб за младинците од шаховската школа, ШК „Мулти Есенс“, експресно ги мина квалификациите за Втората лига, каде што потоа во својот прв настап успеа да обезбеди и пласман во елитната дивизија, финиширајќи на второто место. Дека успесите со клубот не биле случајност, се покажа и преку примерот на ИМ Тони Лазов, кој, играјќи на втората табла за македонската репрезентација на Шаховската олимпијада во Будимпешта, постигна историски успех и го освои сребрениот медал за резултат на втората табла. Таков успех веќе имаат постигнато и други членови на ШК Алкалоид во минатото – велемајсторите Трајко Недев и Драгољуб Јаќимовиќ, како и ЖФМ Весна Секуловска. Особено нè израдува успехот на шеснаесетгодишниот Стефан Мелник, кој со делба од шестото до десеттото место го заврши настапот на Светското индивидуално првенство во шах за слабовидни и слепи лица, во верзија на IBSA.Пред спуштањето на завесата за минатата сезона, Скопје беше домаќин на Европското првенство во шах во забрзани темпа на игра, на кое алкалоидовците ИМ Дејан Стојановски (18. место во забрзан рапид шах) и ИМ Филип Панчевски (26. место во брзопотезен блиц шах) остварија исклучителни резултати, а воедно беа и најдобро пласираните македонски играчи.

# Унапредување на условите за работа и важноста на задоволството на вработените

**Алканет - интранет-платформа за подобрување и за унапредување на интерната комуникација, како и за споделување корисни информации и знаења за вработените**

Интранетот е мрежа за интерна комуникација и интеракција во рамките на компанијата. Со интранетот како платформа нашите вработени имаат можност брзо и ефикасно да дојдат до потребните информации, соопштенија и податоци за компанијата и за тековното работење. Алканет нуди пристап до информации за најчесто поставуваните прашања, примероци за барања, self-service ресурси, мултимедија, размена на материјали и брзи линкови до алатките и до податоците што се користат во компанијата. Дополнително придонесува и за подобра интерна комуникација, зголемена интерсекторска соработка, повисока ефикасност и за олеснето споделување на знаењата.

Дизајнирана за лесна навигација и за едноставно користење од корисниците, платформата Алканет е лесно достапна и приспособена на нашите потреби, а вклучува интегрирани брзи линкови, модули и алатки кои секојдневно ги користиме, меѓу кои: Microsoft Teams и Office, поврзаност со постојните системи (DMS, SAP, AlkaCanteen и сл.), мултимедија и размена на материјали (документи, видеа, фотографии), простор за напредно пребарување на вработените и Knowledge Management & Sharing (пренос на знаење, менторски програми, стручни лица кои зборуваат за своите искуства и соработка преку документи поврзани со knowledge).

**Обука на тема „Одговорности и овластувања во спроведувањето на системот за управување со безбедност и здравје при работа“**

Во рамките на нашата постојана посветеност за унапредување на работната средина и заштита на вработените, организиравме специјализирана обука на тема Одговорности и овластувања во спроведувањето на системот за безбедност и здравје при работа. Оваа обука беше наменета за врвниот и средниот менаџмент, со цел зајакнување на нивните капацитети за успешно имплементирање на стандардите за заштита при извршувањето на секојдневните активности.

Оваа иницијатива претставува значаен чекор во развојот и во спроведувањето на нашата ESG-стратегија, со која активно работиме на унапредување на културата на безбедност, како и на подобрување на условите за работа и на грижата за вработените. Преку едукација и континуирана поддршка ја потврдуваме нашата заложба за одговорно управување со овие процеси, како дел од пошироките одржливи иницијативи на компанијата.




**„Ви благодариме за нашето денес!“**
**– проект за грижа за нашите алкалоидови пензионери**

Со својата неуморна работа, посветеност и професионалност нашите пензионирани алкалоидовци го втиснаа својот печат во речиси 90-годишното постоење и успешно работење на нашата компанија, трасирајќи го патот на раст и развој во глобална фармацевтска компанија.

Тие се нераскинлив дел од приказната на АЛКАЛОИД. Нивниот труд не е само дел од нашето минато – тој е инспирација за нашата сегашност и визија за иднината. Токму затоа, во духот на нашето мото Луѓето пред сè, посветени на грижата за човечкиот капитал, сакаме да искажеме искрена благодарност до нив и да им покажеме дека се важен дел од големото алкалоидово семејство. Нивните достигнувања не се само бројки или датуми во минатото, туку живи примери за вредностите што ги негуваме и што им ги пренесуваме на идните генерации.

Во рамките на нашиот проект за грижа за пензионираните алкалоидовци „Ви благодариме за нашето денес!“, секоја година упатуваме повик до нив за да ги поканиме да се пријават со цел обновување на базата на наши пензионирани вработени. Во знак на почит и оддавање признание за нивниот влог, а во пресрет на новогодишните празници, им доставивме брендирани пакетчиња на нивните домашни адреси.

Тие се дел од нашето наследство, а нивното искуство и работење, нивната мудрост и нивните вредности остануваат наши столбови.

# Подигнување на свеста кај нашите вработени и кај општата јавност за заштита на животната средина

**„Рециклирај“ - кампања за вработените**

Како една од нашите заложби за одржливост и грижа за животната средина, а со цел остварување на нашите поставени ESG-цели, спроведуваме кампања за правилно управување со отпадот од пакувањата. Нашите вработени активно се вклучија во селектирањето пластични шишиња, ПЕТ-шишиња и лименки од нашето секојдневие.

Отпадот од пакувањата претставува значаен еколошки предизвик, но веруваме дека со користење на постојните системи и алатки можеме да направиме позитивна разлика. Кампањата ја спроведуваме во соработка со ПАКОМАК, кој има поставено вендинг-машини за рециклирање во маркети низ земјава, овозможувајќи корисниците да собираат зелени поени, кои понатаму можат да ги користат за попусти.

Дополнително, интерно во нашата компанија ја стимулираме мотивацијата на нашите вработени преку наградување на најактивните екологисти.

Работејќи заедно и правејќи мали, но значајни чекори, придонесуваме за намалување на влијанието од отпадот и за создавање поодржлива иднина. Учеството на секој еден вработен е клучен дел од нашата стратегија за одржливост.

**„Селектирање и рециклирање отпад“ - едукативна кампања за најмалите**

Водејќи се од основниот принцип постојано да придонесуваме во општеството и во зачувувањето на животната средина, на 31 октомври и на 7 ноември 2024 год. тимот на Обезбедување квалитет – Екологија, во соработка со колективниот постапувач ПАКОМАК, учествуваше во спроведувањето обука за група ученици од основните државни училишта „Киро Глигоров“ и „Гоце Делчев“ од Скопје на тема „Селектирање и рециклирање отпад“.

Овие активности се дел од нашата кампања за подигнување на свеста кај идните генерации за важноста на правилната селекција на отпадот. Основната цел е предавање на отпадот за рециклирање и за натамошна преработка заради добивање нов материјал, со што истовремено ќе се намали негативниот ефект на депонирањето, односно на неправилното отфрлање на отпадот во околината.

Со вакви значајни, конкретни проекти и со постојаната заложба, тежнееме да дејствуваме за позитивна промена, придонесувајќи за постигнување општа добросостојба во општеството и во природата.



**АЛКАЛОИД ја реализираше ESG-работилницата насловена „Подготовка на консолидиран ESG-извештај на групацијата АЛКАЛОИД – практики, решенија, насоки“**

Во согласност со стратешката заложба за континуиран одржлив развој и за добро еколошко, општествено и корпоративно управување (ESG), а во согласност со меѓународните стандарди, во октомври организиравме ESG-работилница за нашите вработени, со главна цел подигнување на свеста за ESG-темите во рамките на компанијата и на капитално поврзаните друштва.

Насловена „Подготовка на консолидиран ESG-извештај на групацијата АЛКАЛОИД – практики решенија и насоки“, на работилницата беа опфатени теми поврзани со основите на ESG и со најновите ЕУ-регулативи и меѓународни стандарди, а беа споделени и искуства и примери за ESG-известувањето, како и за можностите и предизвиците во процесот на консолидирање на податоците за изработка на ESG-извештај. Покрај ESG-одборот и менаџментот на компанијата кој е директно поврзан со ESG-сегментот во работењето, на работилницата беа поканети и ESG-офицерите назначени од капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД, кои ќе имаат значајна улога во процесот на известување.

Со главен фокус на подигнувањето на свеста за важноста на ESG-сегментот, на работилницата се објаснуваа клучните аспекти на изготвувањето консолидиран, нефинансиски ESG-извештај, со цел унапредување на процесот на подготовка на извештајот преку размена на добри практики, применливи решенија и насоки за зголемување на ефикасноста. Улогата на ESG-офицерите беше посебно потенцирана како клучна за поврзување и за консолидирање на податоците во процесот на известување за остварените ESG-цели и индикатори во капитално поврзаните друштва.

Свесни за нашето влијание во општеството, како лидер во прифаќањето новитети и во усвојувањето промени остануваме посветени на транспарентното и етичко известување за постигнување на ESG-целите од нашата стратегија. Нашата посветеност на доброто за животната средина, заедницата и за луѓето останува основа за одговорно дејствување.


EDUCATIONAL CENTRE SKOPJE
8 DECENT WORK AND ECONOMIC GROWTH
3 GOOD HEALTH AND WELL-BEING
7 AFFORDABLE AND CLEAN ENERGY
13 CLIMATE ACTION
11 SUSTAINABLE CITIES AND COMMUNITIES


ESG
20
workshop
24









# III. ЖИВОТНА СРЕДИНА



# III.
# ЖИВОТНА СРЕДИНА

Човековото здравје и климата се меѓусебно поврзани. Екстремните временски услови предизвикани од климатските промени имаат влијание врз здравјето на луѓето, безбедноста на храната, загадувањето на воздухот, како и врз ширењето на заразните болести. Каде и да погледнеме климатските промени претставуваат најголемата закана со која се соочува човештвото.

Со оглед на поврзаноста меѓу климата и здравјето, АЛКАЛОИД со својата посветеност на одржливоста дејствува не само за намалување на емисиите на стакленички гасови преку нето-нула стратегии, туку и за борба против негативните здравствени последици од климатските промени.

**Животната средина е одговорност на сите нас!**

Секој вработен може да придонесе за подобри резултати за заштита на животната средина. Ги охрабруваме нашите вработени постојано да го надградуваат своето знаење и да се однесуваат спрема животната средина со високо ниво на свест. Значително го подобривме одговорот на вработените со редовно подигнување на свеста преку нашите комуникациски кампањи кои промовираат:

• Креирање climate jobs (препораки за намалување на јаглеродниот отпечаток на работните места, штедење ресурси, енергија и циркуларна економија). Кампања за поттикнување на вработените да размислуваат за сопственото влијание врз животната средина и да направат едноставни промени во својот секојдневен живот.

• Стимулација на вработените од различен карактер во однос на користењето алтернативни превозни средства.

• Правилно постапување со искористените лекови и со лековите со поминат рок (лекови од домаќинствата), како и со другите производи од портфолиото на крајот на животниот циклус на производот.

• Рециклирање отпад во вендинг-машините во соработка со ПАКОМАК; избор на најдобриот екологист на квартално и на годишно ниво.

Ја информираме јавноста за нашите активности во оваа област преку јавни соопштенија во медиумите, на семинари и преку здруженијата во кои членуваме, како што се Стопанската комора на Северна Македонија, Американската стопанска комора во Северна Македонија, Институтот за стандардизација на Северна Македонија, Здружението на европски енергетски менаџери во РС Македонија EUREM-MK, Здружението на УНИДО-експерти за енергетска ефикасност UNIDO Partnership и други. Активно учествуваме и при изработката на законските прописи од областа на животната средина.

Одржливото подобрување на животната средина зависи и од добрите односи со претставниците на општествената средина, особено со нашите најблиски соседи, бидејќи нашите активности имаат влијание врз нивното опкружување и врз нивниот квалитет на живот. Континуирано ја известуваме јавноста и работиме на подигнување на нејзината свест во однос на заштитата на животната средина преку комуникациски кампањи кои промовираат:

• намалување на влијанието на отпадот од пакувањата (Недела посветена на рециклирањето);
• здравје за луѓето, грижа за природата;
• Светски ден на планетата Земја: учество на првата Конференција за зелени технологии, одржливи материјали и технологии за циркуларна економија;
• посветеност на заштитата на животната средина – климатски промени;
• заштеда на вода и намалување на водниот отпечаток;
• правилно постапување со отпадот од лекови во домаќинствата;
• едукација на најмладите за начинот на управување со отпадот.

**Систем за управување со енергијата во согласност со барањата на ISO 50001:2018**

Назначениот тим за имплементирање на Системот за управување со енергијата ги имплементираше барањата на стандардот ISO 50001:2018 и во текот на првиот квартал од 2025 година ќе пристапи кон негово сертифицирање.


ОБЛАСТИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
КОРПОРАТИВНИ АКТИВНОСТИ И УСОГЛАСЕНОСТ СО СТАНДАРДИ
Формирање на корпоративни политики
Имплементација на нови стандарди
Одржување на ISO 14001
Преиспитување на раководството, екстерни и интерни проверки
КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Јаглероден отпечаток Корпоративен (вкупен)
Јаглероден отпечаток Производ (планирана идна активност)
Проекти за намалување на јаглероден отпечаток
ОТПАД
Мерење на отпад
Проекти за намалување на отпад
Отстранување и известување за отпад
ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
Значајни потрошувачи на енергии
Следење на потрошувачка на енергија
Проекти за намалување на потрошувачка
ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ИЗВЕСТУВАЊЕ
ESG известување
Известување на платформи - Eco Vadis, SEDEX, CDP
Кампањи за јавноста и други засегнати страни
Известување до надлежни органи во МКД
РЕГУЛАТОРНИ РАБОТИ
Проверка на усогласеност со законски прописи
Анализа на барања за Нацрт законски прописи
План за усогласување со нови законски прописи
ЕМИСИИ
Мерење на емисии
Проекти за намалување на емисии
Известување за емисии
ВОДНИ РЕСУРСИ
Воден отпечаток - Корпоративен
Воден отпечаток - Производ
Мерење - Користење, Испуштање, Потрошувачка
Проекти за намалување на потрошувачка
УПОТРЕБА НА МАТЕРИЈАЛИ
Материјали за пакување
Рециклиран материјал во пакувањето
Проекти за одржливо пакување
Суровини / хемикалии / опасни супстанции

# Управување со нашето влијание врз животната средина

Приоритет на стратегијата на АЛКАЛОИД е да го намали влијанието врз животната средина, што е директно поврзано со подобрувањето на функционалноста на екосистемите и со заштитата на здравјето на сите жители на планетата. Системот за управување со животната средина кој го практикуваме повеќе од две децении промовира еколошка одржливост и усогласеност преку стандардите што ги имаме имплементирано на сите наши производствени локации. Во 2025 година пристапуваме и кон сертифицирање на воспоставениот Систем за управување со енергетски менаџмент, во согласност со барањата на стандардот ISO 50001.

Во 2024 година развивме проект за идентификување, евалуирање и за дефинирање на мерките за намалување на ESG-ризиците и воведовме подобрување во процесот на управување со ризици, со цел подобро разбирање на ризиците низ нашата компанија, како и подобрување на бизнис-процесите преку идентификација, управување и известување за ESG-ризиците. При овој процес беа анализирани ризиците од областа на климатските промени, потрошувачката на енергија, потрошувачката на вода, јаглеродниот отпечаток, управувањето со отпадот и користењето пластика.

На почетокот на 2024 година АЛКАЛОИД се здоби со реномираниот беџ за одржливост COMMITTED на платформата Eco Vadis, при што сегментот за животната средина е оценет со 80/100 бода, со што се потврди сериозната заложба на нашата компанија во секоја сфера од работењето. Во согласност со препораките на Eco Vadis, следната наша цел е добивање повисоко рангиран беџ од оваа платформа.

**Аспекти и влијанија во животната средина (ЕМП)**

Во АЛКАЛОИД АД Скопје е воспоставен систем за идентификување и за оценување на аспектите врз животната средина од сите процеси што се реализираат. Идентификуваните аспекти се следат и се набљудуваат на одредена фреквенција, во согласност со дефинираните обврски во законската регулатива од областа на животната средина.

Законските обврски, во однос на емисиите во животната средина, параметрите и фреквенцијата на набљудување, се дефинирани во:

- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда УП1-11/3 бр. 466/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 704/2021;
- А интегрираната еколошка дозвола за ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров УП1-11/3 бр. 705/2021; измена на интегрираната еколошка дозвола А УП1-11/3 бр. 2548/2022;
- Елаборат за животната средина за ПЦ ХКБ, програма Козметика, на локалитетот во Ѓорче Петров, бр. 08-3931/1;
- Елаборат за животната средина за ПЦ ХКБ, програма Билка, на локалитетот во Аеродром, бр. 08-4743/2.

# Емисии во воздухот

Мерењата на емисиите во воздухот во горенаведените документи се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда** се дефинирани 10 (десет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1, A2 и A8 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции $NO_2$, $SO_2$, CO и на цврсти честички прашина (PM);

- A3, A4, A5, A6, A7, A9, A10, A11, A12, A13 испусти од системот за отпрашување поставени во Производство фармација, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички – фармацевтска прав.

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров (производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини)** се дефинирани 5 (пет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1, A2, A3 испуст од системот за отпрашување поставен во погонот за производство на цефалоспорини, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички – фармацевтска прав;

- A4 и A5 испуст од локален вентилациски систем поставен во погонот за производство на фармацевтски суровини, од каде што во воздухот со отпадни гасови се очекува емисија на испарливи органски соединенија Volatile Organic Compound (VOC).

**3. Во ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** се дефинирани 11 (единаесет) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1, A2 и A3 – испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$, $SO_2$ и на цврсти честички прашина (PM);

- A4 – испуст над реакторот (оксидоредукциски процес за добивање сребрени соли) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, NH3 и VOC и 7 споредни (помали) испусти на отпадни гасови и на загадувачки супстанции во воздухот, и тоа:

- A5 до A11 испусти над реакторите, упарувачите, кристализаторите и над сушарите (процеси на неутрализација, растворање и на упарување на неорганските хемикалии) во погонот за неоргански синтези, од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на прашина, $NO_2$, $SO_2$, NH3 и VOC.

**4. Во ПЦ ХКБ, програма Билка,** се дефинирани 4 (четири) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на воздухот (квартални мерења), односно:

- A1 и A2 испусти од котларата, од каде што во атмосферата со отпадни гасови има емисија на загадувачки супстанции CO, $NO_2$, $SO_2$ и на цврсти честички прашина (PM); и

- две мерни места – испуст од системот за отпрашување – од каде што во атмосферата со отпадни гасови се очекува емисија на цврсти честички (PM).

**5. Од ПЦ ХКБ, програма Козметика, не се идентификувани испусти во воздухот.**

**Прилог 1: Мониторинг на емисиите во воздухот, водата и бучавата**

# Климатски промени

Климатските промени и нивните влијанија врз луѓето и екосистемите се меѓу најголемите предизвици на нашето време. Го минимизираме нашиот јаглероден отпечаток и активно се вклучуваме во борбата против глобалното затоплување. Целите и проектите кои се дел од ESG-стратегијата ја одразуваат нашата посветеност за преземање долгорочни климатски мерки. Добрата пракса за декарбонизација е поддржана од многубројни проекти и напори поврзани со енергетската и со процесната ефикасност, како и од инвестирање во сопствено производство и во снабдување со електрична енергија од обновливи извори. Во 2024 година нашето производство продолжи да ја развива својата добра пракса за декарбонизација заради постигнување на целите на ниво на цело производство, со фокус на заштедата на енергенси и на намалувањето трошоци.



Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје произведе повеќе од 2 GWh сопствена електрична енергија од обновливи извори.
Од вкупната потрошувачка на електрична енергија во 2024 година, 61% потекнува од обновливи извори.
Вкупната инвестиција во проекти за енергетска и водна ефикасност изнесува повеќе од 2,8 милиони евра.

# Емисии на стакленички гасови

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 305)**

**Начелата на стандардот GRI 305 – емисии** – кои се однесуваат на емисиите на супстанции од одреден извор во атмосферата, се воспоставени за пресметка и за следење во однос на основните процеси што ги спроведува компанијата.

**GRI 305** ги вклучува емисиите на стакленички гасови (GHG), супстанции што го осиромашуваат озонот (ODS), како и на азотни (NOx) и на сулфурни оксиди (SOx), меѓу другите позначителни емисии во воздухот.

Пресметките прикажани во овој извештај ги вклучуваат емисиите на стакленички гасови (GHG), односно $CH_4$, $N_2O$, HFCs, PFCs, $SF_6$, $NF_3$, изразени како $CO_{2eq}$.

Емисиите на стакленички гасови, во согласност со GRI-стандардот, се групирани на следниов начин:

- Директни (опсег 1) емисии на стакленички гасови

Пресметките на опсег 1 вклучуваат емисии од: стационарни извори (котлари), мобилни извори (транспорт со сопствени возила и виљушкари) и средства за ладење.

- Индиректни (опсег 2), односно емисии на стакленички гасови од откупена електрична енергија

Пресметките на опсег 2 вклучуваат емисии од откупена електрична енергија.

- Други индиректни (опсег 3) емисии на стакленички гасови кои потекнуваат од вредносниот синџир на влезни и на излезни ентитети.

Пресметките на опсег 3 вклучуваат емисии од следниве категории:

- категорија 2 – емисии од снабдувањето со капитални средства;
- категорија 3 – емисии од исцрпувањето, производството и транспортот на енергенти;
- категорија 4 – транспортот како услуга од трета страна;
- категорија 5 – емисии од третманот на отпадот кој е генериран на нашите локалитети;
- категорија 6 – службени патувања;
- категорија 7 – патувања на вработените до работа и назад;
- категорија 12 – емисии од третманот на отпадот кој настанува по употребата на нашите производи.

## ЕМИСИЈА НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ ВО 2024



**Градење капацитет за климатски промени**

За да ги развиеме нашите способности и да ги постигнеме нашите климатски цели, во 2024 година спроведени се обуки за подигнување на свеста на вработените со следниве теми и области:

- Барања на Системот за управување со животната средина
- ESG-ризици од областа на животната средина
- Постапување со отпадот
- Управување со целите од областа на животната средина
- Законски и други барања од областа на животната средина
- Конференција за зелени технологии
- Систем за управување со енергијата
- Енергетско-ефикасни решенија за климатизација
- Решенија за ефикасен третман на вода и на отпадни води
- Можности за подобрување на енергетската ефикасност со производи за системи за компримиран воздух
- Решенија за подобрување на ефикасноста со помош на индустриски роботи
- Подобрување со системите за набљудување
- Алатки за тестирање енергија и ресурси, со цел оптимизација и подобрување на деловните процеси



# Енергетска ефикасност и Обновливи извори на енергија

Во 2024 година го зголемивме нивото на амбицијата за обновлива електрична енергија. Нашата цел е до 2030 година да постигнеме 100 % користење електрична енергија од обновливи извори.

Во 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје произведе повеќе од 2 GWh сопствена електрична енергија од обновливи извори, а од вкупната искористена електрична енергија 61% доаѓаат од обновливи извори.

За производство на енергија од обновливи извори на нови локации во 2024 година е формирано и посебно трговско друштво – АЛКАЛОИД Енергетика ДООЕЛ. Со формирањето на ова трговско друштво АЛКАЛОИД АД Скопје ја истакнува својата заложба за зголемување на уделот на обновливата енергија и за постигнување енергетска независност.

АЛКАЛОИД АД Скопје во деловната стратегија и во грижата за животната средина ја препознава енергетската ефикасност како приоритет. Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ и капацитет резултираше со повеќе значајни инвестициски и оперативни мерки кои беа спроведени во 2024 година.

Континуирано работиме на намалување на енергетскиот интензитет; континуирано ги подобруваме нашите енергетски перформанси преку обезбедување информации и ресурси, со што ги постигнуваме нашите насоки и цели; се придржуваме до законските и до другите барања во однос на енергијата и на ефикасната употреба на енергијата и вршиме подобрувања на енергетските перформанси преку проектирање и преку промени во нашите погони, објекти, опрема, системи и процеси.

# Инвестиции и заштеди од мерки за Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија

**Во 2024 се реализирани инвестиции од 79.600 ЕУР во мерки со кои годишно ќе се заштедуваат 610 MWh електрична енергија, односно со вкупните реализирани инвестиции од 2018 г. од 2.813.614 ЕУР, секоја година се заштедуваат 9.803 MWh енергија и 317.170 м3 вода.**

| Година | Проект-мерки-број | ЕЕ Мерка | Заштеди | | | | | | | Трошоци | | Инвестиции |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вредносно (EUR/ годишно) | Енергија (MWh/ годишно) | "Вода (m3/ годишно)" | % од вкупна енергија | % од вкупно вода | t CO2e | Et-CO2e+Wt-CO2e | Вкупно енергија (MWh/ годишно) | Вкупно вода (m3/ годишно) | Вредносно (EUR/ годишно) |
| 2018 | 20 | Вкупно | 72.166 | 2.219 | 0 | 5,40% | 0,00% | 666 | 666 | 41.103 | 469.874 | 81.458 |
| | 6 | Реализирано | 46.378 | 1.359 | 0 | 3,31% | 0,00% | 408 | 408 | | | 2.458 |
| 2019 | 37 | Вкупно | 536.602 | 23.240 | 194.900 | 55,47% | 45,49% | 6.972 | 39.520 | 41.895 | 428.485 | 2.533.567 |
| | 12 | Реализирано | 308.708 | 3.720 | 100.000 | 8,88% | 23,34% | 1.116 | 17.816 | | | 573.135 |
| 2020 | 34 | Вкупно | 362.259 | 1.131 | 36.152 | 2,54% | 10,70% | 339 | 6.377 | 44.492 | 337.801 | 381.926 |
| | 10 | Реализирано | 7.913 | 99 | 3.650 | 0,22% | 1,08% | 30 | 639 | | | 1.149.111 |
| 2021 | 15 | Вкупно | 289.589 | 4.185 | 92.043 | 8,56% | 28,65% | 1.255 | 16.626 | 48.871 | 321.246 | 474.767 |
| | 13 | Реализирано | 134.150 | 1.515 | 108.520 | 3,10% | 33,78% | 454 | 18.577 | | | 112.028 |
| 2022 | 15 | Вкупно | 400.000 | 1.700 | 5.000 | 4,25% | 1,49% | 510 | 1.345 | 39.967 | 336.419 | 6.825.000 |
| | 14 | Реализирано | 354.950 | 2.100 | 5.000 | 5,25% | 1,49% | 630 | 1.465 | | | 725.000 |
| 2023 | 7 | Вкупно | 178.000 | 1.700 | 100.000 | 4,43% | 28,82% | 510 | 17.210 | 38.360 | 346.927 | 722.282 |
| | 4 | Реализирано | 84.000 | 400 | 100.000 | 1,04% | 28,82% | 120 | 16.820 | | | 172.282 |
| 2024 | 4 | Вкупно | 35.300 | 610 | 0 | 1,51% | 0,00% | 183 | 183 | 40.336 | 302.271 | 79.600 |
| | 4 | Реализирано | 35.300 | 610 | 0 | 1,51% | 0,00% | 183 | 183 | | | 79.600 |
| **Вкупно** | **132** | **Вкупно** | **1.873.916** | **34.785** | **428.094** | **86,24%** | **141,63%** | **10.435** | **81.927** | **40.336** | **302.271** | **11.098.601** |
| | **63** | **Реализирано** | **971.399** | **9.803** | **317.170** | **24,30%** | **104,93%** | **2.941** | **55.908** | | | **2.813.614** |



# Енергија

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 302)**

Начелата на стандардот GRI 302 енергија се воспоставени за пресметка и за следење на информациите и на податоците што се однесуваат на начинот на кој компанијата управува со влијанијата поврзани со користењето на енергијата.

- GRI 302-1 – потрошувачката на енергија во рамките на компанијата
- GRI 302-3 – енергетскиот интензитет
- GRI 302-4 – намалувањето на потрошувачката на енергија

Поради потребите на различно презентирање во однос на претходната година можни се разлики во споредбените податоци.

## ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА ОД НЕОБНОВЛИВИ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ 2024




Вкупна Енергенсна и Енергетска Ефикасност 2024
50,000,000
45,000,000
40,000,000
35,000,000
30,000,000
25,000,000
20,000,000
15,000,000
10,000,000
5,000,000
0
40.336.098
5.452.332
45.788.429
2.42
Вкупно (Интерно)[kWh]
Возила+Патување (Екстерно) [kWh]
Вкупно [kWh] Интерно+Екстерно
Енергетски интензитет [KWh/kg]

Електрична енергија од обновливи извори GRI-302-1-b фотоволтаици [kWh]



## ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ 2024



## ИЗВЕСТУВАЊЕ 302-4 - НАМАЛУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРИЈА ВО РАМКИТЕ НА КОМПАНИЈАТА









# ЕНЕРГЕТСКИ ИНТЕНЗИТЕТ

Интензитет на воден ресурс [m3/t]




Енергетски интензитет
(откупена ел. енергија) [MWh/t]




Енергетски интензитет
(сопствени ФВ централи) [MWh/t]




Интензитет на течно гориво [l/t]




Интензитет на природен гас [Nm3/t]





# Отпад и циркуларна економија

Проактивно го спречуваме и наоѓаме решенија за отпадот во различни фази од нашето работење. Имаме цел да го намалуваме отпадот, да стимулираме негова повторна употреба и рециклирање и правилно да управуваме со сето она што не можеме повторно да го употребиме. Системот за управување со животната средина бара производството да воспостави и да имплементира иницијативи и програми за минимизирање на опасниот и на неопасниот отпад и да ја процени употребата на материјалите за пакување.
Во однос на отпадот што се рециклира, во 2024 година го зголемивме процентот на отпад што се рециклира во однос на 2023 година за 4,82 %.

**Кампања за управување со отпадот од пакувањата** – континуирано работиме со сите вработени директно поврзани со управувањето и со селектирањето на отпадот, со цел намалување на отпадот на местото на негово настанување.

**Намалување на пластиката за една употреба** – инсталирање уреди со филтри за вода и користење шишиња за повеќекратна и за секојдневна употреба, со дополнителни екосовети за тоа како можат малите чекори да направат разлика меѓу влијанијата врз животната средина.

**Кампања за поттикнување на рециклирањето пластични шишиња и лименки** од вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје, во соработка со колективниот постапувач ПАКОМАК.

**Проекти за одржливо пакување** – масата на сите видови материјали што се користат за потребите од пакување на нашите производи ја следиме редовно, а споредбени анализи правиме на годишно ниво. Се стремиме кон употреба на материјал од рециклирано потекло во оние материјали кои се користат со најголема маса. Со тоа ќе ја намалуваме масата на новопроизведените (virgin) материјали и постојано ќе го поддржуваме државниот и регионален систем за рециклирање.

**Нови трендови во пакувањето** – се подготвуваме за целосна усогласеност со барањата на новата ЕУ-регулатива за пакувањата и за отпадот од пакувањата (EU Packaging and Packaging Waste Regulation). Започнати се проекти за намалување на масата на пакувањата на неколку избрани производи од портфолиото на програмата Козметика. Кај материјалите што се користат за пакување се избегнуваат оние материјали кои не можат да се рециклираат, а во подготовка се проекти за вклучување рециклиран материјал во пакувањето од пластика.

АЛКАЛОИД АД Скопје е посветен на:

- избегнување и намалување на отпадот;
- повторна употреба и рециклирање на отпадот;
- пракса за управување со отпадот која ги штити животната средина и заедницата;
- инкорпорирање на најдобрата пракса за управување со ризикот и за безбедност и здравје на работното место при управување со отпадот;
- негување на организациската култура која промовира најдобра пракса за управување со отпадот и за враќање на ресурсите;
- ангажирање на засегнатите страни и охрабрување на однесувањето за управување со отпадот;
- развивање и одржување начин на известување кој го промовира интегритетот на податоците и кој овозможува транспарентна комуникација и континуирано подобрување.



# Отпад

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 306)**

- GRI 306-3 – создаден отпад
- GRI 306-4 – отпад што не се депонира
- GRI 306-5 – отпад што се депонира

Во прилог 2 е дадена пресметка на создадениот отпад по локалитети во АЛКАЛОИД АД Скопје.

## Вкупно создаден отпад во АЛКАЛОИД АД Скопје











# Воден отпечаток

Нашиот систем за управување со животната средина и Системот за управување со енергетскиот менаџмент го поставуваат нашиот пристап за зачувување и за управување со водата низ нашите операции.

Во 2024 година го намаливме вкупното користење на вода за 12,2% во споредба со 2023 година. Како доказ за нашата континуирана акција и транспарентност се многубројните проекти што ги преземаме во однос на заштедата на потрошувачката на вода. Преку континуираниот надзор, водните проверки и преку мерките за намалување на потрошувачката на вода, во последните 5 години се преполови потенцијалната потрошувачка на вода. Со натамошните планирани мерки за идните години можно е достигнување на уште подобри резултати сѐ до постигнувањето целосна водна независност.

Преку системот за рециркулација на технолошката вода во Производство на фармацевтски суровини реализирана е рециркулација на 95,54 % од потрошената вода. Преку интеграција на системот со други потрошувачи остварено е намалување од 47,23% на потрошувачката на технолошка вода на локалитетот Ѓорче Петров во однос на 2023 година.

# Емисии од отпадната вода

Мерењата на емисиите од отпадната вода се дефинирани како што следува.

**1. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Автокоманда** се дефинирани 3 (три) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:

- С1 и С3 точки на емисија од Производство – фармација;

- С2 точка на емисија од Контрола на квалитет – фармација.

**2. Во ПЦ Фармација на локалитетот во Ѓорче Петров,** производство на цефалоспорини и производство на фармацевтски суровини, се дефинирани 2 (две) мерни места за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадните води (месечни мерења), односно:

- С1 точка на емисија од погонот за производство на цефалоспорини и С2 точка на емисија од погонот за производство на фармацевтски суровини.

**3. Во ПЦ ХКБ, програма Хемија, на локалитетот во Ѓорче Петров** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (месечни мерења), односно:

- С1 точка на емисија од производството на програмата Хемија.

**4. Во ПЦ ХКБ, програма Козметика,** отпадната вода се следи преку точка на емисија од производството на програмата Хемија.

**5. Од ПЦ ХКБ, програма Билка,** е дефинирано 1 (едно) мерно место за земање мостри и за следење на квалитетот на отпадната вода (годишно мерење), односно:

- С1 точка на емисија од производството на програмата Билка.

* Мерењата се претставени во прилог 1: набљудување на емисиите во воздухот, водата и бучавата

# Вода и ефлуенти

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 303)**

Начелата на стандардот GRI 303 вода и ефлуенти се воспоставени за пресметка и за следење на користењето на водата и на емисиите во водната средина кои можат да влијаат врз квалитетот на водата.

**Мерни индикатори во согласност со GRI-стандардите за вода и за ефлуенти**

- GRI 303-3 – користење на водата




График: Потрошувачка на вода за 2024 во АЛКАЛОИД АД Скопје

**Природата и биолошката разновидност**

Зачувувањето на природата и биолошката разновидност се од клучно значење за одржување на животот на Земјата. Во согласност со научно базираниот пристап за разбирање на влијанието на нашите операции врз биолошката разновидност и врз природата, а со фокус на нашето работење и на приоритетните суровини, ние продолжуваме да ги оценуваме влијанието и ризиците за да воспоставиме политики и насоки кои ќе ги минимизираат негативните последици и кои ќе го подобруваат одрживото искористување на природните ресурси.









# IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

# IV. ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

Како компанија вложуваме значителна енергија и ресурси во создавањето средина која се грижи за благосостојбата и за развојот на нашите вработени и во реализацијата на проекти кои се од општествено значење. Водени од една од нашите основни вредности луѓето се пред сè, создаваме атмосфера која ги поддржува овие вредности и го поттикнува растот на секој поединец, како и на целата заедница во која дејствуваме.

Преку промоција на Кодот за деловно и етичко однесување ги афирмираме и ги имплементираме нашите клучни вредности: луѓето се пред сè, интегритет и чесност, лидерство базирано на вредности и креирање на најдобрите резултати заедно.

**Вработените и процесот на регрутација и на селекција**

Во духот на континуираниот раст и развој, семејството на АЛКАЛОИД постојано се проширува со вработување стручен и посветен кадар. Со својата експертиза и со своите иновации, нашите вработени стануваат клучен дел од нашата мисија за постигнување нови успеси и за поставување повисоки стандарди. Во моментов компанијата брои 2302 вработени во земјава и 740 во капитално поврзаните друштва и во претставништвата во странство. Во текот на 2024 година го зголемивме семејството за 246 нови вработувања во Алкалоид АД Скопје и 6 вработувања во Алкалоид Конс. Дел од нашите вработени поминаа низ процеси на интерна селекција за пополнување на позициите во рамките на интерните огласи, преку кои охрабруваме и овозможуваме кариерен развој за постојните вработени.

Во текот на годината интензивно ја негуваме врската со нашите потенцијални вработени преку учеството на саеми за вработување, како и преку континуираната соработка и комуникација со средните училишта и со високообразовните институции. Нашата цел е да инвестираме во знаењето и во развојот на новите генерации уште од најраните фази на нивната едукација, создавајќи основа за нивната иднина и за иднината на компанијата.

Дополнително, ја продолживме успешната кампања „Еден работен ден во АЛКАЛОИД“, преку која транспарентно ги споделуваме нашите секојдневни работни предизвици и ги приближуваме до заедницата во која живееме и дејствуваме.

**Нови вработени по ПЦ/ОЕ според пол**



# Обука и развој на вработените

Ние во АЛКАЛОИД негуваме култура на континуирано вложување во обука и во развој на нашите вработени, во насока на надградување и на унапредување на нивните знаења, вештини и компетенции. Нашата мисија е да обезбедиме континуиран кариерен развој и усовршување за секој член на нашиот тим, истовремено следејќи ги најновите трендови и иновации во индустријата. Веруваме дека развојот на нашите луѓе е клучот за нашата долгорочна успешност и лидерство.

Со оваа цел реализираме голем број екстерни и интерни обуки на годишно ниво. Просечниот број на тренинг-часови од вработен за 2024 година изнесува 172,39

**Процент на реализација на интерни/екстерни обуки**



### Систем за управување со таленти и учинок

Една од нашите главни цели е да создадеме работна средина во која вработените ќе се чувствуваат вреднувано и почитувано за својот труд и посветеност. Во согласност со нивниот учинок, се стремиме да ги насочиме кон правилен професионален развој и да обезбедиме соодветно наградување, кое ги одразува нивните достигнувања.

Промовираме дијалог и комуникација на сите нивоа, што овозможува вработените да даваат и да примат повратна информација за својот ангажман. Во таа насока, во процесот на оценување се вклучени 1419 вработени.

63,24% од вработените во нашата компанија се вклучени во системот за управување со учинок, со тенденција и со цел во блиска иднина да се опфатат сите вработени.

### Добросостојбата на вработените

Следејќи ги клучните компаниски вредности, а водени од грижата за вработените и за членовите на нивните семејства, обезбедуваме бенефиции за нашите вработени преку Програмата за бенефиции за децата на вработените и преку дополнителното здравствено осигурување. Во 2024 година ја проширивме Програмата за бенефиции со тоа што обезбедивме слободен ден за прваче. Посветено работиме на развивање и на проширување на пакетот бенефиции за вработените.

Преку Програмата за бенефиции за децата на нашите вработени обезбедуваме финансиска партиципација за доедукација од областа на изучувањето странски јазици и компјутерски вештини, за активности од областа на науката и на културата или за спортски и танцови активности.

Календарската 2024 година ја завршивме со 760 целосни пријави.

Следејќи го нашето главно мото Здравјето пред сè, обезбедуваме и приватно здравствено осигурување за сите наши вработени, со поволни услови за проширување на пакетот и на нивните семејства.

**Програма за млади таленти**

Од 2018 година успешно ја спроведуваме и Програмата за млади таленти, во која е вклучена Програмата за практикантство, а од 2021 година ја проширивме и со Програмата за парцијално дуално образование.

Во рамките на Програмата за практикантство оваа година АЛКАЛОИД АД Скопје потпиша анекс на Меморандумот за соработка со Фармацевтскиот факултет Скопје при УКИМ, при што дојде до договор од листата на предмети од курукулумот на смерот Магистер по фармација да се изведуваат вежби во нашата тренинг-лабораторија и да се организираат одредени посети на производствените погони, како и други активности, со цел студентите да се здобијат со практично искуство од реалната фармацевтска индустрија.

Оваа година ја пречекавме седмата генерација практиканти, па заедно со изминатите години 310 практиканти од различни образовни институции имаа можност да се запознаат со процесите и со активностите во АЛКАЛОИД АД Скопје. Оваа година се вработени 12 практиканти од вкупно 121 практикант вработен досега. Процентот на вкупна вработливост досега од почетокот на Програмата за практикантство изнесува 39%

Од септември 2024 година парцијално дуалното образование бележи напредок со вклучувањето дополнително училиште. Покрај средното медицинско училиште СМУГС ,,д-р Панче Караѓозов“, во оваа програма се придружи и средното хемиско училиште СУГС „Марија Кири Склодовска“. Во учебната 2024/2025 година новата генерација ученици достигна рекорден број од 28 ученици, што ги одразува зголемената заинтересираност и успехот на овој едукативен модел.

Од двете генерации на ученици кои досега завршија со своето образование во АЛКАЛОИД АД Скопје, каде што се образуваа вкупно 44 ученици, се вработија 24 ученици. Процентот на вкупна вработливост досега од почетокот на проектот за парцијално дуално образование изнесува 54,5%

Продолжуваме посветено да инвестираме во едукација на младиот кадар, со надеж дека преку овој модел ќе придонесеме за создавање многу успешни и талентирани млади професионалци. Со вложување во нивното образование и развој поставуваме позитивен пример и градиме пристап што ја обликува иднината не само на нашата компанија туку и на општеството во кое активно дејствуваме.



**Фер третман за сите вработени**

Во секојдневната комуникација, како и при изборот на соработници, партнери, на кандидати за вработување, клиенти и на наши вработени ние застапуваме политика на недискриминација по ниту една основа и во согласност со нашите клучни вредности ја промовираме различноста со восхит и со емпатија, независно од потеклото, националната/етничката и религиската припадност, од возраста, јазикот, верата, полот, од социјалниот статус, сексуалната ориентација, вредностите или од интересите на едно лице.

Во контекст на нашата посветеност на оваа заложба, во текот на 2024 година воведовме неколку нови политики кои ја зајакнуваат нашата заложба за обезбедување еднаков третман на сите наши вработени. Организиравме обуки за политиките со цел сите вработени да се запознаат со нашите вредности и обврски. Континуирано работиме на промовирање на инклузивна и правична работна атмосфера, каде што секој вработен се чувствува ценето и поддржано.

- Политика за модерното ропство
- Политика за детскиот труд и младите лица
- Политика за недискриминацијата и за промовирањето на различноста, еднаквите можности и инклузијата
- Политика за човековите права
- Правилник за вознемирување на работното место

Поради потребите на различно презентирање во однос на претходната година можни се разлики во споредбените податоци.

**Полова структура на вработени во АЛКАЛОИД АД**




**Полова структура на раководни позиции во АЛКАЛОИД АД**




**Квалификациска структура на вработените во АЛКАЛОИД АД**



# Вработените во Обезбедување запознаени со политиките за заштита на човековите права

**(Известувањето е направено врз основа на GRI 410- 1)**

Работењето на Одделот за обезбедување и заштита и работници за обезбедување е усогласено со основните начела, етички стандарди и правила на однесување засновани врз Уставот, релевантните закони, подзаконските прописи и интерните прописи на компанијата, како и врз општоприфатените начела на Кодексот за професионална етика на CoESS (Confederation of European Security Services) и на Кодексот за професионална етика на вршителите на приватно обезбедување на Комората за приватно обезбедување на Република Северна Македонија.

Правните и физичките лица вршители на приватно обезбедување водат сметка при вршењето на своите овластувања особено да се раководат од потребата за целосно почитување на човековите права и на основните слободи, да не вршат каков било вид дискриминација на ниту една основа, да употребуваат средства за присилба само во крајни ситуации и да ја почитуваат приватноста на сите субјекти.

| Области | Индикатори | |
|---|---|---|
| Усогласување на интерните акти со измените во законските и во подзаконските прописи и други стандарди. | 100% | |
| Обуки, работилници и вежби од доменот на употребата на сила и на средства за присилба, на комуникациските вештини, човековите права и слободи и на заштитата на личните податоци | Број на вработени | Процент на обучени работници |
| | 55 | 100% |
| Пријави за прекумерна употреба на сила, нечовечко или понижувачко постапување, дискриминација и за злоупотреба на лични податоци | 0 пријави | |



# Безбедност и здравје при работа

**Систем за управување со безбедноста и здравјето при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 1)**

Примената на принципите за безбедност и здравје при работа е еден од клучните елементи во управувањето со сите процеси во рамките на АЛКАЛОИД АД Скопје. Наша постојана обврска е да ги усогласуваме и да ги унапредуваме нашите практики според најновите глобални стандарди за безбедност и здравје за да ги заштитиме нашите вработени и вработените на нашите партнери. Активната вклученост на вработените преку нивните претставници, како и тесната соработка со стручниот тим од Одделот за безбедност и здравје при работа, заедно со менаџментот, ни овозможуваат успешно да работиме на превенција, намалување и на елиминација на ризиците на работното место. Постојаното инвестирање во подобрување на условите во работната средина е една од основите на општиот напредок на компанијата. Во текот на 2024 година беше донесена нова Политика за безбедност и здравје при работа, која го обединува заедничкиот стремеж за градење ефикасен систем за управување со безбедноста и здравјето при работа.

Како резултат на вложените напори, АЛКАЛОИД АД Скопје ги доби признанијата Национална награда во 2024 година за најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа во категоријата на големи компании, Награда за најмногу инвестиции во безбедноста и здравјето на своите вработени и освоено прво место за најдобро имплементирани практики за безбедност и здравје при работа во категоријата на големи претпријатија.

**Идентификација на опасностите, проценка на ризиците и истрага на инцидентите**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 2)**

Системот за управување со безбедност и здравје при работа овозможува проактивен пристап во откривањето на опасностите и во проценката на ризиците за безбедноста и здравјето на вработените уште пред започнувањето на работата, како и при промената на постојните или при воведувањето нови процеси. Во фокусот на овој пристап е утврдувањето мерки кои обезбедуваат целосна заштита на здравјето и безбедноста на работното место. Посветеноста на менаџментот, стручноста на одговорните лица и широкиот опсег на интерно воспоставени контролни механизми обезбедуваат доследна и ефикасна имплементација на сите мерки за заштита. Воспоставените процеси за пријава на несреќи/инциденти овозможуваат навремено истражување и утврдување на причините, а со тоа и нивно брзо и ефикасно отстранување за да не се повторат во иднина.

| Индикатори за идентификација на опасности и на ризици поврзани со работата | 2023 година | **2024 година** |
|---|---|---|
| Вкупно ажурирани проценки на ризик | 122 | **29** |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 31 | **38** |

**Изјава за медицина на трудот**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 3)**

Компанијата останува посветена на унапредување на здравјето на врботените. Вложуваме значителни ресурси во подобрување на работната средина за да обезбедиме здравје и благосостојба за нашите вработени. Нашата стратегија за зачувување на здравјето на вработените вклучува редовни здравствени прегледи и следење на здравствените показатели од стручни специјалисти, при што се внимава на заштита на приватноста и на податоците содржани во извештаите.

| Податоци за превентивни здравствени прегледи | 2023 година | **2024 година** |
|---|---|---|
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на трудот | 4 | **4** |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | 1698 | **2020** |
| Издадени препораки за контролен преглед или каква било друга препорака | 25 | **12** |

**Учество на вработените, нивно информирање и консултирање (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 4)**

Вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје активно учествуваат во процесот на креирање политики и одлуки поврзани со безбедноста и здравјето на работното место. Преку редовни состаноци и консултации со избраните претставници на вработените овозможуваме нивните идеи и забелешки да бидат вклучени во натамошното унапредување на работните услови и процеси. Дополнителна вредност на донесените заклучоци, препораки и мислења за сите аспекти поврзани со системот за управување со безбедноста и здравјето при работа дава и формираниот Одбор за безбедност и здравје при работа, кој организира и одржува редовни средби со засегнатите страни.

**Обуки за безбедност и здравје при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 5)**

Покрај обуките кои се обврзувачки во согласност со националната легислатива, компанијата е посветена на постојано унапредување на знаењата, свеста и на важноста за безбедноста во сите процеси. Знаењата се збогатуваат преку организирани тематски обуки за безбедност и здравје при работа, како и преку методологии и алатки за унапредување на безбедносните аспекти, кои се организирани и реализирани од одговорните стручни лица за безбедност во компанијата, но и од докажани домашни и меѓународни експерти во областа.

| Обуки за безбедност и здравје при работа | 2023 година | **2024 година** |
|---|---|---|
| Број на реализирани обуки во согласност со законската регулатива за вработените | 2405 | **789** |
| Број на реализирани специфични обуки за безбедност и здравје при работа за вработените | 202 | **620** |
| Број на реализирани обуки за прва помош за вработените | 167 | **150** |
| Број на реализирани обуки за заштита од пожар и од експлозии и за евакуација на вработените | 1073 | **739** |

**Промовирање и унапредување на грижата за здравјето на вработените**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 6)**

Здравјето и благосостојбата на нашите вработени се основата врз која се гради нашата деловна филозофија. Ние веруваме дека успешниот раст на компанијата зависи од квалитетот на животот на поединецот, како и од неговата физичка и психолошка благосостојба.

За да обезбедиме најдобра грижа за нашите вработени, им нудиме доброволно приватно здравствено осигурување, што им овозможува брз и лесен пристап до висококвалитетни здравствени услуги, а сите трошоци поврзани со осигурувањето се покриени од компанијата.

Дополнително, во рамките на нашата корпоративна култура, создадовме можности за активно учество во спортски активности. Во соработка со нашите партнери, обезбедуваме бесплатен пристап до спортски објекти и сали, каде што вработените можат да уживаат во физичка активност по работното време. Поттикнуваме активно учество на настани како што се Скопскиот маратон и шаховските турнири, како и користење велосипед за секојдневни патувања до работа и назад. На овој начин се стремиме кон создавање здрави навики и дополнителни можности за квалитетно време за релаксација.

**Превенција и намалување на безбедносните влијанија директно поврзани со деловните односи (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 7)**

Превенцијата и намалувањето на безбедносните влијанија поврзани со деловните односи се клучни за одржување на стабилноста и безбедноста на компанијата. Кога станува збор за деловните партнери, важно е да се постават јасни безбедносни стандарди и барања кои мора да се почитуваат од сите страни. Ова вклучува процена на ризиците што произлегуваат од деловните активности и нивно идентификување уште на почетокот на соработката. Строгата селекција на добавувачи и на партнери, како и редовните безбедносни проверки значително ги намалуваат можните закани. Поставувањето договорни услови кои вклучуваат обврски за безбедност и за усогласеност со безбедносните стандарди обезбедува заштита за сите засегнати страни. Ова вклучува и обучување на вработените и на деловните партнери за препознавање и за спречување на потенцијалните безбедносни закани.

Компаниите треба да бидат проактивни во следењето на безбедносните трендови и технологии кои можат да влијаат врз нивните деловни односи. Превентивните мерки како што се одржувањето на доверливоста на податоците и заштитата на иновациите играат важна улога во намалувањето на ризиците. Постои и потреба од формирање ефектни механизми за брзо и ефикасно реагирање на безбедносните инциденти кои можат да се појават во текот на деловните односи. На крај, создавањето култура на безбедност и транспарентност во деловните односи помага во изградбата на доверба и во минимизирањето на ризиците од безбедносните инциденти.

### Вработени опфатени со системот за управување со безбедноста и здравјето при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 8)

Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа е дизајниран за да ги опфати сите вработени, во секој оддел и ниво во организацијата, како и вработените во други компании кои извршуваат работни активности во нашата компанија. Овој инклузивен пристап гарантира дека секој поединец, од најниското ниво до највисокото раководство, е покриен со безбедносните мерки и протоколи на системот. Целта е да се создаде култура во која приоритет е благосостојбата на секој вработен и во која секој има активна улога во одржувањето здрава и безбедна работна средина.

### Повреди при работа (Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 9)

| Повреди поврзани со работата на вработените во компанијата | 2023 | **2024** |
|---|---|---|
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Стапка на повредите со тешки последици | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди | 33 | **29** |
| Стапка на евидентираните повреди, пресметка (фреквенција) на 1.000.000 | 8,07 | **6,7** |
| Стапка на тежината на повредите, пресметка на 100.000 | 14,3 | **11,27** |
| Стапка на бројот на повреди / 1000 вработени | 13,01 | **10,84** |
| Број на работни часови | 4.090.490 | **4.329.441** |
| Главна причина за повреда при работа | Лизгање, сопнување, паѓање и небезбедно ракување | |
| **Повреди поврзани со работата на лицата кои не се вработени, но кои се под контрола на компанијата** | **2023** | **2024** |
| Број и стапка на смртни случаи | 0 | **0** |
| Број на евидентирани повреди / повреди со тешки последици | 0 | **0** |
| Стапка на фреквенцијата на повреди на вработените на добавувачите | 0 | **0** |

**Изјава за професионални заболувања**
**(Известувањето е направено врз основа на GRI 403 – 10)**

| Професионални заболувања поврзани со работата на вработените во компанијата | 2023 | **2024** |
|---|---|---|
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |
| Професионални заболувања поврзани со работата на лицата кои не се вработени, но кои се под контрола на компанијата | 2023 | **2024** |
| Евидентирани професионални заболувања | 0 | **0** |
| Број и стапка на смртни случаи како резултат на професионални заболувања | 0 | **0** |







# V. УПРАВУВАЊЕ



**Корпоративно управување**

АЛКАЛОИД АД Скопје како и досега и во 2024 година продолжи со примена на начелата за добро корпоративно управување, кои се утврдени во Статутот и во внатрешните акти на компанијата, а воедно продолжи и со примената на добрата корпоративна пракса во целиот систем на процеси во компанијата.

Годишното собрание на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, кое се одржа на 01.04.2024 година, беше организирано во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со сите внатрешни акти, а беа преземени и сите активности со цел промена на одредбите на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Формираната интердисциплинарна група во рамките на компанијата продолжи со доследно пополнување на прашалниците објавени на Македонската берза, во насока на известување за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување.

Исто така, АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со својата стратешка заложба за континуиран одржлив развој, во октомври 2024 година организираше ESG-работилница на која присуствуваше менаџментот, но и вработени од капитално поврзаните друштва, а чија главна цел беше подигнување на свеста за ESG-темите во рамките на компанијата, како и во капитално поврзаните друштва.

Во 2024 година, на предлог на Надзорниот одбор, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје ги усвои Политиката за забрана на злоупотребата на детскиот труд и на младите лица, Политиката за заштита и за унапредување на човековите права, Политиката за модерно ропство, како и Политиката за недискриминација и за промовирање различност, еднакви можности и инклузија, со кои како компанија се етаблираме во редот на модерни компании кои ги почитуваат човековите права како фундаментална вредност, а воедно и се грижат за здравјето и квалитетот на животот на вработените, за потрошувачите на производите, за нивните семејства и за човештвото во целост. Во насока на примена на овие политики се реализираа обуки за менаџментот и за вработените.

Членовите на органите на управување на компанијата продолжија со активно и конструктивно реализирање на обврските и одговорностите од делокругот на органот во кој членуваат, во согласност со Статутот и со Деловникот на работа на соодветниот орган. Органите на управување и во 2024 година беа активно вклучени во следењето и во надгледувањето на ESG-стратегијата, како и во процесите на управување со ESG-ризиците, на проценки и на известување за ESG-процесите.

Исто така, во текот на 2024 година АЛКАЛОИД АД Скопје продолжи да ја демонстрира заложбата за воспоставување одржлив синџир на снабдување, во чии рамки од нашите сегашни и идни добавувачи, како и од нивните партнери и соработници континуирано ќе се обезбедува примена на еколошки и социјални стандарди, како и стандарди и принципи за добро корпоративно управување. Во таа смисла, на крајот на 2024 година беа спроведени обуки на вработените во врска со примената на Кодот за однесување на добавувачи.

Сите наши нови нормативни акти беа поставени на нашата веб-страница, со цел редовно, навремено и целосно информирање на сите наши засегнати страни за нашите заложби и ангажмани за развој на принципите на добро корпоративно управување.

**Корпоративна усогласеност**

Еден од основните предуслови за деловните успеси на АЛКАЛОИД АД Скопје е да се дејствува со интегритет и чесност. Најважните постулати врз кои нашата компанија ги темели своите деловни активности се целосна усогласеност со локалните и со меѓународните прописи, но и внатрешни акти, како и целосна доброволна заложба и посветеност на раководната структура и на вработените за почитување на етичките принципи и стандарди.

Во 2024 година офицерот за корпоративна усогласеност беше ангажиран на проект под водство на USAID и на Стопанската комора на Република Северна Македонија, во чии рамки се спроведуваат обуки наменети за мали и средни претпријатија на територијата на Република Северна Македонија, со кои им се дава поддршка самостојно да воведат систем за бизнис-интегритет во рамките на своите организации.

Во текот на 2024 година се спроведоа обуки во Прилеп и Битола на кои учествуваа локални компании и со тоа АЛКАЛОИД АД Скопје преку пренесување на своите практики и искуства го даде својот придонес и ќе продолжи да го дава својот придонес кон подигнување на свеста на бизнис заедницата за значењето на овој концепт.

### Код на етичко и деловно однесување

АЛКАЛОИД АД Скопје, во рамките на деловните операции, продолжува да ги користи највисоките етички норми и стандарди. Кодот за етичко и деловно однесување како клучен елемент во градењето на етичката корпоративна култура, преку промоција на клучните вредности во негови рамки, а со поддршка на системот на усогласеност, има цел да овозможи секој наш вработен и секое раководно лице самостојно да носи етички одлуки во секојдневното работење, а со тоа да се остварува и нашата заедничка мисија и визија за градење корпоративен интегритет и култура. Во 2024 година компанијата, предводена од највисокото раководство, а со поддршка на офицерот за корпоративна усогласеност, продолжи да го развива овој процес преку обуки на надлежните лица и преку подигнување на свеста на вработените за етичко однесување.

Платформата AlkaSpeakUp е компаниска веб-форма и канал за комуникација преку кој нашите вработени и надворешни соработници можат да пријават незаконско или неетичко однесување од вработените или од раководните лица во компанијата. Пријавувачите се охрабруваат да пријават какво било однесување кое е спротивно на принципите утврдени со Кодот за етичко и деловно однесување, а во врска со него постапува и одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност, врз основа на точно утврдените правила и принципи.

повеќе инфо

**Преглед на постапките за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување**

Во 2024 година, до офицерот за корпоративна усогласеност и до комисијата за корпоративна усогласеност, беа пристигнати 3 пријави со идентификувани елементи на пријава.

Комисијата за корпоративна усогласеност во 2024 година усвои 1 наод во рамките на претходно започнатите и незавршени постапки за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување.

**Антикорупциска политика**

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која е целосно посветена на одржување на највисоките стандарди на правно и етичко однесување. Антикорупциската политика има за цел поблиску да ги образложи аспектите на одредени начела кои се уредени во Кодот на етичко и деловно однесување и во Кодексот за интеракција со здравствени работници и етичка промоција. Во оваа политика се уредени сите аспекти на превенција и на санкција за недозволена исплата и за поткуп на јавни службеници и носители на јавни функции, како и за кои било други форми на корупција, како и основните параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина. Со примената на оваа политика продолжува да се зајакнува заложбата на компанијата за обезбедување и за натамошно градење корпоративен интегритет и репутација, кои се темелат врз чесност, фер однесување и личен интегритет, а кои се применуваат на работните позиции кои ги вршат сите вработени и раководни лица, како и сите други лица кои се поврзани со компанијата на која било основа.

**Кодекс за интеракција со здравствени работници и етичка промоција**

Овој Кодекс за интеракција со здрвствени работници и етичка промоција поставува стандарди кои се однесуваат на интеракцијата со здравствената заедница, па поради тоа е од исклучително значење за компанијата. Кодексот за интеракција со здравствени работници и за етичка промоција ги уредува промоцијата, комуникацијата и нашите интеракции со здравствените работници, здравствените организации и со здравствената заедница во целина. Нашата компанија исклучително се залага за континуирана едукација на медицинските претставници и преку спроведување обуки обезбедува нивна усогласеност со сите релеватни кодекси на индустријата, како и со важечките законски прописи.



**Заштита на лични податоци**

АЛКАЛОИД континуирано ја одржува и ја унапредува својата стратегија за заштита на личните податоци, со што се обезбедува високо ниво на безбедност и усогласеност со најдобрите практики и со релевантните законски прописи. Во 2024 година се преземени дополнителни активности за подигнување на свеста за зајакнување на безбедноста на информациите и личните податоци, со посебен акцент врз мрежните локации каде што се складираат и се обработуваат лични податоци.

АЛКАЛОИД останува посветен на континуирано подобрување на своите системи преку редовни контроли на веќе воспоставените информатички системи, проценка на ризиците и преку оптимизација на безбедносните мерки. Во текот на годината се организирани обуки за вработените со цел подигнување на нивото на свесност за важноста на заштитата на личните податоци и почитување на интерните политики за безбедност. Овие едукативни активности ја потенцираат посветеноста на компанијата за усогласеност со Европската општа регулатива за заштита на податоците (GDPR) и со другите релевантни прописи за приватност.

Во рамките на зајакнувањето на безбедноста беше предложена и имплементирана процедура за одлучување при изборот на обработувачи на лични податоци. Оваа процедура има цел да го олесни процесот на длабинска анализа (due diligence) и да обезбеди конзистентност и ефективен механизам за контрола на трети страни кои обработуваат податоци во име на АЛКАЛОИД. Ова овозможува поефикасно управување со ризиците и осигурување дека компанијата соработува исклучиво со партнери кои се усогласени со релевантните законски прописи и регулативи.

Корпоративниот офицер за заштита на лични податоци, во тесна соработка со меѓународниот тим за заштита на податоците, продолжи со координирани активности со колегите од различни сектори во компанијата. Преку оваа соработка беа обезбедени соодветни известувања за приватноста на третите страни, како и подобрување на процесите за заштита на податоците во различни области од работењето на компанијата.

Со сите преземени мерки, АЛКАЛОИД останува посветен на високите стандарди во заштитата на личните податоци и обезбедува стабилна и сигурна дигитална околина за своите вработени, партнери и клиенти.

# Јавни давачки

Групацијата „Алкалоид“ како мултинационална компанија ги применува законите и прописите во земјите каде што работи и ги плаќа соодветните даноци и давачки според важечките прописи. Бидејќи имаме присуство во бизнисот и вработувањето во многу земји, плаќаме даноци вклучувајќи данок на добивка, индиректни даноци (ДДВ), како и даноци и социјални придонеси поврзани со нашите вработени.

Основните принципи кои ги следи групацијата „Алкалоид“ во областа на оданочувањето се: навремено плаќање даноци и поднесување даночни пријави до даночните власти во согласност со законите и прописите, избегнување ризични даночни одлуки, следење на промените во даночното законодавство, обезбедување континуирана обука за вработените вклучени во областа на даноците, како и градење и одржување транспарентни и конструктивни односи со даночните власти. Интегритетот, искреноста и довербата се основните вредности и принципи наведени во Кодексот на етика и професионално однесување на „Алкалоид“, кои ги применуваме и во сферата на оданочувањето.

Групацијата „Алкалоид“ ги следи принципите на меѓународно оданочување вградени во соодветните билатерални договори за избегнување на двојното оданочување, врз основа на моделот на даночната конвенција на ОЕЦД за приход и капитал. На тој начин се избегнува двојното оданочување и се обезбедува соодветна даночна основа во секоја јурисдикција.

За сите интеркомпаниски трансакции групацијата „Алкалоид“ ги применува Упатствата за трансферни цени на ОЕЦД и специфичното законодавство за конкретната земја, применувајќи го принципот дофат на рака. Нашата политика за трансферни цени е документирана и поткрепена со економски анализи и извештаи. Документацијата за трансферни цени, која вклучува главен фајл и локални фајлови, се ревидира и се ажурира секоја година.

Групацијата „Алкалоид“ има воспоставено интерни сметководствени контроли, кои вклучуваат и интерни даночни контроли на секое ниво на работење и во сите друштва, со цел управување со финансиските и со даночните ризици.

Одделот за даноци во „Алкалоид“, надгледуван од главниот финансиски директор, е одговорен за даночните работи и ги спроведува начелата и принципите утврдени со внатрешните акти, кои се донесени од Управниот одбор на „Алкалоид“, вклучувајќи ги Статутот на компанијата, Кодот за етичко и деловно однесување и ESG-политиката, а во согласност со Политиката за интегриран систем за управување на „Алкалоид“.

Даноците на добивка се детално опишани во нашите консолидирани финансиски извештаи. Даночните информации кои се обелоденети во финансиските извештаи се предмет на независна ревизија.

# ESG-ризици за 2024 година

**Управување со ризик**

Друштвото има имплементирано комплексен процес за управување со ризиците за навремено да ги идентификува заканите и можностите и на тој начин да ги заштити ресурсите на друштвото, да ги намали можните загуби и да ги зголеми позитивните ефекти во работењето, да го унапреди процесот на управување, да ги исполни очекувањата на засегнатите страни и со тоа да го задржи својот углед на високо ниво.

Повеќе детали за управувањето со ризиците се дадени во годишниот извештај на групацијата.

**Идентификација на ESG-ризиците**

ESG-ризиците се идентификувани од раководителите на соодветните организациски единици, кои се надлежни за реализирање одредени ESG-барања на ист начин и со примена на истата процедура и методологија како и кај другите ризици во групацијата.

Со членовите на ESG-одборот е дискутирано за начинот на нивни третман. Одборот редовно го следи движењето на овие ризици, како и мерките што се преземаат за намалување на нивното влијание врз работењето на групацијата.

Во 2024 година друштвото идентификуваше вкупно 31 ESG-ризик, кои се групирани и прикажани во следнава табела:

| ESG-категории | Број на ризици | % |
|---|---|---|
| **ESG-известување – животна средина** | **7** | **23 %** |
| Влијание на климатските промени | 2 | 6 % |
| Загадување на околината | 1 | 3 % |
| Управување со отпад | 1 | 3 % |
| Јаглероден отпечаток | 2 | 6 % |
| Управување со вода | 1 | 3 % |
| **ESG-известување – корпоративно управување** | **10** | **32 %** |
| Регулаторна усогласеност | 2 | 6 % |
| Независност и различност на Одборот | 2 | 6 % |
| Програми за управување со ризик и усогласеност | 1 | 3 % |
| Транспарентност и обелоденување | 2 | 6 % |
| Надомест и стимулации на управувачките одбори | 1 | 3 % |
| Управување со податоци и сајбер-безбедност | 2 | 6 % |
| **ESG-известување – социјални прашања** | **14** | **45 %** |
| Работна пракса, мерење на учинокот и развој на вработените | 3 | 10 % |
| Миграција на населението, недостиг од високообразовен кадар | 1 | 3 % |
| Пристап до лекови | 1 | 3 % |
| Етички маркетинг, продажна пракса и клинички испитувања | 4 | 13 % |
| Развивање свест за безбедноста на вработените | 1 | 3 % |
| Приватност на пациентот и безбедност на податоците | 2 | 6 % |
| Ангажирање и влијание врз заедницата | 2 | 6 % |
| **Вкупно** | **31** | **100 %** |

Повеќе од 84 % од ESG-ризиците се оценети во пониската група на ризици поради добрите политики, процеси и контроли во делот на усогласеноста со барањата на ESG-стандардите што се применуваат во групацијата.

Најголем дел од ESG-ризиците се алоцирани во категоријата социјални прашања, приближно 45 %; понатаму 32 % се алоцирани во делот на корпоративното управување, а остатокот од 23 % се алоцирани во делот на животната средина.

ESG-ризиците, според примарната категорија на ризици, се прикажани во следнава табела:

| ESG-категории | Број на ризици | % |
|---|---|---|
| **ESG-известување – животна средина** | **7** | **23 %** |
| Усогласеност | 6 | 19 % |
| Финансиски | 1 | 3 % |
| **ESG-известување – корпоративно управување** | **10** | **32 %** |
| Усогласеност | 10 | 32 % |
| **ESG-известување – социјални прашања** | **14** | **45 %** |
| Вработени | 2 | 6 % |
| Усогласеност | 12 | 39 % |
| **Вкупно** | **31** | **100 %** |

Најголем дел од ESG-ризиците, приближно 91 %, се алоцирани во категоријата на усогласеност со прописите за ESG, додека, пак, мал дел се однесуваат на вработените, приближно 6 %, и на финансиските трошоци, приближно 3 %.

# Одржливи набавки и одржлив синџир на снабдување

Општествената одговорност, одржливоста и одржливиот развој за нас во АЛКАЛОИД АД Скопје се едни од врвните приоритети во работењето на компанијата и се високо позиционирани во нашата деловна стратегија и корпоративна култура.

Нашиот синџир на снабдување се темели на највисоките етички стандарди и принципи на фер однесување во деловните односи, како и на интегритетот и чесноста на нашите вработени при извршувањето на секојдневните операции.

Во текот на 2024 г. компанијата донесе два нови корпоративни документи: **Код за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје** и **Политика за одржливи набавки**, кои се во согласност со ESG-стратегијата на компанијата и со Политиката за интегриран менаџмент-систем. Овие документи се од огромно значење за процесот на одржливи набавки на материјали и услуги. Преку нив ги потврдивме воспоставените практики за набавка и за управување со синџирот на снабдување, кои се усогласени со нашата посветеност за управување со заштитата на животната средина, општествената одговорност, со економската одржливост, политиката за безбедност и здравје при работа и со благосостојбата на вработените.

Со нашите одржливи практики ние го минимизираме негативното влијание врз животната и работната средина, како и врз нашите вработени и општеството, а истовремено поттикнуваме долгорочни позитивни односи со нашите добавувачи, поддржуваме социјална еднаквост и придонесуваме за економска благосостојба на сите засегнати страни.




повеќе инфо







# VI. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА И ПРЕТСТАВНИШТВА

# VI
# ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ ДРУШТВА И ПРЕТСТАВНИШТВА

АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2024 г. продолжи со започнатиот концепт на консолидација на својот ESG-извештај. За таа цел, во Скопје беше одржана работилница на тема „Подготовка на консолидираниот ESG-извештај на групацијата АЛКАЛОИД – практики, решенија и насоки“, на која беа поканети сите назначени ESG-офицери од капитално поврзаните друштва. Исто така, беа воспоставени директни канали на комуникација, односно беа дефинирани формите за собирање релевантни ESG-податоци од овие друштва за 2024 година.

Капитално поврзаните друштва и претставништвата на АЛКАЛОИД АД Скопје кои работат низ светот се со различна големина, волумен на работење и број на вработени, па затоа претставува голем предизвик сите потребни ESG-податоци да се соберат и да се обработат. Меѓутоа, ни причинува задоволство што во ESG-извештајот на АЛКАЛОИД АД Скопје продолжуваме со објава на сите релевантни ESG-податоци со кои располагаат капитално поврзаните друштва и претставништвата на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје и друштвата за 2024 година

| Индикатор | "АЛКАЛОИД АД Скопје - единечни резултати" | Капитално поврзани друштва * | "Групација - консолидирани резултати **" | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно создаден отпад | 828,45 | 169,97 | 998,42 | t | GRI: 306-3-a |
| Опасен отпад | 70,72 | 17,05 | 87,77 | t | GRI: 306-3-a |
| Неопасен отпад | 757,83 | 154,08 | 911,91 | t | GRI: 306-3-a |
| Рециклиран отпад + согорен | 696,18 | 138,80 | 834,98 | t | GRI: 306-4-a |
| Рециклиран отпад | 627,24 | 118,67 | 745,91 | t | GRI: 306-4-a |
| Депониран отпад | 132,27 | 16,97 | 149,24 | t | GRI: 306-5-a |
| Комунален отпад | 2.371,20 | 74,78 | 2.445,98 | t | GRI: 306-5-a |
| Површинска вода | 0,00 | 0,00 | 0,00 | ML | GRI: 303-3 |
| Подземна вода | 77,19 | 0,00 | 77,19 | ML | GRI: 303-3 |
| Вода добиена од трета страна | 222,44 | 3,05 | 225,49 | ML | GRI: 303-3 |
| Загуба на вода од трета страна | 144,59 | 0,97 | 146,57 | ML | GRI: 303-3 |
| Површинска вода + Подземна вода + Вода добиена од трета страна | 299,63 | 3,05 | 302,68 | ML | GRI: 303-3 |
| Вкупно набавена електрична енергија | 14.557,12 | 3.996,70 | 18.553,82 | MWh | GRI-302-1 |
| Набавена електрична енергија од обновливи извори | 8.151,99 | 202,07 | 8.354,07 | MWh | GRI-302-1 |
| Произведена електрична енергија од обновливи извори | 2.024,00 | 0 | 2.024,00 | MWh | GRI-302-1 |
| Вкупно течно гориво | 63.988,00 | 204.878,82 | 268.866,82 | L | GRI-302-1 |
| Набавено гориво од обновливи извори | 0,00 | 0,00 | 0,00 | L | |
| Natural gas | 2.159.299 | 2784,3 | 2.162.083 | Nm3 | GRI-302-1 |
| Био или обновлив природен гас | 0,00 | 0,00 | 0,00 | Nm3 | GRI-302-1 |
| Емисии од стационарни извори – Опсег 1 | 4.525,26 | 4,35 | 4.529,61 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од мобилни извори – Опсег 1 | 285,17 | 1.070,37 | 1.355,54 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од ладилна опрема – Опсег 1 | 73,05 | 0 | 73,05 | t CO2 eq | GRI-305-1 |
| Емисии од набавена електрична енергија – опсег 2 | 4.087,42 | 0,34285 | 4.087,76 | t CO2 eq | GRI-305-2 |
| Емисии од изнајмени средства (изнајмена електрична енергија) – Опсег 3 | 5.959,74 | 1049,26 | 7.009,00 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од деловни патувања – опсег 3 | 77,03 | 162,75 | 239,78 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од патувања на вработени кон и од работно место – опсег 3 | 14,17 | 95,048 | 109,218 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| "Upstream" транспорт | 1.771,21 | 108,987 | 1.880,20 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавка на Капитални добра-Опсег 3 | / | / | 5.959,74 | t CO2 eq | GRI-305-3 |
| Емисии од набавени горива и енергенти- Опсег 3 | / | / | 1.370,22 | t CO2 eq | GRI-305-3 |

* Податоците во колоната: Капитално поврзани друштва се однесуваат на материјалните/значајните капитално поврзани друштва.
** Податоците во колоната: Групација - консолидирани резултати се однесуваат на АЛКАЛОИД АД Скопје и материјалните/значајните капитално поврзани друштва.

## Преглед на најзначајните ESG-индикатори на АЛКАЛОИД АД Скопје и друштвата за 2024 година

| Индикатор | АЛКАЛОИД АД Скопје - единечни резултати | Капитално поврзани друштва * | Групација - консолидирани резултати ** | Мерна единица | GRI/ останати ESG индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во компанија*** | 2.244 | 798 | 3.042 | број на вработени | останати ESG индикатори |
| Стапка на нововработени | 10,96% | 19,82% | 13,19% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Стапка на заминати од компанијата (turnover) | 2,53% | 12,05% | 4,76% | процент на вработени | GRI-401-1 |
| Просечен број на часови тренинг по вработен на годишно ниво | 172,39 | 28,87 | 100,63 | часови | GRI-404-1 |
| Вкупно ревидирани проценки на ризик на р. места | 29 | 63 | 92 | број на ревидирани проценки на ризик на р. места | GRI-403-2 |
| Вкупно пријавени избегнати несреќи | 38 | 0 | 0 | број на пријавени избегнати несреќи | GRI-403-2 |
| Склучени договори со здравствени установи за медицина на трудот | 4 | 8 | 12W | Број на договори со здравствени установи за медицина на трудот | GRI-403-3 |
| Вкупно извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | 2.020 | 233 | 2.253 | Број на извршени превентивни здравствени прегледи на вработени | GRI-403-3 |
